# ИЗЛЕЗ

## ВТОРА КНИГА МОЈСЕЕВА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2025

**ИЗЛЕЗ - ВТОРА КНИГА МОЈСЕЕВА**

Автор: Јиржи Москала

Број 3/2025

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Угнетување – историска заднина и раѓањето на Мојсеј ........ 7

2. Грмушката што горела ........................................................... 14

3. Тежок почеток ......................................................................... 21

4. Египетските зла ...................................................................... 28

5. Пасха ......................................................................................... 35

6. Преку Црвеното Море ............................................................ 42

7. Лебот и водата на животот .................................................... 49

8. Заветот на Синај ..................................................................... 56

9. Живот според Законот ........................................................... 63

10. Заветот и нацртот на светилиштето .................................. 70

11. Отпадништво и посредување .............................................. 77

12. „Покажи ми ја славата Своја“ ............................................. 84

13. Светилиштето ....................................................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови – јули ............................................................ 98

Утрински стихови – август ......................................................... 99

Утрински стихови – септември ................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата ............................................ 102

Текстови за вечерно богослужение ...........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ......................... 104

# ЕГЗОДУС – ПАТУВАЊЕ ВО ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА



Бог, откриен во Втората книга Мојсеева, е Бог полн со љубов кој во одредено време – преку своето моќно дејствување – му донел спасение и избавување на својот народ (1. Мојсеева 15,12-16). Излегувањето од Египет и преминувањето на Црвеното Море донеле голем пресврт и биле уникатни настани – Божји спектакуларни и чудесни дела. Ниту еден поголем или пославен настан не се случил во историјата на древниот Израел пред Крстот. Тоа е евангелие, но според Мојсеј.

Бог на чудесен начин и секогаш одново се кревал за да ја покаже својата грижа и заштита над Евреите, и покрај нивното постојано враќање на старото.

Неговата милост ги надминувала сите нивни сфаќања и чувства. Со Својата подадена рака, Господ го водел народот кон слободата. Тоа било чин без преседан. Таа неочекувана низа од божествени интервенции претставувала почеток на нивното обновено патување со Бога, патување од Египет (и на крајот) до Ханан.

Иако Мојсеј има важна улога во неговата книга Излез, таа не е книга за Мојсеј, туку за Бога – Бог на љубовта, вистината, правдата, слободата, простувањето, Бог кој на крајот отишол на крстот заради нас. Со проучување на 2. Книга Мојсеева, ние добиваме единствен увид во тоа каков е навистина нашиот Бог.

И каков е Тој навистина? Тој е Бог кој му бил верен на својот народ и покрај нивното неверство. Тој секогаш бил на нивна страна, дури и кога тие биле против Него. Тој секогаш одново им ја покажувал Својата милост, носејќи им охрабрување, поправање и божествено поучување. Водејќи ги на најдобар можен начин, Тој сакал тие доброволно, од љубов кон Него и кон Неговиот карактер, да Го обожаваат и да Го слушаат, а сето тоа за нивно лично добро.

Мојсеевиот Бог е Бог на заемните односи. Најважната Божја цел не била да постигне нешто или да исполни некоја агенда. Наместо тоа, Неговата примарна цел била да воспостави осмислен и целесообразен однос со Неговиот избран народ, Израел. Тој ги одвел на Синај за да го воспостави тоа длабоко заедништво.

Апостол Павле порачува дека она што му се случило на Божјиот народ во минатото претставува животна поука за нас, за ние денес да се поучиме од нивните грешки и верно да Го следиме Господа: „Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1. Коринќаните 10,11). Овие настани од минатото сега треба да ни послужат како опомена и извор на незаборавни поуки за нас. Ние треба да ги читаме, да ги проучуваме и да учиме од нив, бидејќи, колку и да се различни околностите, духовните принципи зад нив остануваат исти.

Нашиот план за проучување на Втората книга Мојсеева во текот на овие 13 седмици е јасно осмислен. Книгата е поделена на отсеци со различна должина (тематски групирани за полесна прегледност), наменети да се читаат во текот на следните седмици: (1) Ропството во Египет, раѓањето на Мојсеј и првите 40 години од неговиот живот (2. Мојсеева 1-2). (2) Мојсеевиот возвишен повик (2. Мојсеева 3-4). (3) Компликации: кога животот станува сè полош (2. Мојсеева 5-6). (4) Првите девет зла (2. Мојсеева 7-10). (5) Десетото зло и прославувањето на Пасха (2. Мојсеева 11-12). (6) Ослободувањето од Египет, искуството кај Црвеното Море (2. Мојсеева 13-15). (7) Патувањето до горага Синај (2. Мојсеева 16-18). (8) Дарот на Божјиот завет и Декалогот (2. Мојсеева 19-20). (9) Примена на Божјиот закон (2. Мојсеева 21-23). (10) Потврда на Заветот и давање на нацртот за светилиштето (2. Мојсеева 24-31). (11) Отпадот со златното теле и Мојсеевото посредување (2. Мојсеева 32). (12) Божјото самооткривање и Мојсеевото лице кое светело (2. Мојсеева 33-34). (13) Светилиштето е подигнато и посветено (2. Мојсеева 35-40). Секоја седмица ќе посветуваме внимание на клучните исечоци и настани од определените глави.

Милостивиот Господ нека нè благослови додека ја проучуваме оваа книга од пресудна важност, која нè потсетува на тоа дека Бог сака да го изведе Својот народ од ропство во слобода, од смрт во живот, од пустината до Новиот Ерусалим (Евреите 12,22).

*Јиржи Москала е професор по старозаветна егзегеза и теологија и декан на Адвентистичкиот теолошки факултет при Универзитетот Ендрјус.*

**Лекција 1**
**Од 28 јуни до 4 јули 2025**

# УГНЕТУВАЊЕ – ИСТОРИСКА ЗАДНИНА И РАЃАЊЕТО НА МОЈСЕЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 1,1-22; 1. Мојсеева 37,26-28; 1. Мојсеева 39,2.21; Дела 7,6; Галатјаните 3,16.17; 2. Мојсеева 2,1-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А по многу време, умре египетскиот цар. А синовите израелски уште офкаа од маките и викаа; и пискотот нивни од тешките маки дојде до Бога. И Бог го чу офкањето нивно, и се сети Бог на заветот Свој со Авраам, Исак и Јаков. И Бог погледна на синовите израелски, и се смили над нив“ (2. Мојсеева 2,23-25).**

Втората книга Мојсеева има сличен тон како многу извештаи за угнетените, запоставените, прогонуваните, експлоатираните и понижуваните. Затоа и денес луѓето кои се чувствуваат напуштени, заборавени и заробени можат да најдат надеж во неа, бидејќи истиот Бог што ги спасил Евреите може да ги спаси и нив.

Втора книга Мојсеева зборува за егзистенцијалните животни борби, за неправдите и искушенијата кои се дел од овој живот. Секој може да биде охрабрен од извештаите за Божјите интервенции во корист на неговиот напатен народ. Бог го слуша плачот на угнетените, ги гледа нивните борби, ги забележува нивните солзи и, во нивната агонија, доаѓа да им помогне.

Бог презема иницијатива за да ги избави оние што имаат доверба во Него. Ние едноставно треба да го прифатиме со вера она што Тој ни го нуди. Токму затоа треба да се проучува 2. Книга Мојсеева, бидејќи таа нè упатува на она што Исус го направил за сите нас. Тоа е книга за откупувањето, избавувањето и конечното спасение – сето она што, врз основа на нашата вера, ни припаѓа нам во Христа Исуса и она што Тој го обезбедил за нас.

Среде хаосот и темнината, ако нашите очи се вперени во Бога, можеме да го препознаеме Неговото присуство, грижа и помош, додека Тој нè води кон вечната „Ветена земја“.

# БОЖЈИОТ НАРОД ВО ЕГИПЕТ

Втората книга Мојсеева на еврејски се вика „шемот“, буквално „имиња“, во согласност со воведните зборови на тој древен документ. „Ова се имињата...“ – така започнува таа. Веднаш на почетокот се набројуваат имињата на патријарсите од семејството на Јаков.

**Прочитајте 2. Мојсеева 1,1-7. Која клучна вистина се наоѓа овде?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Книгата 2. Мојсеева започнува со потсетување на Божјиот благослов. Кога патријархот Јаков и неговото семејство се населиле во Египет, ги имало само 70 души (1. Мојсеева 46,27; 2. Мојсеева 1,5), но Израелците „се народија и се намножија, станаа многу, и се засилија многу, така што земјата се наполни со нив“ (2. Мојсеева 1,7). Во времето на Излезот имало „околу шестотини илјади пешаци мажи, не сметајќи ги тука децата“ (2. Мојсеева 12,37).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 1,8-11. Какви биле околностите во коишто живееле Израелците во време на Излезот?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Библискиот текст со темни бои ја опишува сторијата за децата на Израел во Египет. Книгата започнува со нивното ропство од страна на египетските надгледници и угнетувачка работа што Египќаните им ја наметнале на Евреите. Меѓутоа, таа сторија завршува со Божјото мирно и утешно присуство во шаторот за состанок (или скинија; заб. на прев.), во средиштето на израелскиот логор (видете 2. Мојсеева 40). И меѓу овие два спротивставени пола е опишана Божјата победа. Со тоа што го ослободил Својот народ од ропство, го раздвоил Црвеното Море и ја поразил најмоќната војска во тоа време, Бог ја покажал неговата спектакуларна победа над силите на злото.

Наративот парадоксално нагласува дека колку повеќе угнетувачите „ги мачеа, толку повеќе се множеа и се засилуваа така што Египќаните започнаа да се плашат од синовите на Израел.“ (2. Мојсеева 1,12). Односно, без оглед на човечките махинации, Бог е сè уште суверен и Тој ќе го спаси својот народ, дури и кога околностите изгледаат безнадежни, макар од човечка перспектива.

**Се појавил нов фараон кој не го познавал Јосиф. Како овој извештај ни покажува дека околностите, особено добрите, никогаш не треба да се сметаат како такви кои сами по себе да се подразбираат?**

# ИСТОРИСКА ЗАДНИНА

Кога припадниците на семејството на Јаков пристигнале во Египет, откако доживеале глад во Ханан (1. Мојсеева 46), египетскиот фараон бил пријателски расположен спрема Евреите благодарение на Јосиф и сето она што тој го направил за Египќаните.

„И уште му рече фараонот на Јосиф: ‘Еве, те поставувам денес тебе над целата египетска земја’ И го извади фараонот прстенот од раката своја и му го стави на Јосиф на рака, и го облече во облека од најфина ткаенина, и му стави златна веришка околу вратот. И заповеда да го возат во неговата втора кола, а гласник пред него да извикува: ‘Аврех!’ И го постави над целата земја египетска“ (1. Мојсијева 41,41-43).

**Кој бил клучот за неверојатниот успех на Јосиф во Египет по толку тешкиот почеток? (Прочитај 1. Мојсеева 37,26-28 и 1. Мојсеева 39,2.21.)**

___

___

Најверојатната историска заднина за сторијата за Јосиф е следна: новиот владетел од стихот 2. Мојсеева 1,8, „кој не знаеше за Јосиф“, е Ахмосе (1570 пр. н. е. – 1546 пр. н. е.). Следен бил Аменхотеп I (1546 пр. н. е. – 1526 пр. н. е.), владетел кој се плашел од Израелците и ги угнетувал. Подоцна, Тутмос I (1525 пр. н. е. – 1512 пр. н. е.) издал декрет да се убијат сите еврејски машки деца. Неговата ќерка Хатшепсут (1503 пр. н. е. – 1482 пр. н. е.) била принцезата која го посвоила Мојсеј за свој син. А Тутмос III (1504 пр. н. е. – 1450 пр. н. е.), кој извесно време бил ковладетел со Хатшепсут, е фараонот од 2. Мојсеева.

Егзодусот се случил, според најдобрите проценки, во март 1450 година пр. н. е. (видете: William H. Shea, „Exodus, Date of the“, *The International Standard Bible Encyclopedia,* стр. 230-238). За да го разберете времето на Излезот, проучете ги следните библиски текстови: 1. Мојсеева 15,13-16; 2. Мојсеева 12,40.41; Судии 11,26 и 1. Царевите 6,1 (видете и Дела 7,6; Галатјаните 3,16.17).

Првата глава од 2. Мојсеева опфаќа долг период – од времето на Јосиф, кога неговиот татко Јаков влегол во Египет со целото свое семејство, до смртниот декрет на фараонот. Иако има некои несогласувања во врска со точниот број на години, она што е важно е дека Бог не ги заборавил, дури ни тогаш кога Неговиот народ бил поробен во туѓа земја.

Односно, иако многу детали во врска со Евреите во Египет во тоа време остануваат скриени, барем засега (видете 1. Коринќаните 13,12), сликата за Божјиот карактер сепак блеска од страниците на таа книга, како и од целото Свето писмо. Колку и да изгледаат лоши работите, можеме да бидеме уверени дека Бог е секогаш тука и дека можеме да имаме доверба во Него, без оглед на околностите во коишто се наоѓаме.

# ЕВРЕЈСКИТЕ БАБИЦИ

Втората книга Мојсеева не може да се разбере без да се земат предвид учењата од 1. Мојсеева. Евреите се преселиле во Египет, и по еден период на голема благосостојба и мир, тие биле поробени.

Но Бог не го препуштил својот народ на нивните сопствени проблеми, иако понекогаш изгледало така. Нема сомнение дека многу Евреи очајувале во своите неволји. Сепак, во тие тешки моменти, Тој доаѓа да им помогне со Својата моќна рака. Нашиот Господ ги охрабрува Своите следбеници: „Повикај ме во својата неволја, ќе те избавам, а ти ќе ме прославиш“ (Псалм 50,15).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 1,9-21. Која клучна улога ја одиграле верните бабици, и зошто тие останале запаметени во историјата?**

___

___

Ниту еден фараон во 2. Мојсеева не се споменува по име. Сите тие едноставно ја носат титулата „фараон“, што значи „крал“. Египќаните верувале дека фараонот е бог на земјата, син на богот Ра (или Озирис или Хорус). Ра се сметал за највисоко египетско божество, како лично бог на сонцето.

Меѓутоа, и покрај сета своја моќ, овој „бог“ не можел да ги натера бабиците да постапат спротивно на нивните убедувања. Всушност, за разлика од неименуваниот фараон, бабиците се спомнуваат по име, како што се Сефора и Фува (2. Мојсеева 1,15). Ним им се покажува голема почит затоа што се плашеле од Господа. Злобната наредба на фараонот немала никакво влијание врз нив, бидејќи тие го почитувале Бога повеќе од заповедите на земниот владетел (видете и Дела 5,29). Затоа Господ ги благослови со многудетни семејства. Какво силно сведоштво за верност! Овие жени, колку малку и да знаеле од теологијата, не само што знаеле што е правилно, туку и решиле да го извршуваат она што е правилно.

Кога фараонот видел дека неговиот заговор пропаднал, им наредил на Египќаните да ги убијат сите машки бебиња родени меѓу Евреите. Тие требало да бидат фрлени во реката Нил, веројатно како жртва на Хапи, богот на Нил како и на богот на плодноста. (Ова е прв забележан пример Евреи да бидат убиени само затоа што биле Евреи.) Целта на овој смртен декрет била да се потчинат Евреите, да се истребат сите машки потомци и да се асимилираат жените во египетскиот народ, и со тоа да се стави крај на заканата која Евреите, според верувањето на фараонот, ја претставувале за неговиот народ.

**Бабиците не само што знаеле како треба правилно да постапат, туку така и постапувале. Која очигледна порака се наоѓа за нас овде?**

# МОЈСЕЈ Е РОДЕН

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 2,1-10. Каква улога играат Божјото провидение и заштита во извештајот за раѓањето на Мојсеј?**

---

Историската заднина на раѓањето и животот на Мојсеј е многу возбудлива, бидејќи тој живеел во периодот на познатата 18-та египетска династија. Еден од владетелите од таа династија – Тутмос III, познат како „Наполеон од Египет“ – се смета за еден од најпознатите фараони на древниот Египет.

Иако бил роден во времето кога бил издаден смртниот декрет (видете: 2. Мојсеева 1,22), Мојсеј бил „посебен“ син (во други преводи „убав“, „красен“; еврејски: *tob,* буквално: „добар“; 2. Мојсеева 2,2). Еврејскиот израз опишува нешто повеќе од надворешна убавина. Овој збор се користи, на пример, за да се опише Божјото дело за време на седмицата на создавањето, кога Тој изјавил дека сè е „добро“, па дури и „многу добро“ (1. Мојсеева 1,4.10.31).

Како ново создание, тоа „добро“ дете, според Божјиот план, ќе стане возрасен човек кој ќе ги изведе Евреите од нивното ропство. Кој би можел да ја предвиди иднината на тоа бебе при неговото раѓање, особено под такви околности? Но, и покрај сè, Бог ќе го исполни словото што им го дал на Аврам, Исак и Јаков. Тој им се заветувал дека на нивните потомци ќе им ја даде Ветената земја како нивна сопственост (2. Мојсеева 2,24.25). И навистина, стотици години подоцна, Тој го употребил тоа „добро“, *tob* новороденче, за да го направи токму тоа.

А пред тоа, египетската принцеза Хатшепсут го посвоила Мојсеј како свој син. Името дадено на Мојсеј е од египетско потекло и значи „син“ или „роден од“, како што се гледа во имињата Ах-мосе („син на Ах“) или Тут-мосе („син на Тот“). Затоа, неговото име е преведено на еврејски како Моше, што значи „извлечен“, бидејќи неговиот живот на чудесен начин бил поштеден кога бил „извлечен“ од реката.

За неговиот ран живот знаеме само неколку детали. Откако бил спасен на чудесен начин, и посвоен од Хатшепсут, Мојсеј ги поминал првите 12 години од својот живот со семејството во коешто бил роден (2. Мојсеева 2,7-9; Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 244 оригинал). Потоа го добил најдоброто египетско образование, сè со намера да биде следниот фараон на Египет (*Патријарси и пророци,* стр. 245 оригинал). Фасцинантно е што, на крајот, толку голем дел од неговото образование ќе се покаже како бескорисно, па дури и штетно за она што навистина е важно: познавањето на Бога и Неговата вистина.

**Колку од она што вие го учите, на крајот на краиштата, е неупотребливо за она што навистина е важно?**

## ПРОМЕНА НА ПЛАНОВИТЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 2,11-25. Кои настани се одиграле брзо и го промениле целиот правец на Мојсеевиот живот? Кои поуки можеме да ги извлечеме од овој наратив?**

___

___

Што ќе стори Мојсеј? Ќе подлегне ли на привлечностите на Египет и на задоволствата на дворскиот живот, или ќе поднесе тешкотии со својот народ кој се бори за опстанок? Настаните набрзо го принудиле да донесе одлука.

„И фараонот чу за ова, па сакаше да го погуби Мојсеј. Но Мојсеј избега од фараонот и отиде во мидјанската земја, и седна крај еден извор“ (2. Мојсеева 2,15).

По тоа убиство, Мојсеј навистина немал избор, барем кога станувало збор за останувањето во Египет. Според тоа, какви и да биле плановите за него, тој да се искачи на египетскиот престол и да стане „бог“, тие планови брзо биле прекинати. Наместо да стане бог, а притоа и лажен, Мојсеј ќе му служи на вистинскиот Бог. Меѓутоа, несомнено е дека во моментот кога побегнал, Мојсеј воопшто не знаел што го чека во иднина.

„Целата работа [во врска со убиството што го извршил Мојсеј] бргу се прочула меѓу Египќаните и, мошне зголемена, стигнала до ушите на фараонот. Тоа на царот му било претставено како настан од огромна важност. Мојсеј, наводно, имал намера својот народ да го поведе против Египќаните, да ја собори владата и самиот да седне на престолот; и затоа царството не може да биде сигурно додека тој е меѓу живите. Владетелот веднаш решил Мојсеј да умре. Но свесен за опасноста што му се заканува, Мојсеј побегнал во правец на Арабија“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 247 оригинал).

Мојсеј живеел 120 години (5. Мојсеева 34,7), а неговиот живот може да се подели на три дела од по 40 години. Своите први 40 години ги поминал во Египет, најголем дел во кралската палата. Следните 40 години ги поминал во домот на Јотор во мидјанската област.

Но, токму неговите последни 40 години го заземаат најголемиот дел од петте Мојсееви книги (и лекциите за ова тримесечје), а тие зборуваат за раното повикување на Израел да му сведочи на светот потонат во идолопоклонство, откривајќи ја природата и карактерот на вистинскиот Бог (видете 5. Мојсеева 4,6-8).

**Дали Божјиот план бил Мојсеј да го убие Египќанецот? Ако не, што нѐ учи овој наратив за Божјата способност да ја пресврти секоја ситуација и да ја употреби за свои цели? Како Римјаните 8,28 ни помага да ја разбереме оваа важна вистина?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Мојсеј“, стр. 241-251, која ќе ви даде значајни сознанија за делот од библискиот текст што го проучувавме оваа седмица.

Библискиот текст вели дека „бабиците се плашеа од Бога и не правеа така, како што им заповеда египетскиот цар, туку ги оставаа машките деца живи“ (2. Мојсеева 1,17). Елена Г. Вајт дава соодветен коментар за верноста на овие бабици и за месијанската надеж: „Им била издадена наредба на оние жени чиешто занимање им овозможувало спроведување на истата – сите еврејски машки деца да ги убиваат при самото раѓање. Поттикнувач на ова бил лично сатаната. Тој знаел дека меѓу Израелците треба да се роди еден кој ќе биде нивен Ослободител и се понадевал дека, поттикнувајќи го царот да им ги убива децата, ќе го оневозможи остварувањето на оваа божествена намера. Но овие жени се боеле од Бога и не се осмелувале да извршуваат еден толку свиреп налог. Нивната постапка му била по волја на Господа и Тој за тоа ги благословил“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 242 оригинал).

Добрата вест во сето ова е дека, и покрај плановите на сатаната, Бог надвладеал. Тој ги употребил своите верни луѓе за да го спречи непријателот. Ние живееме на територијата на нашиот непријател, кого Исус го нарекол „владетел“ или „кнезот на овој свет“ (Ефесјаните 2,2; Јован 14,30). Сатаната ја узурпирал таа положба, одземајќи му ја на Адам, но Исус Христос го поразил во својот живот, како и со неговата смрт на крстот (Матеј 4,1-11; Јован 19,30; Евреите 2,14). Иако сатаната е сè уште жив и активен, како што покажал неговиот обид да ги убие тие деца, неговото погубување е сигурно (Јован 12,31; Јован 16,11; Откровение 20,9.10.14). Добрата вест е дека тешкотиите во животот можат да се надвладеат со Божјата благодат (Филипјаните 4,13). Таа благодат е нашата единствена надеж.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто Бог дозволил Евреите да живеат во Египет и да бидат поробени? Зошто на Бога му требало толку време да интервенира во нивна полза? Имајте на ум, исто така, дека страдањето на секој човек трае само додека трае и неговиот живот. Односно, времето на страдање на народот било долго, но секој човек страдал само додека живеел. Зошто е важно да се направи оваа разлика кога се обидуваме да го разбереме човечкото страдање воопшто?**

**2. Задржете се малку повеќе на прашањето како Бог успеал да го употреби Мојсеевиот непромислен чин на убиство на Египќанецот. Да претпоставиме дека тој не го направил тоа. Дали ова би значело дека Евреите на крајот нема да побегнат од Египет? Објаснете го вашето мислење.**

Лекција 2
Од 5 до 11 јули 2025

# ГРМУШКАТА ШТО ГОРЕЛА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 18,3.4; 2. Мојсеева 3,1-22; 1. Мојсеева 22,11.15-18; 2. Мојсеева 6,3; Јоил 2,32; 2. Мојсеева 4,1-31; 1. Мојсеева 17,10.11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Господ му рече (на Мојсеј): ‘Ги видов страдањата на народот Мој во Египет, и го чув пискотот негов од надзорниците. Позната ми е маката негова. Па слегов да го избавам од рацете египетски, и да го изведам од таа земја и да го воведам во земја добра и пространа, во земја, каде што тече мед и млеко, во земјата на Хананците, Хитијците, Аморејците, Перизијците, Евејците и Јевусијците’“ (2. Мојсеева 3,7.8).**

Повикот што Бог ни го упатува често го менува правецот на нашиот живот. Меѓутоа, кога го следиме тој повик, откриваме дека Божјиот пат е секогаш најдобриот пат за нас. Но понекогаш – особено на почетокот – не е лесно да се прифати тој повик.

Таков бил случајот со Мојсеј и повикот што го добил од Бога, кој започнал на посебен начин со средбата со Господа кај грмушката што горела. Без разлика дали ги знаел законите за согорување или не, на Мојсеј му било јасно дека забележува чудо и тоа, секако, му го привлекло вниманието. Несомнено, Господ го повикувал на посебна задача. Сепак, прашање било дали Мојсеј ќе го прифати тој повик, со оглед на новата радикална промена што тоа ќе ја донесе во неговиот живот. На почетокот, тој не бил многу приемчив за идејата.

Можеби се сеќавате на некои случаи кога сте имале јасно поставени цели, но Бог ги пренасочил вашите планови. Вистина е дека можеме да бидеме од корист за Бога на многу начини, но одговарањето на Неговиот повик во нашиот живот и вршењето на она кон што Тој нè наведува, е секако патот во животот кој ни носи најголемо задоволство. Можеби не е секогаш лесно, исто како што не му било лесно на Мојсеј, но колку е неразумно да си одиме по својот пат кога Бог нè повикува во друга насока!

## ГРМУШКАТА ШТО ГОРЕЛА

Откако побегнал во Мадијам, Мојсеј имал релативно лесен живот. Тој се оженил, имал два сина, Герсом и Елиезер (2. Мојсеева 18,3.4) и станал дел од поширокото семејство на Јотор, неговиот свекор и мидјанскиот свештеник. Тој поминал 40 опуштени години како пастир, како Давид (2. Самоилова 7,8), уживајќи во Божјото присуство, а особено во начинот на кој тоа се открива во природата.

Меѓутоа, за Мојсеј, тоа не било време кога едноставно мирисал цвеќиња (или можеби, во овој случај, пустински кактус?). Тие години поминати во одење со Господа го промениле и го подготвиле за улогата – водач. Исто така, Бог го употребил Мојсеј за да ги напише таму, во тишината на пустината, под божествено вдахновение, двете најстари книги од Библијата: Книгата за Јов и 1. Мојсеева (видете: Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 251 оригинал; Francis D. Nichol, *The SDA Bible Commentary,* том 3, стр. 1140). Покрај тоа, тој добил клучни сознанија од Бога во врска со големата борба, создавањето, падот во грев, потопот, патријарсите и, што е најважно, со планот на спасение. Според тоа, преку Мојсеј, на целото човештво му било пренесено вистинското спознание за живиот Бог, нашиот Творец и Старател, како и знаењето за она што Бог го прави во поглед на гревот што предизвикал уништување и пустош на оваа планета. Библиската историја и историјата на спасението не би имале многу смисла без тој клучен темел што ни го дал Мојсеј под вдахновение, особено во книгата Битие (1. Мојсеева).

**Прочитајте 2. Мојсеева 3,1-6. Какво значење се крие во фактот што Господ му се претставил на Мојсеј како „Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов“?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Мојсеј видел дека грмушката гори но не согорува, и од тоа знаел дека е сведок на чудо и дека нешто драматично и важно се случува токму тука пред него. Кога се приближил, Господ му рекол да ги соблече обувките во знак на најдлабока почит, бидејќи Божјото присуство го правело тоа место свето.

Господ му се претставил на Мојсеј како „Бог Аврамов, Бог Исаков и Бог Јаковов“ (2. Мојсеева 3,6). Тој им ветил на тие патријарси дека нивните потомци ќе го наследат Ханаан, нешто што Мојсеј секако знаел. Така, дури и пред да зборува, Бог веќе му овозможил на Мојсеј да разбере што ќе следи и која клучна улога тој треба да ја одигра.

**А Мојсеј морал да наполни 80 години пред Бог да го смета подготвен за својата задача. Што може да нè научи оваа вистина за трпението?**

## АНГЕЛ ГОСПОДОВ

„Ангел Господов“ му се јавил на Мојсеј во запален оган „од една капина“ (2. Мојсеева 3,2). Лично Господ Исус му проговорил на Мојсеј од „капина во пламен“ (2. Мојсеева 3,4).

Немојте да ве збуни називот „ангел Господов“ како начин на претставување на Исус Христос. Самиот израз *анѓел* едноставно значи „гласник“ (еврејски: *mal'akh*), и секогаш зависи од контекстот дали тој ангел треба да се сфати како човечко или божествено битие (видете: Малахија 3,1). Во Библијата има многу случаи каде што терминот „ангел Господов“ се однесува на божествена личност (проучете ги, на пример, следните текстови: 1. Мојсеева 22,11.15-18; 1. Мојсеева 31,3.11.13; Судии 2,1.2; Судии 6,11-23; Захарија 3,1.2). И не само што овој ангел Господов зборува во името Господово, туку Тој е Самиот Господ. Исус е Божјиот гласник кој ни го пренесува Словото на Отецот.

**Прочитајте 2. Мојсеева 3,7-12. Како Бог му објаснил на Мојсеј зошто сакал да интервенира во полза на Израелците поробени во Египет?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Страдањето на Божјиот народ во Египет е живописно прикажано како *воздивнување* и силно пекање за помош. Бог ги слушнал нивните воздишки и обрнал внимание на нив (2. Мојсеева 2,23-25). Тој ги нарекол „свој народ“ (2. Мојсеева 3,7). Тоа значи дека, дури и пред Синај и официјалната потврда на заветот, тие биле Негов народ, и Тој ќе се погрижи тие да живеат и да напредуваат (ако бидат послушни) во хананската земја, како што им ветил на нивните татковци.

Бог му рекол на Мојсеј дека го испраќа кај фараонот со посебна задача: „А сега појди – Јас те испраќам кај фараонот, (египетскиот цар,) за да го изведеш од Египет народот Мој, синовите израелски“ (2. Мојсеева 3,10). Повторно Бог ги нарекува „народот Мој“.

Каква ли само задача изнел Бог пред својот слуга! Затоа Мојсеј одговара со прашањето: „Кој сум јас? Односно, сфаќајќи го значењето на она што ќе се случи и каква улога треба да има самиот тој во сето ова, Мојсеј се прашува зошто некој како него би бил избран за тоа. Така, веќе овде, на почетокот на нарацијата, имаме навестување за неговиот карактер, неговата понизност и неговото чувство дека е недостоен за она што е повикан да го прави.

**Зошто понизноста и чувството за сопствената „недостојност“ се толку важни за секој оној што сака да го следи Господа и да направи нешто за Него?**

# ИМЕТО ГОСПОДОВО

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 3,13-22. Зошто Мојсеј сакал да го дознае Божјето име, и какво е значењето на Неговото име?**

___

___

Бог му се претставил на Мојсеј како „*'ехејех 'ашер 'ехејех*“, што буквално значи „Ќе бидам тој што сакам да бидам“ или „Јас сум тој кој сум“. Во стихот 2. Мојсеева 3,12, Бог го користи истиот глагол *„ 'ехејех“* како во стихот 14, кога му вели на Мојсеј „Јас ќе бидам со тебе“. Тоа значи дека Бог е вечен. Тој е и трансцедентен и иманентен Бог и живее „со оние што имаат скршено срце и понизен дух“ (Исаија 57,15).

Божјето лично име, „Јахве“ (кое вообичаено се преведува како „Господ“ во современите Библии), на Божјиот народ му било познато од самиот почеток, иако не го знаеле неговото подлабоко значење. Мојсеј го знаел и името Јахве, но, како и другите, не го знаел вистинското значење на тоа име. Неговото прашање: „Како ти (Му) е името?“ – всушност се однесувало на тоа подлабоко значење.

Еден корисен совет се наоѓа во 2. Мојсеева 6,3, каде што Бог изјавува: „Јас им се јавував на Авраам и Исак и Јаков како Ел-Шадај (Семоќен), а со името Мое ,Јахве' не сум им се открил“ (2. Мојсеева 6,3). Ова не значи дека Адам, Ное, Авраам и другите патријарси не знаеле за името „Јахве“ (видете ги текстовите: 1. Мојсеева 2,4.9; 1. Мојсеева 4,1.26; 1. Мојсеева 7,5; 1. Мојсеева 15,6-8; итн.). Тоа, всушност, значи дека тие не го знаеле неговото подлабоко значење.

Неговото име, Јахве, укажува на фактот дека Тој е личен Бог, Бог на својот народ, Бог на заветот. Тој е близок, интимен Бог кој се меша во човечките работи. Семоќниот Бог (1. Мојсеева 17,1) е Бог кој на чудесен начин интервенира со својата сила. Но Јахве е Бог кој ја покажува својата морална сила преку љубовта и грижата. Тој е истиот Бог како и Елохим („моќен, силен, трансцедентен Бог“, „Бог на сите народи“, „Владетел на вселената“, „Создател на сѐ“), но различните аспекти на Неговиот однос спрема човештвото се откриваат во самото име Јахве.

Познавањето на Божјето име, па дури ни повикувањето на Божјето име, не е нешто магично. Станува збор за објавување на Неговото име, што вклучува поучување на други вистини за Бога и спасението што Тој го нуди на сите што доаѓаат кај Него со вера. Како што вели пророкот Јоил: „Секој што ќе го призовува името Господово, ќе се спаси“ (Јоил 2,32).

**На кои начини сте ја доживеале во вашиот живот блискоста и тесната поврзаност со Јахве, каква што Тој сака да ја има со сите што му се предаваат?**

## ЧЕТИРИ ИЗГОВОРИ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 4,1-17. Која низа знаци и чуда му дал Бог да ги изврши на Мојсеј за да ја зајакне својата позиција како Божји гласник?**

---

Мојсеј повторно се обидел да најде изговор да не ја прифати задачата на која Бог го повикал (видете 2. Мојсеева 3,11). Тој не сакал да оди во Египет и да се соочи со фараонот. На крајот на краиштата, тој веќе претрпел неуспех и порано кога се обидел сам да им помогне на Евреите. Згора на тоа, ниту неговиот сопствен народ не му верувал, ниту го прифаќал за свој водач. Токму затоа смислил и трет приговор: „А ако не ми поверуваат и не го послушаат гласот мој, туку ми речат – ‚Не ти се јавил Господ?‘ (2. Мојсеева 4,1)? Тоа не било прашање поставено за да се дознае нешто ново. Тоа било обид да се одбие одговорноста што Бог барал од него да ја прифати.

На Мојсеј му било речено да изврши два чудесни знака пред старешините на Израел, а подоцна и пред фараонот: (1) неговиот стап се претворил во змија, а потоа повторно во прачка, и (2) неговата рака станала лепрозна, а потоа веднаш била исцелена. И двете чуда имале за цел да ги убедат старешините дека Бог ќе дејствува во нивна полза. Но, ако не биде така, било дадено и трето чудо – претворање на водата во крв (2. Мојсеева 4,8.9).

И иако Бог му дал на Мојсеј способност да ги прави овие моќни чуда, тој сепак нашол уште еден изговор, четврти – тој не бил добар говорник.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 4,10-18. Како Господ му одговорил на Мојсеј, и какви поуки можеме да извлечеме од ова за себе, што и да е она за кое сметаме дека Бог нè повикува?**

---

---

Оваа серија од четири изговори укажува на двоумењето на Мојсеј да го следи Божјиот повик. Тој ја маскира својата неподготвеност да оди со „здраворазумски“ приговори. Првите три изговори се во форма на прашања: (1) Кој сум јас? (2) Кој си ти? и (3) Што ако не ми веруваат? А (4) четвртата забелешка е изјавата: „Не сум доброречив човек“. Бог реагира на сите нив и носи моќно решение. Како одговор на овие изговори, Бог дава многу охрабрувачки ветувања.

Потоа Мојсеј го изнесува својот петти и последен изговор, и отворено бара: „Те молам, Господи, избери друг, што ќе го испратиш“ (2. Мојсеева 4,13). Како одговор на ова, Бог му кажува дека веќе го испратил неговиот брат Арон да се сретне со него за да му биде поддршка. Конечно, Мојсеј без збор се согласува и бара благослов од Јотор пред да оди во Египет.

## ОБРЕЖУВАЊЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 4,18-31. Како ја разбираме оваа необична приказна и каква поука можеме да извлечеме од неа?**

Проучувачите на Библијата остануваат шокирани кога ќе прочитаат дека, откако Мојсеј го послушал и тргнал на пат назад во Египет, Господ „сакаше да го убие“ (2. Мојсеева 4,24). Од контекстот на тој наратив, очигледно е дека проблемот бил обрежувањето. Неговиот помлад син не бил обрежан како што барал Аврамовиот завет (1. Мојсеева 17,10.11).

Мојсеј, како водач на Божјиот народ, требало да покаже совршена покорност и послушност кон Бога, за да се оспособи да ги води и другите кон послушност. Тој морал да биде пример на таа целосна преданост на Бога. Неговата жена, Сефора, била личност од акција и го обрежала својот син за да го спаси животот на нејзиниот сопруг. Таа го допрела Мојсеј со крвава „плот“ и таа крв претставувала помирување, живот и запечатување на заветот. Фактот дека тоа било направено толку брзо, додава уште поголема драматичност на целата ситуација.

Од таа епизода може да се научи важна лекција – никогаш не пропуштајте да го правите она што знаете дека е правилно.

„На патот од Мадијам Мојсеј одненадеж и на страшен начин бил предупреден на Божјето нерасположение кон него. Му се јавил ангел во толку заканувачки став, како да сакал да го уништи веднаш. Не било дадено никакво објаснување, но Мојсеј веднаш се сетил дека занемарил едно од Божјите барања. Подлегнувајќи на убедувањето на својата жена, пропуштил да го обреже својот помлад син. Не го исполнил условот под кој неговиот син требало да го стекне правото на благословите на заветот склучен меѓу Бога и Израел; а ваквиот пропуст од страна на избраниот народен водач можел само да ја ослаби силата на божествените прописи во очите на народот. Плашејќи се мажот да не ѝ загине поради тоа, Сефора сама го извршила чинот на обрезанието, и ангелот веднаш го пуштил Мојсеја да оди по својот пат. Задачата што требало да ја изврши пред фараонот, Мојсеја го доведувала во мошне опасна положба; неговиот живот можел да биде сочуван само со заштита од светите ангели. Меѓутоа, додека не ја извршил занемарената должност за која знаел, не можел да биде сигурен, зашто во тој случај Божјите ангели не би можеле да го штитат“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 255, 256 оригинал).

**Што треба да ви каже овој наратив, ако сте навистина виновни за занемарување на нешто што знаете дека би требало да го правите? Какви промени треба да направите, и тоа токму сега?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Мојсеј“, стр. 251-256 (оригинал).

Драматичниот повик кај грмушката што горела веројатно било искуство на најголемо преобразување во животот на Мојсеј. Сите негови високи достигнувања во животот зависеле од позитивниот, послушен одговор на Божјата заповед да ги изведе Евреите од Египет и да ги одведе во Ветената земја.

Се разбира, сега знаеме како сето тоа испаднало на крајот. Но, ставете се себеси во положбата на Мојсеј во моментот кога горела грмушката. Тој побегнал од Египет за да си го спаси животот. Во текот на тие 40 години, на сцената стапила нова генерација Евреи, од кои многумина веројатно знаеле многу малку за него, или можеби она што го слушнале и знаеле било погрешно, проткаено со приказни кои се извртувале со текот на времето. Но сепак, сега Бог го повикувал да го изведе истиот тој народ од таа толку моќна земја!? Не е ни чудо што на почетокот се двоумел!

Да, тоа било исклучително напорна задача, но замислете што би пропуштил кога би кажал конечно „не“ на Бога. Можеби тој едноставно би исчезнал од историската сцена наместо – со силата на Божјото дејствување во него – буквално да создава историја и да стане еден од најголемите и највлијателните луѓе не само во Библијата, туку и во целиот свет.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во мирните години поминати во пустината, Мојсеј го направил она што Бог го повикал да го прави – живеел како семеен човек, се грижел за овците и, под Божја инспирација, напишал две библиски книги, пред да биде повикан да биде голем водач на Божјиот народ. Што нè учи искуството на Мојсеј за нашите должности во животот?**

**2. Може да се каже дека, површно гледано, изговорите на Мојсеј, сами по себе, биле сосема разумни, зар не? Зошто луѓето би ми верувале? Кој сум јас воопшто? Не умеам да зборувам добро. Како оваа сторија ни помага да научиме да веруваме во тоа дека Бог е во состојба да нè оспособи за она што Тој нè повикува да го правиме?**

**3. Задржете се повеќе на тврдењето изнесено во проучувањето од недела, во врска со Мојсеевото авторство на 1. Книга Мојсеева, и на тоа колку е важно тоа дело за разбирање на светата историја и планот на спасение. Зошто мора да се бориме против секој обид (а ги има многу) да се ослабне авторитетот на таа книга, особено со негирање на нејзината историска веродостојност, а особено нејзините први 11 глави?**

**Лекција 3**
**Од 12 до 18 јули 2025**

# ТЕЖОК ПОЧЕТОК



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 5,1-23; Откровение 11,8; 2. Мојсеева 6,1-13; Псалм 73,23-26; 2. Коринќаните 6,16; 2. Мојсеева 6,28-7,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А потоа Мојсеј и Арон дојдоа кај фараонот, па му рекоа: 'Вака вели Господ, Бог Израелов – ‚Пушти го народот Мој, да празнува празник во Моја чест во пустината.' Но фараонот рече: 'Кој е тој Господ, за да го послушам гласот Негов, и да ги пуштам синовите израелски? Не Го познавам тој Господ, ниту ќе го пуштам народот израелски'."**

Многу верници мислат дека кога некој ќе одлучи да го следи Бога, ќе доживува само среќа, просперитет и успех во животот. Меѓутоа, тоа не е нужно така, како што често покажува и самата Библија. Може да се појават многу пречки, но и нови тешкотии. Ова може да биде многу фрустрирачко, а може да покрене и тешки прашања на кои нема секогаш лесни одговори или, навидум, воопшто нема одговори.

Оние што веруваат во Бога ќе се соочат со бројни искушенија. Меѓутоа, кога сме истрајни, Бог носи решенија кои доаѓаат според Неговите услови и во Негово време. Неговите патишта може да се спротивни на нашите очекувања за брзи и моментални решенија, но ние мора да научиме да Му веруваме без оглед на сè.

Според тоа, темата за оваа седмица гласи: Мојсеј и заповедта да го изведе Божјиот народ од Египет – повик од Бога кој не можел да биде појасен. И навистина, тој повик бил проследен со чуда, како и со фактот дека сам Бог директно му зборувал на Мојсеј и му дал до знаење што точно очекува од него да направи.

На Мојсеј сигурно му било полесно да знае дека Бог го повикува и дека дури му дал и конкретна задача. Колку ли воопшто можело да му биде полесно?

Значи, требало да биде едноставно, зар не?

Продолжете да читате.

## КОЈ Е ГОСПОД?

Откако ги послушал Божјите наредби, Мојсеј оди кај фараонот за да го започне процесот во кој тој, Мојсеј, требало да го изведе „од Египет народот Мој, синовите израелски“ (2. Мојсеева 3,10).

**Каков бил одговорот на фараонот на Божјото барање „пушти го народот Мој“ (видете 2. Мојсеева 5,1.2), и какво значење се крие во тој одговор?**

---

„Кој е тој Господ?“ – прашува фараонот, не од некаква желба да Го запознае, туку напротив, како чин на пркос, па дури и негирање на тој Бог, за кого признава дека не го познава.

„Не го познавам тој Господ“, вели тој, речиси како да се фали.

Колку луѓе низ историјата го кажале истото? И колку е тоа трагично бидејќи, како што рекол и самиот Исус: „Ова е живот вечен, да те познаат тебе, единствениот вистински Бог, и Исус Христос, Кого си го испратил“ (Јован 17,3).

Египет, со фараонот како негов владетел, симболизира сила која го негира Божјото присуство и Неговиот авторитет. Тоа е ентитет што стои наспроти Бога, Неговата Реч и Неговиот народ.

Следната изјава на фараонот дека нема „да го пушти Израел“ дополнително го открива неговиот бунт против живиот Бог, правејќи го Египет уште повеќе симбол, не само на системот што го негира Бога, туку и на оној што се бори против Него.

Не е ни чудо што многумина го виделе истиот тој став, илјадници години подоцна, во Француската револуција (видете исто така: Исаија 30,1-3 и Откровение 11,8). Фараонот мислел за себе дека е бог или божји син – што во поширока смисла се однесува на верување во сопствената врвна моќ, сила и интелигенција.

„Од сите народи за кои нѐ известува библиската историја, Египет најбезочно се откажувал од Божјето постоење и се противел на неговите заповеди. Ниеден крал не се осмелил да подигне толку отворен и дрзок бунт против небесниот авторитет како што го сторил тоа египетскиот фараон. Кога Мојсеј му донел порака од Бога, тој горделиво одговорил: ‘Кој е Господ за да го послушам неговиот глас и да ги пуштам синовите Израелови? Не го познавам Господа, ниту ќе го пуштам Израел’ (2. Мојсеева 5,2). Тоа е безбоштво; и народот, претставен овде со Египет, исто така ќе одбие да ги признае Божјите барања и ќе покаже ист дух на неверство и пркос“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 269 оригинал).

**Ако некој ве праша: Дали го познавате Господа? – како би одговориле? Ако вашиот одговор е „Да“, што би рекле за тоа каков е Тој, и зошто мислите така?**

## ТЕЖОК ПОЧЕТОК

Иако Мојсеј уште од самиот почеток сигурно бил свесен дека задачата што му ја дал Бог нема да биде лесна (оттука и неговите обиди да се извлече од неа), тој веројатно не можел ни да претпостави што му претстои.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 5,3-23. Кои биле непосредните последици од првата забележана средба на Мојсеј и Арон со фараонот?**

---

---

Уште пред да отидат кај фараонот, Мојсеј и Арон ги собрале старешините и израелскиот народ, им ги пренеле Божјите зборови и им ги покажале Божјите знаци, а како резултат на тоа Израелците почнале да веруваат дека Господ ќе ги избави од нивното ропство. И така тие му се поклониле на Господа (2. Мојсеева 4,29-31). Очекувањата, секако, биле големи – Господ имал намера да го избави еврејскиот народ од египетското ропство – конечно!

Тогаш Мојсеј отишол кај владетелот на Египет со Божјите барања, а условите станале уште полоши за Израелците. Нивното страдање се влошувало, а нивната секојдневна работа станувала сè потешка и понапорна. Биле обвинети дека се мрзливи, со нив се однесувале уште построго, а нивната служба станала уште потешка отколку што била.

Израелските старешини не биле задоволни, а нивниот судир со Мојсеј и Арон бил непријатен. Тоа било (како што ќе видиме подоцна) едноставно навестување на таков вид на судир што Мојсеј ќе го има со својот народ во годините што ќе дојдат.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 5,21, а потоа ставете се во положбата на тие луѓе во мигот кога се соочиле со Мојсеј и Арон. Зошто го кажале тоа што го кажале?**

---

---

Не е толку тешко да се разбере зошто биле вознемирени поради Мојсеј („Бог нека види и нека ви суди“, рекле тие). Мислеле дека Мојсеј дошол да ги ослободи од Египќаните, а не да го направи нивниот живот под Египќаните уште потежок.

Така, Мојсеј и Арон, освен што се занимавале со Египќаните, морале да се занимаваат и со сопствениот народ.

**Како би можеле вие или некои други луѓе подобро да се носите со локалните црковни водачи кога ќе дојде до несогласувања, до кои неизбежно ќе дојде?**

## БОЖЕСТВЕНОТО „ЈАС“

Кутриот Мојсеј! Прво фараонот му упатува закани, а сега и неговите за малку ќе го проколнат.

И така, Мојсеј му ја изнесува својата жалба на Бога. Во својата огорченост и разочарување поради влошените услови на Израелците, тој прашува: „Тогаш Мојсеј се обрна кон Господ и рече: „Господи, зошто го воведе во неволја овој народ и зошто ме испрати мене? Зашто, откако излегов пред фараонот и проговорив во Твое име, тој уште полошо постапува со овој народ? Ти не го избави народот Свој!“ (2. Мојсеева 5,22.23) Незадоволството на Мојсеј од Господа е очигледно и, со оглед на ситуацијата, разбирливо.

Но Божјиот одговор е цврст. Тој ќе дејствува, и тоа многу решително. „Еве, ќе видиш што ќе му направам сега на фараонот“ (2. Мојсеева 6,1).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 5,22-6,8. Како Бог му одговорил на Мојсеј, и кои важни теолошки вистини се откриени тука?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог повеќе нема само да зборува. Тој сега моќно ќе интервенира во име на својот народ. Тој го потсетува Мојсеј на неколку значајни факти: (1) Јас сум Господ; (2) Јас им се јавив на патријарсите; (3) Јас го воспоставив мојот завет со нив; (4) Јас ветив дека ќе им ја дадам Хананската земја; (5) Јас го слушнав лелекот на синовите Израилеви; и (6) Јас се сетив на мојот завет да ви ја дадам Ветената земја.

Забележете го повторувањето на божественото „Јас“. Јас, Господ вашиот Бог, направив така и така, и затоа можете да имате доверба дека ќе го направам за вас она што го ветив.

Господ сега свечено изјавува дека ќе направи четири големи работи за Израел, бидејќи Тој е нивниот жив Господ: (1) „Јас сум Господ, ќе ве изведам од египетското ропство“; (2) „ќе ве избавам од насилството нивно“; (3) „ќе ве спасам со силна рака и со строга казна“; и (4) „Ќе ве земам за свој народ и ќе ви бидам Бог“ (2. Мојсеева 6,6.7).

Овие четири божествени дела го утврдуваат и повторно го воспоставуваат Неговиот однос со израелскиот народ. Бог е Предмет на сите овие активности, а Израелците се приматели на сите придобивки и благодати. Бог ги нуди овие дарови бесплатно, од љубов. Тој го правел тоа тогаш за нив, а тоа го прави и сега, за нас.

**Кои други библиски личности пекале пред Бога жалејќи се – и тоа со добра причина? Зошто е во ред, понекогаш, да ја излееме својата душа пред Бога, дури и да се жалиме за својата ситуација? Но, зошто секогаш мораме да го правиме тоа со вера и со надеж?**

## НЕОБРЕЖАНИ УСНИ

Господ навистина му дал на Мојсеј некои моќни ветувања за тоа што имал намера да го направи. Иако оваа средба сигурно го охрабрило Мојсеј, неговото охрабрување било краткотрајно, со оглед на одговорот што го добил од својот народ.

**Прочитајте 2. Мојсеева 6,9-13. Што се случило потоа, и какви поуки можеме да извлечеме од овој извештај за моментите на разочарувања и борби во нашиот живот?**

___

___

Евреите биле толку обесхрабрени од нивната болка, страдање и напорна работа што не ги слушале зборовите на Мојсеј кои ги уверувале дека Бог ќе работи на тоа да ги исполни Неговите ветувања. Тие чекале толку долго на ова, а нивните очекувања не се оствариле. Зошто сега би било поинаку? Ја губеле смелоста и надежта, а она што ги правело уште поогорчени е тоа што сега, веројатно за прв пат во својот животен век, гледале реална надеж за избавување.

Повторно, кој не бил во слична ситуација? Кој во одреден момент не се почувствувал депресивно, разочарано, незадоволно – па дури и напуштено од Бога?

Дали се сеќавате на сторијата за Јов? А што е со Асаф, псалмистот кој се борел со прашања во врска со благосостојбата на злите и страдањето на праведните. Сепак, и покрај своите борби, Асаф дал една од најубавите изјави на верата: „Јас сум секогаш со Тебе: Ти ми ја придржуваш десницата моја, ме водиш со советот Свој и ќе ме примиш во Твојата слава. Кого Го имам јас на небото освен Тебе? А кога сум со Тебе на земјата, ништо друго не барам. Може да изнемошти срцето мое и телото мое; но Бог е сила на срцето мое и наследството мое“ (Псалм 73,23-26).

Во текот на светата историја, Бог го уверувал Својот народ дека Тој е со нив (Исаија 41,13; Матеј 28,20). Тој им го давал Својот мир, Својата утеха и ги зајакнал да ги пребродат животните предизвици (Јован 14,27; Јован 16,33; Филипјаните 4,6.7).

Заветната формула, која гласи: „Ќе ве земам за свој народ и ќе ви бидам Бог“ (2. Мојсеева 6,7), укажува на тесен меѓусебен однос што Господ сакал да го има со својот народ.

**Размислете за таа изјава: „Ќе те земам да бидеш мој народ и ќе бидам твој Бог“ (2. Мојсеева 6,7). Иако контекстот е лично за Израел, како тоа се однесува на секој од нас поединечно, и како овој однос треба да се пројави во нашиот секојдневен живот? (Видете исто така 2. Коринќаните 6,16.)**

## КАКО БОГ НА ФАРАОНОТ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 6,28 – 7,7. Како Бог го решава приговорот на Мојсеј?**

Бог му се претставува на фараонот како Јахве, што значи дека Тој е личен и близок Бог, Бог на својот народ и Бог кој стапил во заветен однос со нив.

Овој личен и близок Бог повторно му заповедал на Мојсеј да оди и да разговара со фараонот. Поради недостаток на самодоверба, Мојсеј повторно упатува приговор: „Како ќе ме послуша фараонот?“ Тука повторно можеме да ја видиме понизноста на Мојсеј, но и неговата желба да се извлече од оваа задача која досега и не му одела баш најдобро.

„Кога Бог му наредил да се врати кај фараонот, Мојсеј покажал недоверба во себе. Изразот „*aral sepatauim* – буквално: ’необрежани усни‘, што овде се користи за да се изрази Мојсеевиот недостаток на говорничка вештина (2. Мојсеева 6,12.30), е сличен на изразот ’бавен во зборувањето‘ во 2. Мојсеева 4,10“ (*Andrews Bible Commentary: Old Testament, „Exodus“*; Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2020), стр. 205).

Бог, во Својата милост, го задолжил Арон да му помогне на Мојсеј. Мојсеј ќе разговара со Арон, кој потоа јавно ќе му се обрати на фараонот. Така, Мојсеј би ја играл улогата на Бог пред египетскиот владетел, а Арон би бил негов пророк.

Овој извештај дава одлична дефиниција за улогата на еден пророк. Пророкот е Божји гласноговорник. Тој или таа е Негов говорник кој им ги пренесува и толкува Божјите зборови на луѓето. Како што Мојсеј му зборувал на Арон, а потоа Арон тоа му го соопштувал на фараонот, така Бог комуницира со пророкот, кој потоа им го објавува Божјото учење на луѓето. Ова може да се случува вербално, лично. Или, како што најчесто се правело, пророкот примал порака од Бога, а потоа ја запишувал.

Бог, исто така, му објаснува на Мојсеј што може да очекува од неговата средба со фараонот. Тој го предупредува дека тој судир ќе биде напнат и долг. По втор пат, Бог му нагласува на Мојсеј дека фараонот ќе биде многу тврдоглав и дека Тој ќе му го стврдне срцето (2. Мојсеева 4,21; 2. Мојсеева 7,3). На крајот, резултатот сепак ќе биде добар, бидејќи „И ќе познаат сите Египќани дека Јас сум Господ“ (2. Мојсеева 7,5). Односно, дури и среде хаосот што ќе следи, Бог ќе се прослави.

**Така, на Мојсеј му снемало изговори да не го послуша она што Бог го повикал да го направи. Кои изговори можеби ние ги користиме за да се обидеме да се извлечеме од она што знаеме дека Бог сака да го правиме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го делот од главата со наслов „Египетските зла“, стр. 257-265 оригинал.

Видете колку лоши работи почнале да им се случуваат на Мојсеј и на неговиот народ откако тој првпат се појавил пред фараонот.

„Царот бил мошне возбуден и вознемирен, претпоставувајќи дека Израелците имаат намера со бунт да се ослободат од робувањето и од ропството. Според него, незадоволството било последица на безделничењето, па затоа сакал да им скуси секој миг од слободното време во кое би можеле да ги коват своите опасни планови. Веднаш презел мерки нивните окови уште повеќе да ги стегне за да се скрши и да се уништи нивниот независен дух. Истиот ден се издадени нови наредби кои уште посвирепо ја отежнале нивната и онака тешка работа. Најчесто употребуван градежен материјал во таа земја биле тулите сушени на сонце. Ѕидовите на најубавите градби се изградени од тој материјал, а потоа обложувани со камен; и за правење на тие тули биле користени многубројни робови. Бидејќи при изработката на тулите иситнетата слама или плева се мешани со кал за тулите да бидат цврсти, за таа работа биле потребни огромни количества слама. Тој ден царот наредил да не ги снабдуваат веќе со слама која сега сами работниците морале да ја набавуваат како што знаат, а сепак и понатаму да испорачуваат ист број тули како и до тогаш.

Таа наредба внела голема загриженост меѓу Израелците во целата земја. Египетските настојници поставиле одделни луѓе од Евреите за управители да ја надгледуваат работата и тие биле одговорни за работата на своите потчинети. Кога оваа наредба на царот стапила во сила, народот се разотишол по сета земја да корне стрниште наместо плева; но било неможно во исто време да го свршат и тоа и да направат ист број тули како и обично. За тој недостиг еврејските управители биле свирепо тепани“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 258 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Сетете се на некој момент кога сте го послушале Божјиот повик во вашиот живот, но тоа не испаднало добро, или барем не започнало добро. Кои лекции научивте од тоа искуство?**
2. **Раскажете им на другите како Бог интервенирал во вашиот живот кога сте се молеле за Негова помош, или кога не сте го очекувале тоа. Како да веруваме во Божјата добрина кога лоши работи им се случуваат дури и на оние кои имаат доверба во Него?**
3. **Што би му рекле на некој кој изјавува: „Не го познавам Господа“? Да претпоставиме, сепак, дека таа личност го кажала ова не од инает, туку како едноставен факт од нивниот живот. Како би ѝ помогнале на таа личност „да го запознае Господа“ и како би ѝ објасниле зошто е важно да го стори тоа?**

**Лекција 4**
**Од 19 до 25 јули 2025**

# ЕГИПЕТСКИТЕ ЗЛА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 7,8 – 10,29; 4. Мојсеева 33,4; Римјаните 1,24-32; Псалм 104,27.28; Исаија 28,2.12-17; Исаија 44,9.10.12-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И се ожесточи срцето фараоново, и тој пак не ги пушти синовите на Израел, како што беше рекол Господ преку Мојсеј“ (2. Мојсеева 9,35).**

Еден човек се обидувал да го натера своето магаре да почне да оди, но животното не сакало ни да мрдне. Затоа зел дебел стап и силно го удрил. Потоа повторно викал по магарето, кое тогаш почнало да се движи.

Кога некој го прашал зошто е тоа потребно, човекот одговорил: „Па, најпрво мора да му го привлечете вниманието“.

Оставајќи ги настрана сите спорни прашања што би можеле да се појават во врска со суровоста кон животните, тука треба да се истакне нешто, особено во контекст на излегувањето на Евреите од Египет. Мојсеј добил наредба да тргнат, и тој отишол кај фараонот со познатите Божји зборови, *shalah et ami*, што значи: „Пушти го народот мој!“

Меѓутоа, фараонот не сакал да го пушти Божјиот народ. Светото писмо никаде изречно не објаснува зошто фараонот бил толку упорен во тоа да не ги пушти, и покрај стравот на Египќаните од воената закана што Евреите би можеле да ја претставуваат (види 2. Мојсеева 1,10). Најверојатно, како што често се случува со ропството, тоа било чисто економско прашање. Тие биле евтина работна сила и тој не сакал да се откаже од економските предности што му ги овозможувале овие робови, какви и да биле тие. Затоа, било потребно извесно убедување, не само за да го привлече неговото внимание, туку и да го наведе да се премисли.

## БОГ НАСПРОТИ БОГОВИТЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 7,8-15. Кои поуки ги наоѓаме овде во првото соочување меѓу еврејскиот Бог и египетските богови?**

---

---

---

Претстојните битки ќе се водат меѓу живиот Бог и египетските „богови“. Она што ги направило работите уште полоши е тоа што фараонот се сметал себеси за еден од тие богови. Господ не се борел против Египќаните, па дури ни против самиот Египет, туку против нивните божества (Египќаните обожавале повеќе од 1.500 богови и божици). Библискиот текст е јасен: „Зашто ќе поминам низ земјата египетска таа ноќ, и ќе го убијам секој првороден во земјата египетска, од човек до добиток, и ќе им се одмаздам на сите египетски богови, зашто Јас сум Господ“ (2. Мојсеева 12,12). Ова подоцна е нагласено уште еднаш, овој пат како дел од прераскажувањето на патувањето на Израел од Египет: „Господ... изврши суд над нивните божества“ (4. Мојсеева 33,4).

Добар пример за таков суд врз нивните богови е чудото кога прачката се претвора во змија (2. Мојсеева 7,9-12). Во Египет, змијовидната божица Ваџет била оличена како кобра и ја претставувала суверената власт над Долниот Египет. Симболот на кобра се наоѓал на круната на фараонот, како знак на неговата моќ, божество, кралска положба и божествен авторитет, бидејќи оваа божица плукала отров врз своите непријатели. Исто така, Египќаните верувале дека светата змија ќе го пренесе фараонот во неговиот задгробен живот.

Кога стапот на Арон станал змија и ги изедел сите други змии пред фараонот, јасно се покажала надмоќта на живиот Бог над египетската магија и вражарство. Не само што бил поразен амблемот на моќта на фараонот, туку и Арон и Мојсеј го држеле во свои раце (2. Мојсеева 7,12.15). Тоа првично соочување ја покажало Божјата моќ и владетелство над Египет. Мојсеј, како Божји претставник, имал поголема власт над Египет од самиот фараонов „бог“.

Значајно е и тоа што древните Египќани сметале дека богот-змија Нехебкау („оној кој ги впрегнува духовите“) е свет и достоен за обожавање. Според нивната митологија, овој бог-змија имал голема моќ затоа што проголтал седум кобри. Значи, Бог им порачувал на Египќаните дека Тој, а не богот-змија, има суверена моќ и авторитет. По толку силно соочување, тие можеле брзо и јасно да ја разберат таа порака.

**Како можеме да дозволиме Господ да има суверенитет над кој било од „боговите“ кои се обидуваат да добијат превласт во нашиот живот?**

## КОЈ ГО ЗАКОРАВИЛ СРЦЕТО НА ФАРАОНОТ?

**Прочитајте 2. Мојсеева 7,3.13.14.22. Како ги разбираме овие текстови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Девет пати во 2. Мојсеева, стврднувањето на срцето на фараонот му се припишува на Бога (2. Мојсеева 4,21; 2. Мојсеева 7,3; 2. Мојсеева 9,12; 2. Мојсеева 10,1.20.27; 2. Мојсеева 11,10; 2. Мојсеева 14,4.8; видете и Римјаните 9,17.18). Уште девет пати за фараонот се вели дека сам го стврднал своето срце (2. Мојсеева 7,13.14.22; 2. Мојсеева 8,15.19.32; 2. Мојсеева 9,7.34.35).

Кој го закоравил срцето на владетелот – Бог или самиот фараон?

Значајно е дека во извештајот за Десетте зла во 2. Мојсеева, во врска со секое од првите пет зла, фараонот бил единствената причина за стврднување на своето срце. Според тоа, тој го иницирал стврднувањето на сопственото срце. Меѓутоа, од шестото зло па наваму, библискиот текст тврди дека Бог бил тој што го закоравил срцето на фараонот (2. Мојсеева 9,12). Значењето на сето ова е дека *Бог јавно го признал или го продлабочил сопствениот личен избор на фараонот, неговото самоволно дело, како што и му рекол на Мојсеј дека ќе направи* (2. Мојсеева 4,21).

Со други зборови, Бог ги испратил тие зла за да му помогне на фараонот да се покае и за да го ослободи од помраченоста и заблуденоста на неговиот ум. Бог не предизвикал никакво ново зло во срцето на фараонот. Напротив, Тој едноставно го препуштил фараонот на неговите сопствени злонамерни побуди. Тој го оставил без Божјата благодат, која требало да го обузда, и на тој начин го оставил да биде воден од неговата лична злоба (види Римјаните 1,24-32).

Фараонот имал слободна волја – можел да избере дали ќе биде за или против Бога – и избрал да биде против Него.

Поуките се очигледни. Нам ни е дадена способност да избираме меѓу доброто и погрешното, доброто и злото, послушноста и непослушноста. Од Луцифер на небото, до Адам и Ева во Едем, до фараоните во Египет и нас денес – каде и да сме, ние избираме живот или смрт (5. Мојсијева 30,19).

Размислете за следната аналогија: Замислете како сонцето ги фрла своите зраци врз путерот и глината. Путерот се топи, но глината се стврднува. Топлината на сонцето е иста во двата случаи, но има две различни реакции на таа топлина и два различни исходи. Влијанието зависи од својствата на примачот. Во случајот со фараонот, може да се каже дека тоа зависело од односот на неговото срце спрема Бога и Божјиот народ.

**Какви одлуки, врз основа на вашата слободна волја, ќе донесете во следните неколку дена? Ако знаете кој е вистинскиот избор, како можете да се подготвите да го направите?**

## ПРВИТЕ ТРИ ЗЛА

Десетте зла во Египет не биле насочени против Египќаните, туку против нивните богови. Секое од злата погодило барем еден од нив.

**Прочитајте 2. Мојсеева 7,14-8,19. Што се случувало за време на тие зла?**

___

___

___

Бог го упатил Мојсеј дека дијалогот со фараонот ќе биде тежок и речиси невозможен (2. Мојсеева 7,14). Сепак, тој сакал да им се открие на фараонот и на Египќаните. Затоа решил да комуницира со нив на начин кој тие можеле да го разберат. Освен тоа, и Евреите ќе имаат полза од ова соочување, бидејќи ќе дознаат нешто повеќе за својот Бог.

Првото зло било насочено против Хапи, богот на реката Нил (2. Мојсеева 7,17-25). Животот во Египет целосно зависел од водите на Нил. Каде што имало вода, имало и живот. Водата била извор на животот, па затоа го измислиле својот бог Хапи и го обожавале како оној што дава живот.

Се разбира, само живиот Бог е Извор на животот, Творец на сите нешта, вклучувајќи ги и водата и храната (1. Мојсеева 1,1.2.20-22; Псалм 104,27.28; Псалм 136,25; Јован 11,25; Јован 14,6). Претворањето на водата во крв го симболизира претворањето на животот во смрт. Хапи не можел да обезбеди живот ниту да го заштити. Ова може да се постигне само со посредство на Господовата сила.

Тогаш Бог му дава уште една шанса на фараонот. Овој пат богот-жаба, Хекет, е директно предизвикан (2. Мојсеева 8,1-15). Наместо живот, Нил произвел жаби од кои Египќаните се плашат, ги презираат и од кои се гнасат. Сакале да бидат ослободени што е можно поскоро. Точното време во кое тоа зло е отстрането покажало дека Божјата сила стои и зад тоа зло.

Третото зло има најкраток опис (2. Мојсеева 8,16-19). Не е сосема јасно за каков вид инсекти (еврејски: *kinnim*) станува збор (болви, комарци, крлежи, вошки?). Ова било насочено против Геб, египетскиот бог на земјата. Од земниот прав (како ехо на библискиот извештај за Создавањето) Бог пуштил „мушички“ кои се рашириле низ целата земја. Неспособни да го повторат чудото (само Бог може да создаде живот), вражарите изјавиле: „Тоа е Божји прст!“ (2. Мојсеева 8,19). Меѓутоа, фараонот и понатаму одбивал да попушти.

**Замислете колку било тврдо срцето на фараонот. Повтореното отфрлање на Божјите поттици само ја влошило ситуацијата. Какви поуки може да извлече секој од нас, кога станува збор за постојаното отфрлање на Господовите поттици?**

## БУБАЧКИ, ДОМАШНИ ЖИВОТНИ И ЧИРЕВИ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 8,20 – 9,12. Како овој извештај ни покажува дека, колку и да е моќна појавата на Божјата моќ и слава, луѓето сè уште имаат слобода да Го отфрлат?**

---

Египетската божица Уатчит била божица на мувите (бубачките) и господарка на мочуриштата и барите. Богот Кепри (бог на изгрејсонцето, создавањето и повторното раѓање) бил прикажан со глава на бубачките скарабеј (лепешкар). Господ ги поразил тие „богови“. Во овој извештај (2. Мојсеева 8,20-24), додека Египќаните страдале, Евреите биле заштитени. Всушност, ниту едно друго зло не ги снашло.

Исто така, сето ова било Божји обид да му даде до знаење на фараонот, како што рекол: „За да познаеш дека Јас сум Господ (Бог) на (целата) земја“ (2. Мојсеева 8,22).

Така фараонот почнал да се пазари. Нема сомнеж дека притисокот растел. Сега тој бил подготвен да им дозволи на Израелците да му се поклонат на нивниот Бог и да Му принесат жртви, но само во египетската земја (2. Мојсеева 8,25). Меѓутоа, неговите услови не можеле да се исполнат, бидејќи животните се сметале за свети во Египет, а нивното жртвување би предизвикало насилство врз Евреите. Освен тоа, ова не бил Божјиот план за Израел.

Во меѓувреме, следното зло (2. Мојсеева 9,1-7) го погодува добитокот. Хатор, египетската божица на љубовта и заштитата, била прикажана со глава на крава. Богот-бик, Апис, исто така бил мошне популарен и високо почитуван во древниот Египет. Така, во тоа петто зло, поморот на египетскиот добиток, биле поразени уште некои од нивните главни божества.

Во шестото зло (2. Мојсеева 9,8-12) целосниот пораз на Изида, божица на медицината, магијата и мудроста, станува очигледен. Го гледаме и поразот на божествата како Секмет (божица на војната и епидемиите) и Имхотеп (богот на медицината и лекувањето). Се покажало дека тие се неспособни да ги заштитат сопствените поклоници. Иронично, сега дури и вражарите и бајачите биле толку погодени што не можеле да се појават на дворот, со што се покажале немоќни против Создателот на небото и земјата.

За прв пат во наративот за Десетте неволји, текстот вели дека „го ожесточи Господ срцето на фараонот“ (2. Мојсеева 9,12). Колку и да збунува оваа изјава, кога ќе се разбере во нејзиниот целосен контекст, таа уште еднаш открива дека Господ ќе ни дозволи да ги пожнееме последиците од нашето упорно отфрлање на Него и Неговите зборови.

**Проблемот на фараонот немал интелектуална природа. Тој имал доволно рационални докази за да донесе правилна одлука. Тоа, всушност, бил проблем на неговото срце. Што ни кажува ова за тоа зошто мора да го чуваме своето срце?**

## ГРАД, СКАКУЛЦИ И ТЕМНИНА

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 9,13 – 10,29. Колку биле успешни овие зла во намерата да го натераат фараонот да се премисли?**

---

Нут (или Нуит) била египетската божица на небото и често била прикажувана како таква која ги контролира настаните под небото и на земјата. Озирис бил бог на посевите и плодноста. Во Библијата, градот често се поврзува со Божјиот суд (Исаија 28,2.17; Езекиел 13,11-13). За време на ова зло, оние што го скриле својот имот во безбедно засолниште биле заштитени (2. Мојсеева 9,20.21). Така, сите биле ставени на тест: дали ќе веруваат во Божјото слово, и ќе постапат во согласност со него, или не?

Бог изјавува дека му дозволил на фараонот да преживее со цел целата земја да Го запознае  (2. Мојсеева 9,16). Владетелот на Египет сега признава дека згрешил, но подоцна повторно се предомислува.

Египетскиот бог на бурите, војната и хаосот бил наречен Сет. Заедно со Изида, тој се сметал за земјоделско божество. Шу бил богот на атмосферата. Серапис ја персонифицирал божествената величественост, плодноста, исцелувањето и задгробниот живот. Меѓутоа, ниту еден од египетските богови не можел да ги спречи Божјите судови (2. Мојсеева 10,4-20), бидејќи идолите се ништо (Исаија 44,9.10.12-17).

Фараонот бил поттикнат од неговите слуги да ги пушти Израелците да си одат, но тој повторно одбил. Понудил компромис, кој Мојсеј со право го одбил, бидејќи жените и децата се витален и нераскинлив дел од богослужението и верната заедница.

Конечно, Ра бил главниот египетски бог – богот на сонцето. Тот бил бог на месечината. Никој од нив не можел да обезбеди светлина. Фараонот повторно се обидел да се погодува, но залудно. Во Египет се спуштил тридневен период на темнина, но таму каде што живееле Израелците имало светлина. Раздвојувањето не можело да биде поспектакуларно.

Сепак, без оглед на ударите што ги претрпел неговиот народ, фараонот бил решен да се спротивстави и да не попушти. Иако не ги знаеме неговите подлабоки побуди, во некој момент тоа можело да стане чисто прашање на гордост. Колку и да биле силни доказите, колку и да било очигледно што се случува (дури и неговите слуги рекле: „До кога овој ќе нè измачува? Пушти ги луѓето и нека Му извршат служба на Господ, нивниот Бог. Не гледаш ли дека Египет пропаѓа?“ [2. Мојсеева 10,7]), и без оглед што исправната одлука била пред негови очи – по кратко колебање, фараонот сепак одбил да се покори на Божјата волја да го пушти народот да замине.

**Колку драматичен пример на изреката: „Пред погибел гордоста врви, и пред паѓање – надменоста“ (Мудри изреки 16,18).**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Египетските зла“, стр. 265-272 (оригинал).

„Бог дозволил неговиот народ да ја почувствува угнетувачката свирепост на Египќаните за да добие вистинска слика за понижувачкото влијание на идолопоклонството. Во своите постапки со фараонот, Бог ја покажал својата омраза кон идолопоклонството и својата решителност при казнувањето на свирепоста и угнетувањето... Не била потребна никаква натприродна сила за да се стврдне срцето на царот. Бог му дал на фараонот најубедливи докази за својата моќ, но владетелот упорно одбивал да ја прими светлината. При секоја пројава на бесконечната сила што ја отфрлил, тој станувал сè порешителен во своето опирање“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 268 оригинал).

„Сонцето и Месечината за Египќаните биле божества на кои им се клањале. Со ненадејната појава на оваа таинствена темнина биле поразени и поклониците и нивните божества пред Силата која се зазела за делото на нивните робови. Но колку и да била страшна, оваа казна претставува очигледен доказ за Божјата сомилост и за неговата несклоност кон уништување. Тој на Египќаните на овој начин им дал време за размислување и каење пред да го пушти на нив последното и најстрашно зло“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 272 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Позанимавајте се малку повеќе со тоа прашање – зошто фараонот си дозволил себеси толку да го закорави своето срце, што дури и кога бил соочен со она што морало да биде очигледен и правилен избор – „Пушти го народот Мој!“ – сепак одбил така да постапи. Како може некој толку многу да се залажува себеси? Какво предупредување треба да најдеме овде за себе, за тоа колку навистина можеме да станеме закоравени во гревот и да донесеме на крајот катастрофални одлуки, дури и кога правите одлуки и вистинскиот пат се постојано пред нас? Кои други библиски личности направиле ваква грешка? Сетете се, на пример, на Јуда.**
2. **Во еден момент, среде пустошот што го нанел врз неговата земја и својот народ, фараонот изјавил: „Сега згрешив; Господ е праведен, а јас и мојот народ сме виновни“ (2. Мојсеева 9,27). Иако тоа, во дадениот момент, било навистина чудесно признавање на гревот, сепак, како знаеме дека не било искрено?**

**Лекција 5**
**Од 26 јули до 1 август 2025**

# ПАСХА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 11,1-10; Михеј 6,8; 2. Мојсеева 12,1-30; 1. Коринќаните 5,7; 2. Мојсеева 13,14-16; Евреите 11,28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И кога ќе ве прашаат синовите ваши: ‚Каква ви е таа служба?' Одговорете: ‚Тоа е Пасхална жртва на Господ, Кој ги одмина куќите на синовите израелски во Египет, убивајќи ги Египќаните, а домовите наши ги зачува.'" – Тогаш народот, се наведна и се поклони. И отидоа синовите израелски и направија така: како што им заповеда Господ преку Мојсеј и Арон, така направија'" (2. Мојсеева 12,26.27).**

Наскоро требало да се излее десеттото и последно зло. Последното предупредување било дадено. Морало да се донесе конечна одлука. Тоа навистина било прашање на живот и смрт. Не бил загрозен само животот на поединецот, туку и благосостојбата на семејствата и на целиот народ. Фараонот и неговите службеници ќе бидат одговорни за судбината на многу луѓе, без разлика дали станува збор за живот или за смрт. Ставот на фараонот спрема израелскиот жив Бог ќе ја одреди не само неговата иднина, туку и иднината на неговиот народ.

Како се чувствуваме и што правиме кога сериозноста на ситуацијата тешко ќе нè притисне и кога треба да го избереме нашиот следен чекор и нашиот правец, избор што може многу да влијае на животот на многу други освен нас самите?

Бог е повеќе од подготвен да ни даде мудрост, разбирање и сила да го правиме она што е исправно (1. Коринќаните 1,30; Филипјаните 2,13).

Меѓутоа, проблемот е што ние, во нашите тврдокорни срца, не секогаш го сакаме она што е исправно. Знаеме што е тоа, но одбиваме да го направиме тоа. Во извештајот во 2. Мојсеева, одбивањето на еден човек да му се потчини на Бога, дури и кога ќе се соочи со несоборливи докази, довело до трагедија и на многу други, освен нему лично, како што, впрочем, често се случува.

## УШТЕ ЕДНО ЗЛО

Пророкот Амос изјавил дека „Господ Бог не прави ништо додека не им ја открие тајната Своја на Своите слуги – пророците“ (Амос 3,7), а преку пророкот Мојсеј му открил на фараонот што ќе се случи потоа. На фараонот му било дадено најсериозното предупредување. Тоа ќе биде праведен суд за гордоста, експлоатацијата, насилството и идолопоклонството – над сето она што, впрочем, ги предизвикало овие несреќи врз Египет.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 11,1-10. Какво предупредување дал Бог пред да го изврши судот врз Египет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог му дал на Египет време – три дена темнина (2. Мојсеева 10,23) – да размислува за неодамнешните настани и нивното значење. Тој, исто така, им даде последно, изречно предупредување, последна можност да го направат она што е исправно.

Но, 2. Мојсеева 11,8 вели дека „си излезе Мојсеј разгневен“. Зошто Мојсеј би заминал гневен? Најверојатно затоа што знаел дека трагедијата, десеттата чума, ќе погоди многу невини луѓе — а сето тоа поради тврдото срце на фараонот.

Исто така, бројот десет е значаен во библиската симболика. Десет претставува полнота, комплетност или довршеност. (Сетете се на Десетте заповеди како целосно откровение на божествениот морален закон.) Десетте зла на Египет укажуваат на потполн израз на Божјата правда, казна и одмазда.

Бог е Судија и Тој е против гордоста, неправдата, дискриминацијата, ароганцијата, експлоатацијата, суровоста и себичноста. Тој е на страна на угнетените, злоупотребуваните, експлоатираните и прогонетите. Бог ќе спроведе правда, што всушност е уште еден израз на Неговата љубов (видете ги следните стихови: Псалм 2,12; Псалм 33,5; Псалм 85,11; Псалм 89,14; Псалм 101,1; Исаија 16,5; Еремија 9,24).

И ние треба да дадеме сè од себе за да бидеме и праведни и полни со љубов. Сепак, лесно запаѓаме во крајности, одејќи од една во друга крајност. Понекогаш од „љубов“ замижуваме пред неправдите, на нешто што треба да се исправи. Или правдата ја спроведуваме ладно, како да е тоа нешто од челик. Ниту едната крајност не е исправна. Ова е идеалот: „О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ (Михеј 6,8).

**Ако не можеме да постигнеме совршена рамнотежа (а не можеме), зошто сепак е подобро да погрешиме на страната на милоста отколку на страната на правдата? И дали е тоа подобро?**

## ПАСХА

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 12,1-20. Кои конкретни упатства им ги дал Бог на Мојсеј и Арон пред Израел да го напушти Египет?**

---

Човек би очекувал Бог да им даде упатства на Мојсеј и Арон за тоа како да го организираат заминувањето од Египет – односно како да се подготват за бегството, особено кога станува збор за постарите, за мајките со мали деца, за животните итн. Меѓутоа, Божјото упатство изненадува – Тој им кажува како да ја прослават Пасха. Со други зборови, фокусот е на обожавањето, на славењето на Господа, кој се подготвувал да ги избави. Сѐ друго ќе си дојде во свое време.

Секое семејство требало да приготви по едно јагне, а ништо не требало да пропадне. Секој морал да ја изеде својата порција, а ако семејството не можело да го изеде целото јагне, требало да се здружи со друго семејство и да вечераат заедно.

**Прочитајте 2. Мојсеева 12,13.14. Што се подготвувал Господ да направи за нив кога ќе дојде последното зло? Што симболизира сето тоа?**

---

---

Излезот требало да се слави редовно секоја година, не само како сеќавање на некој настан од минатото и на она што Бог го направил за нивните предци, туку и како актуализирање (прикажување како сега да се случува) на Божјиот чин на ослободување за сегашната генерација. Тоа требало да биде свежо искуство за секоја група.

Стиховите 12 и 13 го објаснуваат значењето на Пасха: божествената осуда за уништување „ќе ве одминам“, ќе ги прескокне, ќе ги заобиколи Израелците. Затоа требало да ја одбележуваат Пасха – „Господово поминување“. На англиски, тој збор (Passover) е комбинација од два збора: „pass“ – помине или премине и „over“ – над, *ӣреку*, бидејќи уништувањето „поминало преку“, односно ги *ӣрескокнал*о или ги *заобиколило* израелските домови, чии довратници биле обележани со крвта на јагнето, знак на живот и спасение. На еврејски, името на овој празник е *Песах*, од глагол што значи „преминува преку“.

Прославувањето на Пасха требало да го потсети секој Израелец на Божјите моќни и милосрдни дела во полза на Неговиот народ. Оваа прослава придонела да се обезбеди нивниот национален идентитет и да се запечатат нивните верски убедувања.

**Зошто е толку важно секогаш да се сеќавате на доброто што Бог го направил за вас во минатото и да верувате дека Тој, исто така, ќе го прави најдоброто за вас и во иднина?**

## ПЕСАХ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 12,17-23. Каква улога одиграла крвта во прославувањето на овој нов празник?**

---

Крвта на животинската жртва е клучен елемент во таа прослава. Оние кои сакале да земат учество во таа гозба, ги намачкале довратниците на своите куќи со крвта на заклано јагне. На тој начин, тие ја покажале својата вера во Бога, надевајќи се во тоа дека Тој ќе ги избави од она со што ќе се соочат оние кои не биле покриени со таа крв.

Колку моќен израз на евангелието!

Пасхалното јагне морало да биде без мана, бидејќи укажувало на Исуса Христа, „Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!“ (Јован 1,29) Крвта на животното играла клучна улога – симболизирала заштита и била знак на живот во моментот на смртта.

„А крвта ќе ви биде знак на куќите, во кои ќе бидете: и кога ќе видам крв, ќе ве одминам, па нема да има меѓу вас помор, кога ќе ја казнам египетската земја“ (2. Мојсеева 12,13).

Целокупното евангелие било поврзано со празнувањето на Пасха, бидејќи упатувало не само на ослободувањето од ропството и заминувањето во Ветената земја, туку и на жртвата на Исуса Христа поради нашите гревови и на Неговите заслуги кои им се припишуваат на сите кои се покриени со Неговата крв.

Со векови подоцна, осврнувајќи се на оваа прослава, апостол Павле напишал: „Затоа, исчистете го стариот квас, та да бидете ново тесто, како што сте бесквасни; зашто Христос, Пасхата наша, беше жртвувана за нас“ (1. Коринќаните 5,7).

Квасецот се користел за подготовка на разни видови тесто. За прв пат се споменува во Библијата во врска со подготовката на бесквасен леб вечерта пред Израелците да го напуштат Египет. Квасецот требало да биде отстранет од нивните домови (2. Мојсеева 12,8.15-20; 2. Мојсеева 13,3-7). Во тој посебен контекст, квасецот бил симбол на гревот (1. Коринќаните 5,6-8). Затоа, за време на празникот Пасха, не било дозволено да се користи цела седмица.

Бесквасниот леб е симбол на безгрешниот Месија, кој ги победил сите искушенија и го дал својот живот за нас (Јован 1,29; 1. Коринќаните 5,7; Евреите 4,15). „Исоп“, натопен во крв, ја симболизирал Божјата благодат која очистува (Псалм 51,7). Накратко, во текот на целиот празник Пасха се открива Исусовото искупителско дело.

**Кога станува збор за тоа колку навистина е лош гревот, што нѐ учи фактот дека била потребна крвта на Исус, на Бога лично, за да нѐ откупи од гревот?**

## ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ФАКЕЛОТ

Псалмистот изјавува дека нашите деца можат да го запознаат Бога и Неговата грижлива љубов. „Од род во род ќе се фалат делата Твои и за силата Твоја ќе се прикажува" (Псалм 145,4). Едно семејство требало да му кажува на друго семејство за Бога, за Неговите чудесни дела и за Неговите учења, сѐ со цел да го пренесе библиското знаење на следната генерација.

**Прочитајте 2. Мојсеева 12,24-28. Која важна мисла се изнесува овде?**

---

Родителите биле првите учители во Израел и требало да им кажуваат на своите деца за Излегувањето од Египет. За ова не требало да се зборува само како историски настан од минатото, туку требало да биде изнесено како нивно лично искуство, иако тоа се случило многу порано. Со прославувањето на тој празник требало да се поистоветат со своите предци и таа историја повторно да се проживее и актуелизира. Таткото би рекол: „Бев во Египет, го видов поразот на египетските богови и на сите зла што го снајдоа Египет, и јас сум ослободен". Во 2. Книга Мојсеева, двапати е нагласено дека родителите треба да одговараат на прашањата на своите деца за Пасха (видете ги текстовите: 5. Мојсеева 6,6-8 и 2. Мојсеева 13,14-16).

Важно е да се забележи дека Израелците сѐ уште биле во Египет кога им било кажано да го прослават нивното ослободување од Египет. Затоа, целата прослава била чин на вера. Откако му било кажано ова, „народот, се наведна и се поклони" (2. Мојсеева 12,27) на својот Откупител. Потоа постапиле според упатствата што им биле дадени во врска со Пасха.

Во 5. Книга Мојсеева, Израелците се потсетуваат да ја изнесат својата сторија на таков начин што ќе можат да ја интернализираат (да ја пренесат на личен план) како сопствено патување. Забележете го колективниот тон на тој извештај, како и нагласокот на сегашното искуство: „Ти, пак, одговори и кажи пред Господ, твојот Бог: „Мојот предок беше Арамеец скиталец и отиде во Египет и се насели таму со мал број луѓе, и од него произлезе таму голем народ – силен и многуброен. И Египќаните постапуваа лошо со нас, нѐ притеснуваа и ни наложуваа тешка работа; тогаш ние завикавме кон Господ, Бог на нашите предци, и Господ го чу нашиот повик, и ја виде бедата наша, маките наши и неволјите наши; и нѐ изведе Господ од Египет: со силна рака, со голем ужас, со знаменија и чуда, па нѐ доведе на ова место и ни ја даде оваа земја – земја во која тече мед и млеко" (5. Мојсеева 26,5-9).

Исто така, прераскажувањето и повторувањето на извештајот за Пасха (или за кој било настан од светата историја) на нивните деца, во голема мера им помогнало на родителите да се потсетат што направил Бог за нив и за целиот народ. Да се зборува за тоа било исто толку важно за говорникот колку што било важно и за слушателите.

## БОЖЕСТВЕНИОТ СУД

**Во 2. Мојсеева 12,29.30 прочитајте за тоа како Бог ги убил првенците во Египет. Зошто Бог се фокусирал на првенците? (Видете и Евреите 11,28.)**

___

___

Последното египетско зло паднало на првороденците. Тоа бил божествениот суд за сите египетски богови и над сите семејства кои ги обожавале овие лажни богови, безвредни идоли кои, всушност, ги одразувале човечките страсти, желби и стравови.

Како што покажале претходните зла, овие идоли не биле способни да го спасат својот народ. Нивната безвредност станала уште поочигледна сега, за време на десеттото зло, кое им донело убедливо најголеми последици на Египќаните.

„Од едниот до другиот крај на големото египетско царство, гордоста на секое семејство била уништена. Низ воздухот се пронесувале пискоти и редење. Царот и дворјаните стоеле со бледи лица и со треперливи колена, вџашени пред страшниот настан“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 280 оригинал).

Фараонот ја претставувал врховната моќ како бог на Египет, а неговиот првенец се сметал за божји син. Изида била божица заштитничка на децата. Хекет била божица која ги посетувала жените при породување, а Мин бил богот на репродукцијата. Покрај тоа, имало неколку египетски богови на плодноста. Сите овие богови биле немоќни во споредба со живиот Господ. Мојсеј вели: „Кој е како Тебе меѓу боговите, Господи? Кој е како Тебе прославен во светоста Своја, прекрасен во славата Своја и Творец на чуда?“ (2. Мојсеева 15,11). Подоцна Јотор сведочел: „Сега знам дека Господ е поголем од сите богови, бидејќи го избави народот од египетското ропство, кога тие постапуваа многу сурово со него“ (2. Мојсеева 18,11).

Според 1. глава од 2. Мојсеева, Египќаните, по заповед на фараонот, ги убиле новородените синови на Израелците за да ги ослабат, покорат и понижат. И сега Божјата казна ги погодила првородените синови во Египет. Она што луѓето го сеат, тоа и го жнеат.

Нашите одлуки и нашето однесување носат последици. А болната вистина, која сите сме ја доживеале, е дека последиците од нашите погрешни постапки не ги трпиме сами. Понекогаш страдаат и многу други, дури и невини. Таква е природата на гревот.

**Во која смисла вие сте страдале поради гревовите на некој друг? Или, на кој начин другите страдале поради вашите гревови? Која е нашата единствена надеж?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци*, од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „За време на празникот Пасха“, стр. 273-280 (оригинал).

„Празникот Пасха требало да биде и спомен и симбол не само да потсетува на ослободувањето од Египет, туку и однапред да укажува на големото ослободување што ќе го изврши Христос, ослободувајќи го својот народ од ропството на гревот. Жртвеното јагне го претставувало ‘Божјето Јагне’ во кое се наоѓа нашата единствена надеж за спасение. Апостолот кажува: ‘Зашто и нашата Пасха се закла за нас, Христос’ (1. Коринќаните 5,17). Не било доволно само тоа што пасхалното јагне било заклано, туку со неговата крв морале да се испрскаат довратниците; така душата мора да ги прифати заслугите на Христовата крв. Не е доволно да се верува дека Тој умрел за овој свет, туку мораме да веруваме дека Тој умрел лично за нас. Заслугите на жртвата на помирување мораме да ги прифатиме лично за себе“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 277 ориг.).

До денешен ден религиозните еврејски семејства ширум светот ја слават Пасха, Песах. Тие имаат нешто што се нарекува „Пасхален седер“ („Седер“ значи „ред/уредување“) за време на кое се потсетуваат на Излезот, а потоа уживаат во посебен оброк како семејство. Неверојатно е што тоа се одржува, буквално, уште од времето на Излезот! Само седмиот ден, саботата, која религиозните Евреи исто така ја празнуваат, датира уште подалеку во минатото.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како да ја разбереме Господовата „правда“ при убивањето на првородените, од кои многумина секако биле „невини“? Како да го помириме ова со моќната реалност на Божјата љубов? Сетете се, исто така, и на потопот. Како да го разбираме тоа?**

**2. Кое е значењето на симболичката изјава дека верниците се покриени со Исусовата крв и дека Неговата крв ги чисти од секое беззаконие?**

**3. Прочитајте ги следните зборови: „Христовите следбеници мора да ги делат неговите искуства. Тие мора да ја прифатат и присвојат Божјата реч и целосно да се прилагодат кон неа така што таа да стане движечка сила на нивниот живот и на нивните постапки. Со Христовата сила тие мора да се преобразат во неговиот лик и да ги отсјајуваат божествените особини... Христовиот дух и Христовото дело мора да бидат дух и дело и на неговите ученици“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 278 оригинал). Како му дозволуваме на Христа да го оствари во нас она што е напишано тука?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 6**
**Од 2 до 8 август 2025**

# ПРЕКУ ЦРВЕНОТО МОРЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 12,31-36; Јаков 2,17-20; 2. Мојсеева 13,1-14,31; Евреите 11,22; 2. Мојсеева 15,1-21; Откровение 15,2-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Мојсеј му рече на народот: 'Не плашете се, застанете и ќе видите како Господ ќе ве спаси денес: Египќаните, како што ги гледате денес, нема повеќе никогаш да ги видите довека. Господ ќе се бори за вас, а вие бидете спокојни'" (2. Мојсеева 14,13.14).**

Излегувањето од Египет е најдраматичното и најславното искуство на Божјиот народ во Стариот Завет. Овој настан е божествен образец кој покажува како Бог ги поразил непријателите на Евреите и победоносно ги довел во Ветената земја. Тоа е исто така и симбол на спасението и откупувањето во Христа.

Од човечка гледна точка, Израеловите синови се нашле во очајна, дури и невозможна ситуација – ситуација од која тие, со свои сили, никако не можеле да се спасат. За да можат да се избават, бил неопходен божествен чин. Така е и со нас и со гревот: сами по себе се наоѓаме во безизлезна ситуација. Ни треба нешто уште подраматично дури и од Излегувањето од Египет. И тоа е она што сме го добиле – Христовиот крст и она што Христос го остварил на него за сите нас.

Од заминувањето на Израел од земјата Гесен (или Гошен), како што се спомнува во текстот 2. Мојсеева 12, до радосно отпеаната песна на Мојсеј, како што гледаме во текстот 2. Мојсеева 15, се нижеле неверојатни настани, настани кои го одземаат здивот. Божјите знаци, чуда и натприродни дела на избавување претставуваат кулминација на овие настани.

Но, дури ни тоа не може да се спореди со она што Христос го направил за нас на крстот, за што драмата опишана во 2. Мојсеева ни дала само слабо навестување.

## ОДЕТЕ, ПОКЛОНЕТЕ МУ СЕ НА ГОСПОДА

Ноќта за време на Пасха, божествениот суд паднал врз оние кои не биле покриени со крвта (2. Мојсеева 12,1-12). Никој не избегал благодарение на својата положба, образование, социјален статус или пол. Казната ги погодила сите семејства и поединци, од фараонот до робовите, па дури и првородените животни. Гордоста на Египет паднала во прашина.

**Прочитајте 2. Мојсеева 12,31-36. Какво чудно барање изнесува фараонот, токму во моментот кога им дава дозвола сите да си заминат?**

---

Колку е интересно што фараонот, говорејќи им на Евреите да одат и да му послужат на Бога, го додава ова барање: „Па и мене благословете ме!“

И мене благословете ме?

Зошто тој, владетелот на Египет, „бог“ на земјата меѓу својот народ, би барал такво нешто? Ова звучи како конечно да ја увидел моќта на еврејскиот Бог и посакал да извлече корист од тоа. Меѓутоа, како може Бог да го благослови кога бил потонат во бунт, тврдоглавост, грев и гордост? Се разбира, тој на крајот ја дал својата согласност, но тоа не било од потчинување на волјата на Јахве. Тоа било, всушност, поради поразот. Тој не се покајал – како што ќе откријат неговите подоцнежни постапки. Тој едноставно сакал да го запре пустошењето што го уништувало неговото кралство.

Фараонот бил понижен. И со оглед на трагичните околности предизвикани од најлошите од сите зла, тој му дал дозвола на Израел да го напушти Египет. Она што секој претходен пат одбивал да го одобри, без оглед на страдањата што неговите постапки му ги нанеле на народот, сега го дозволил.

А и египетскиот народ, се подразбира, копнеел Евреите да си заминат. Како што говореле: Ве молиме, одете, бидејќи „сите ќе изгинеме“.

Во меѓувреме, Бог се погрижил Израелците да не го напуштат Египет со празни раце, туку со работите што ќе им требаат за време на нивното патување, што на крајот ќе се покаже дека ќе потрае многу подолго отколку што очекувале. Египќаните им ги дале на Евреите овие драгоцени предмети само за што побрзо да си заминат надвор од земјата, но всушност тоа биле платите кои долго време им биле ускратувани за време на вековната ропска работа. И, секако, за Египќаните, таа цена за заминувањето на Евреите од нивната земја не била превисока.

**Колку пати сме се „покајале“ само поради последиците од нашите постапки, а не затоа што тие постапки сами по себе се погрешни? Зошто тоа не е вистинско покајание? Како можеме да научиме да жалиме и за оние гревови за кои, во извесна смисла, сме „се извлекле“, барем краткорочно?**

## ПОСВЕТУВАЊЕ НА ПРВЕНЦИТЕ

Ветеното време на откупување, или избавување, се приближувало. Народот морал да се подготви. Тие не само што требало да веруваат туку и да постапат во согласност со тие уверувања. Бог им кажал што треба да прават, а сега тие морале да го направат тоа во согласност со верата. Принципот за кој пишувал апостол Јаков, иако во сосема поинаков контекст, многу добро се вклопува овде: „И така, верата, ако нема дела, сама по себе е мртва?“ (Јаков 2,17-20)

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 13,1-16. Израелските првенци, по Божја благодат, биле поштедени за време на последното зло. Зошто оваа заповед била дадена за сите времиња, и што треба таа да значи за нас денес?**

___

___

___

Бог милосрдно ги заштитил семејствата на Израелците кои биле под крвта, затоа што тие, врз основа на својата вера, ги обележале нивните довратници. И сега дошле нови упатства од Господа, преку Мојсеј: „Посвети ми го секое првородено“ (2. Мојсеева 13,2). Овој закон важел за луѓето, како и за животните.

Начелото зад оваа заповед е дека сè му припаѓа на Бога, бидејќи Тој е наш Творец и Сопственик на сè што постои: „Господова е земјата и сè што ја исполнува, вселената и оние што живеат во неа“ (Псалм 24,1). „’Среброто е Мое и златото е Мое’ - вели Господ Саваот“ (Агеј 2,8). Израеловите првородени синови биле првите плодови на Божјите благослови, кои Тој им ги дал. Тие, исто така, биле знак на нивната целосна посветеност на Бога и разбирање дека сè што поседуваат доаѓа само од Него.

Исто така, овде ја гледаме идејата за искупувањето, за спасението. Првородените синови биле поштедени од смртта бидејќи биле покриени во крвта. Тие се откупени од смртта, како и сите оние кои се под Исусовата крв. Како што пишува и апостол Павле за Исуса: „Во Кого имаме откуп; и простување на гревовите“ (Колошаните 1,14).

Во меѓувреме, им биле дадени правила за тоа како треба да го извршат ова посветување во чест на своето ослободување од египетското ропство. Тие требало да жртвуваат животни, а своите синови да ги откупат (2. Мојсеева 13,12.13.15).

**Стихот 2. Мојсеева 13,16 зборува за тоа што требало да стават на своите раце и меѓу очите. На кој начин ова ја симболизира важната духовна вистина дека, колкава вера и да имаме, мораме и да постапуваме во согласност со таа вера?**

## ПРЕМИНУВАЊЕТО ПРЕКУ ЦРВЕНОТО МОРЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 13,17 – 14,12. Како Бог ги водел Израелците кога го напуштиле Египет, и што се случило потоа?**

---

Во согласност со Божјите упатства дадени на Мојсеј, Израелците го напуштиле Египет како добро организирана војска. Еврејските изрази *tsaba* и *makhaneh* говорат во прилог на овој опис, а преведени се како: „чети“, „војска“, „логор“, „војнички ред“ (2. Мојсеева 6,26; 2. Мојсеева 7,4; 2. Мојсеева 12,17.41.51; 2. Мојсеева 14,19.20; споредете со стихот 2. Мојсеева 13,18). Тие биле поделени во групи-одреди и марширале како војска. Подоцна, од моавските ридови Валаам го видел „Израел, како се беше сместил со племињата (логорите) свои“ (4. Мојсеева 24,2).

Меѓу другото, „ги зеде Мојсеј коските Јосифови со себе“ (2. Мојсеева 13,19). Ова е многу важен детал во текстот и го открива исполнувањето на Јосифовата вера во Божјите ветувања. Јосиф никогаш не ја изгубил од вид Ветената земја, иако уживал во полниот сјај и сите привилегии на Египет. Тој побарал неговите коски да бидат однесени во земјата Ханан (1. Мојсеева 50,24.25). Тој верувал дека Господ сигурно ќе ги посети Израелците во Египет и ќе ги однесе во таа земја, како што се заколнал (Евреите 11,22). По нивното пристигнување во Ханан, Израелците Јосифовите коски „ги погребаа во Сихем“ (Исус Навин 24,32).

Столбот од облак и столбот од оган биле видливи знаци на Божјото присуство меѓу Неговиот народ. Господ престојувал таму, а Тој исто така им зборувал од облакот (2. Мојсеева 14,24; 4. Мојсеева 12,5.6).

Во меѓувреме, фараонот ги открива вистинските мотиви на своето срце. Тој не е преобратен, и никогаш искрено не се покајал. Неговото барање Бог да го благослови било фарса, можеби дури и измама на сопственото срце. Тој ја собрал својата војска и тргнале во потера по избеганите робови. Колку ли само бил заслепен тој човек од гревот!

Кога народот видел како се приближува војската на фараонот, изговориле зборови и изразиле чувства кои подоцна ќе ги повторат многупати: „Зар немаше гробови во Египет, туку нè изведе овде да изгинеме во пустината? Што ни направи? Зошто нè изведе од Египет?“ (2. Мојсеева 14,11).

Така, дури и откако виделе таква драматична пројава на Божјата сила, вклучително и поштедувањето на сопствените првородени синови, луѓето и понатаму покажале неверојатен недостаток на вера.

**Сетете се кога вие последен пат сте се соочиле со некоја страшна ситуација. Која била вашата прва реакција – вера во Бога или недостаток на вера? Кои лекции требало да ги извлечете од таа ситуација, а кои би можеле да ви помогнат следниот пат кога ќе дојде до таква ситуација (а ќе дојде)?**

## МАРШИРАЊЕ СО ВЕРА

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 14,13-31. И покрај недостатокот на вера, што направил Бог за Израелците?**

---

Бидејќи со сето срце верувал во Бога и во Неговата Реч, Мојсеј го охрабрувал народот. Тој изложил четири клучни подробности за справување со тешки ситуации:

1. „Не плашете се" (2. Мојсеева 14,13). Првиот апел е да имаме доверба во Бога, бидејќи стравот само така може да се победи. Исаија нѐ потсетува на оваа вистина изјавувајќи дека верниците се во Божји раце и Тој ќе дејствува во нивна корист кога ќе го прифатат како свој Бог и Господар: „Не плаши се, зашто Јас сум со тебе; не вознемирувај се, зашто Јас сум Бог твој... Јас сум Господ, Бог твој; те држам за твојата десна рака, ти велам: 'Не плаши се, Јас ти помагам'" (Исаија 41,10.13).

2. „Застанете" (2. Мојсеева 14,13). Да се „застане" (или да се стои мирно; заб. на прев.) не значи само да престанете да мрморите и да очекувате големи работи, туку да се надевате во Бога и трпеливо да ја чекате Неговата моќна интервенција, бидејќи Тој сигурно ќе дејствува.

3. „Ќе видите како Господ ќе ве спаси денес" (2. Мојсеева 14,13). За да расте нашата вера, важно е да го препознаеме Божјото водство и Неговата поддршка и да бидеме благодарни за Неговата ветена помош. „Да се види" значи да се отворат нечии очи (затоа што неверувањето е слепо). Само Бог може да обезбеди победа, сигурност и спасение. Бог е секогаш на наша страна, се грижи за нас и ни го обезбедува она што ни треба во вистинското време.

4. „Господ ќе се бори за вас, а вие бидете спокојни" (2. Мојсеева 14,14). Ова укажува на она што Бог ќе го направи: Тој лично ќе се бори за својот народ. Голгота е конечниот доказ за таа реалност, бидејќи на крстот Христос го победил сатаната за да ни даде вечен живот (Јован 5,24; Евреите 2,14; Откровение 12,10.11). Подоцна, дури и Египќаните признале дека Господ се борел за Израелците (2. Мојсеева 14,25).

Божјата заповед упатена до Мојсеј била јасна: „Нека одат". Бог го откривал својот план на дејствување чекор по чекор: (1) Божјиот ангел и столбот од облак тргнале од предниот дел на израелскиот логор и застанале зад нив, заштитувајќи ги од египетската војска; (2) со вера Мојсеј морал да ја испружи раката над морето; (3) Господ ја разделил водата и ја исушил со силен ветер; и (4) резултатот бил тој што Израелците поминале безбедно низ средината на морето, на суво, на другата страна. Египќаните слепо ги гонеле, бидејќи не виделе дека Бог прави нешто извонредно за својот народ. Односно, тие не го виделе тоа додека не било предоцна, како што и признале во стихот 2. Мојсеева 14,25.

## ПЕСНАТА НА МОЈСЕЈ И МАРИЈА (МИРЈАМ)

Целата египетска војска била збришана. Никој не преживеал, вклучувајќи го и фараонот (види стих: Псалм 136,15). Тоа бил зачудувачки пораз за Египќаните и целосна победа за Божјиот народ. Не е ни чудо што низ историјата, па сѐ до денес, Евреите го раскажуваат овој настан.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 15,1-21. Која е содржината на песната на Мојсеј?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Оваа песна го фали Господ затоа што Тој е силен воин кој ги поразил оние што му се спротивставиле на Неговиот народ. Мојсеј лично ја разработува оваа тема, нагласувајќи дека Господ, неговиот Бог, е истовремено и негова сила, песна и спасение. Никој не е како Него, „славен по светост, страшен во пофалби и чудеса?“ (2. Мојсеева 15,11).

Песната на Мојсеј е целосно посветена на Бога, кој е Тој и што прави. Господ се велича, се фали и цени за извонредната работа што ја направил за својот народ. Благодарноста и обожавањето се природен одговор на Божјата добрина кон нас. Високото уважување на Неговата љубов е предуслов за енергичен духовен живот. Посебно се нагласува и слави Божјата постојана љубов, бидејќи Тој ќе го води народот што ги откупил и ќе го доведе во Неговото свето живеалиште. Мојсеј предвидува дека Бог ќе воспостави светилиште на горага на неговото наследство (2. Мојсеева 15,17), а сето тоа однапред укажува на Сион и на храмот во Ерусалим.

Во текстот Откровение 15,2-4, откупените ја пеат песната на Мојсеј и песната на Јагнето. Можете ли да замислите како ќе звучи тоа на небото, тоа прославување на Бога за Неговите големи и чудесни дела, величањето на Бога за Неговите праведни и вистински судови и фалење на Бога за Неговите правични дела и за Неговата светост?

Забележете го последниот стих од таа песна. „Зашто сите народи ќе дојдат и ќе се поклонат пред Тебе; бидејќи се појавија Твоите праведни судови!“ Односно, кога сите Божји судови – особено Неговите судови против злото и угнетувањето на луѓето, кои поминувале неказнето со илјадници години – ќе бидат јавно откриени, откупените од народот ќе Го фалат за тие судови.

**Имануел Кант рекол да, ако Бог е праведен, тогаш мора да има некој вид живот зад смртта. Зошто може да се каже дека оваа изјава е точна, и како можеме да научиме да веруваме дека еден ден правдата, којашто недостигала овде толку долго, навистина ќе дојде? Како да црпиме утеха од таа надеж?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Излегувањето од Египет“, стр. 281-290 (оригинал).

Бог бил со Израелците и покрај тоа што имале толку малку вера. Тој сакал да ги води и да ги учи како да размислуваат и да се однесуваат како Негов избран народ. Трпеливо ги водел и ги упатувал на места каде што ќе наидат на помалку предизвици. Елена Г. Вајт објаснува: „Израелците... не знаеле многу за Бога и нивната вера во него била слаба, па би се уплашиле и би ја загубиле храброста. Не биле вооружени и не навикнале на војна; храброста им била ослабена од долгото робување, а освен тоа, со себе воделе жени, деца и добиток“ (Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 282 ориг.).

Во врска со Мојсеевата песна, во еден библиски коментар читаме: „Сигурноста на тој Божји искупителен чин во историјата нѐ уверува дека нема од што да се плашиме за иднината. Последната строфа се сосредоточува на идните непријатели со кои ќе се соочат (Израелците) при освојувањето на Ханан. Поради дејствувањето на Божјата моќна ’рака‘, за нив е речено: ’Нека онемат како камен‘ (2. Мојсеева 15,16). Кога се соочуваме со невозможности, кога ќе се почувствуваме притиснати во ќош и не знаеме по кој пат да тргнеме, можеме да најдеме сигурност во ’Мојсеевата песна‘, затоа што таа го слави споменот на еден голем настан во историјата на Божјиот народ“ (*Andrews Bible Commentary, „Exodus*“; Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2020), стр. 214).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто толку често се наоѓаме во иста положба како и Евреите по нивното чудесно избавување од Египет, но пред предизвикот кај Црвеното Море? Односно, зошто, и покрај тоа што сме соочени со толку многу докази за Божјата добрина кон нас и за Неговата сила, сѐ уште толку лесно доживуваме, па дури и јавно го манифестираме недостатокот на вера?**
2. **Зошто фараонот продолжил да го гони Израел, дури и по сето она што се случило, вклучително и губењето на своите првородени синови? Како ова ни покажува колку е опасно за кој било од нас да стане закоравен во гревот (или спрема гревот)?**
3. **Иако сите одвреме-навреме се соочуваме со страшни икушенија, многумина од нас имале (и сѐ уште имаат) некои многу добри денови, некои многу убави моменти, кога ништо лошо не ни се случувало ниту нам ниту на нашите најблиски. Зошто тие моменти да не ги гледаме како доказ за Божјата благодат и заштита затоа што, во крајна линија, нам ни е јасно дека живееме на „непријателска“ територија? Со други зборови, зошто секогаш треба да се сеќаваме да го славиме Бога дури и во добрите времиња, со оглед на тоа дека никогаш не знаеме од какви неволји сме поштедени?**

**Лекција 7**
**Од 9 до 15 август 2025**

# ЛЕБ И ВОДА НА ЖИВОТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 15,22-16,36; 1. Мојсеева 3,1-6; 2. Мојсеева 17,1-7; 1. Коринќаните 10,4; 2. Мојсеева 18,1-27; 1. Коринќаните 10,11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Господ му рече на Мојсеј: 'До кога ќе се противите на заповедите Мои и на законот Мој? Ете, Господ ви дал денес сабота, затоа во шестиот ден и ви дава леб за два дена. Останете секој во својот дом, и во седмиот ден никој да не го напушта местото свое.' И се одмараше народот седмиот ден" (2. Мојсеева 16,28-30).**

Откако го напуштил Египет, Израел се нашол на непознат пат кон Ветената земја. Народот се соочил со напорно и долго патување и требало да научат мноштво нови лекции. Господ ќе ги води и ќе се грижи за нив. И, да – Тој сакал да им помогне да растат, но тие морале да се научат на дисциплина, самоконтрола, самопожртвуваност, несебичност, доверба во Господа, а особено на послушност.

Мојсеј бил видлив водач и народот морал да го следи него и неговото водство ако сакал да триумфира. За нив било од клучна важност да останат заедно, да соработуваат како заедница и да си помагаат едни на други. Имало многу пречки и предизвици пред нив. А и нивниот духовен раст во голема мера зависел од тоа како се справувале со тие предизвици и како одговарале на Мојсеј, особено кога предизвиците станувале големи.

Познатата кинеска изрека дека „патувањето од илјада милји започнува со еден чекор" можела целосно да се примени на нивната ситуација, и тие морале да се потпираат на Господовите упатства на секој чекор. Трагично е тоа што, како што ќе видиме, овие лекции не ги научиле лесно.

Но, впрочем, кој ги научил лесно?

## ГОРЧЛИВИ ВОДИ

Во библиските наративи, различните личности, добри или лоши, играле различни улоги, а од нас се очекува да посветиме посебно внимание на заплетот, местата, времето и негативците во сторијата. Меѓутоа, она што е најважно во секоја сторија, главно е разрешувањето на заплетот и поуките кои можат да се извлечат. Ни овие извештаи не се исклучок во таа смисла.

Како што покажуваат некои епизоди, Бог е миротворец и Оној кој ги решава проблемите. Меѓутоа, Неговата работа знае да се искомплицира поради неверувањето на народот. Поради нивното постојано негодување и непослушност, Евреите доживеале сериозни компликации, па дури и трагедии. Тие си навлекле многу тешкотии поради нивната недоверба и непокајание.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 15,22-27. По преминувањето на Црвеното Море, каква била заднината на првото направено чудо?**

Првиот тест за верата на Израелците е поврзан со потребата за вода, што не е изненадувачки, со оглед на суровата, жешка и сува пустинска средина. По три дена патување, народот конечно нашол вода, но таа не била за пиење. Мара значи „горчлива“, а бидејќи водата била горчлива, верата на Израелците во нивниот грижлив Господ брзо се поколебала. Меѓутоа, Бог реагирал сочувствително, и првото чудо било направено со помош на парче дрво. Се разбира, дрвото не ја направило таа вода слатка и питка, туку Господ. А народот морал да научи важни лекции: (1) дека е потребно трпение во чекањето на вистинскиот момент што Господ го одредил; и (2) дека Бог дејствува во соработка со луѓето.

Меѓутоа, Израелците толку многу нешта земале здраво за готово и брзо ги заборавале големите чуда што Бог ги направил за нив – чуда поради кои толку воодушевено Му пееле пофалби, изјавувајќи: „Кој е како Тебе меѓу боговите, Господи? Кој е како Тебе прославен во светоста Своја, прекрасен во славата Своја и Творец на чуда?“ (2. Мојсеева 15,11)

Сепак, дури и по нивното мрморење, Бог ветил дека нема да испрати на Израелците „ниедна од болестите“ (2. Мојсеева 15,26) што ги погодила Египќаните. Тој ќе ги заштити. Меѓутоа, исполнувањето на тоа ветување можеле да го доживеат само под услов да му останат верни.

**Какви искушенија и неволји вие сте си навлекле врз себе? Каква утеха може да ви даде сознанието дека Бог ќе продолжи да работи во ваша полза ако соработувате со Него?**

## ПОТПОЛОШКИ И МАНА

За жал, во овие поклонички стории постои образец на бунт што се повторува. Народот бил познат по тоа што лесно заборавал, кога станувало збор за тоа како Божјата моќна рака им помогнала во минатото и како Тој обезбедувал решенија за нивните проблеми. Тие дозволиле нивните моментални проблеми да ги заслепат за нивната крајна цел и за прекрасната иднина што им била ветена. Ова е вообичаен проблем меѓу Божјиот народ дури и денес.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 16,1-36. Што ги натерало Израелците да негодуваат, и што следело потоа?**

Важно е да се забележи дека искушенијата во Библијата често се поврзуваат со храната. Во Едемската градина, падот бил поврзан со јадење на плодот од забранетото дрво на спознанието на доброто и злото (1. Мојсеева 2,16.17; 1. Мојсеева 3,1-6). За време на Исусовото искушение во пустината, првиот напад на сатаната врз Него бил преку храната (Матеј 4,3). Исав го изгубил своето првородство поради неговиот недисциплиниран апетит (1. Мојсеева 25,29-34). Колку често непослушноста на Израел била поврзана со храна и пијалак! Не е ни чудо што Мојсеј ги потсетил подоцнежните генерации:

„Човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од устата Господова“ (5. Мојсеева 8,3).

Маната, се разбира, била небесниот леб со кој Бог ги снабдувал Израелците за време на нивното 40-годишно талкање во пустината. Преку тој дар, Бог ги учел дека Тој е Творец на сè и дека Тој обезбедува сè. Исто така, Бог го искористил ова натприродно снабдување со маната и за да им покаже како да го држат седмиот ден, саботата.

Секоја седмица се случувале четири чуда: (1) во текот на пет дена Бог им обезбедувал дневен оброк мана; (2) во петок се давало двојно повеќе мана; (3) маната не се расипувала од петок до сабота; и (4) маната не паѓала во сабота. Бог постојано ги изведувал тие чуда за народот да се сеќава на саботниот ден и да ја слави Божјата добрина во тој ден. Бог рекол: „Ете, Господ ви дал денес сабота“ (2. Мојсеева 16,29).

**На луѓето им се допаѓа да јадат. Ние сме биле создадени да ни се допаѓа да јадеме. Богатото изобилство храна што расте од почвата (нашата првобитна исхрана) открива не само дека Бог сака да јадеме, туку и да ни се допаѓа она што го јадеме. Меѓутоа, како овој добар дар, храната (и нашата наклоност да ја јадеме), може страшно да се злоупотреби?**

## ВОДА ОД КАРПА

Во пустина ви треба многу вода. Бог се погрижил за тој проблем, и покрај тоа што луѓето биле склони да се караат, да не му веруваат, па дури и да ја искушуваат Неговата способност и подготвеност да им даде вода. И во своето неверување, се потсетувале на Египет.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 17,1-7. Која поука требало да ја извлече народот од тој непријатен настан?**

---

Мојсеј го нарекол тоа место *Маса*, што значи „искушение“ и *Мерива*, што значи „кавга“. Господ им дал вода на Израелците и покрај нивното неверување. Затоа, овие две имиња требало да ги потсетуваат на тоа да не го искушуваат Бога и да не се расправаат со Него (Евреите 3,7.8.15). Тие сериозно го доведувале во прашање Божјото присуство меѓу нив, иако веќе виделе многу опипливи докази не само за Неговото присуство, туку и за Неговата сила и авторитет.

„Мојсеј удрил во карпата, но Божјиот Син бил Тој кој, обвиен со облак, стоел крај него и Тој ја извел животворната вода од каменот. Славата Господова ја виделе не само Мојсеј и Израелските старешини, туку и сиот народ што стоел на извесна оддалеченост. Да не бил облакот, тие сите би загинале од страшниот сјај на Оној кој бил во облакот“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 298 оригинал).

Водата е симбол на животот, бидејќи без вода нема живот. Секоја клетка во нашето тело има потреба од вода. Шеесет проценти од нашето тело се состои од вода. Дури и нашите коски се делумно составени од вода. Тоа што Бог обезбедил вода во пустината, за Израелците претставувало знак дека Тој се грижи за нивните потреби и дека можат да имаат доверба во Него. Но повторно, тие морале да бидат послушни.

Многу векови подоцна, апостол Павле, во 1. Коринќаните 10,4, ги потсетува верниците дека искуството на Израелците во пустината било единствено. Не само што Христос лично ги водел, туку Тој ги снабдувал со вода (Псалм 78,15.16) и ги задоволувал нивните други духовни и физички потреби. Затоа Павле изјавува: „А карпата беше Христос“. За нив Христос бил Извор на животот и Дарител на вечниот живот. Како што е карпата цврста, така и Бог цврсто го водел својот народ. Можеме да се потпреме на Него, бидејќи Тој никогаш не пропушта да ги исполни своите ветувања.

**Во врска со што, токму сега, треба да му верувате на Бога? Како можете да научите да се потчините на Неговата волја и да чекате Тој да дејствува во свое време? Зошто тоа не е секогаш толку лесно да се направи?**

## ЈОТОР

Мојсеј го посетил Јотор, неговиот дедо, кој исто така се викал и Рагуил (2. Мојсеева 2,18). Јотор ја зел со себе жената на Мојсеј, Сефора, и неговите два сина, Гирсам и Елиезер. Кога Мојсеј слушнал дека доаѓаат, излегол да ги пречека.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 18,1-27. Кои главни чекори во историјата на народот се одиграле таму?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Јотор дошол затоа што слушнал за Божјото неверојатно избавување на Израел. Мојсеј му кажал детално „сѐ што направи Господ со фараонот и со Египќаните поради Израелците, и за сите тешкотии што ги снајдуваа патем, и како Господ ги избави“ (2. Мојсеева 18,8).

Јотор ја фалел Божјата добрина и Неговото чудесно дејствување во корист на народот, велејќи: „Нека е благословен Господ, Кој ве избави од рацете египетски и од рацете фараонови и Кој го избави народот од власта на Египќаните! Сега знам дека Господ е поголем од сите богови, бидејќи го избави народот од египетското ропство, кога тие постапуваа многу сурово со него“ (2. Мојсеева 18,10.11).

Она што го гледаме овде е пример за тоа како Божјото дејствување меѓу Неговиот народ било сведоштво за светот, за тоа кој е вистинскиот Бог и што може да направи Тој за својот народ.

Во времето кога дознал за вистинскиот Бог, и самиот Јотор имал што да му понуди на Божјиот народ — мудар и корисен совет. Мојсеј требало да организира судски систем заснован на праведни и чесни принципи. Му требале и посветени и верни судии, луѓе од интегритет. Јотор мудро ги набројал следните квалификации: (1) луѓето кои се бојат од Бога; (2) кои се сигурни; и (3) кои мразат нечесна добивка. Способните луѓе со добар карактер требало да бидат поставени на различни единици од илјада, сто, педесет и десет луѓе. На овој начин, Мојсеевиот товар на управување би бил намален, и тој би можел да се сосредоточи на позначајни проблеми. И така народот би бил добро опслужен.

Мојсеј го прифатил мудриот совет на Јотор (2. Мојсеева 18,24), назначил водачи и им доделил различни раководни улоги (видете и 5. Мојсеева 1,9-18).

**А Мојсеј би можел едноставно да му се обрати грубо на тој постар човек и да му каже да си ја гледа својата работа. Но, тој не го сторил тоа. Кои важни поуки можеме да ги научиме од неговата подготвеност да го сослуша овој човек, кој дури не бил ни Евреин?**

## ЛЕБ И ВОДА НА ЖИВОТОТ

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 10,11. Што наведува Павле како причина зошто биле забележани овие настани?**

Павле објаснува дека сè што им се случувало на Израелците, служи како пример и опомена за Христовите следбеници, и им помага да ги избегнат истите неволји. Односно, тие треба да учат од овие примери. Ова е особено важно упатство за нас, „до кои стигна крајот на вековите“. Бог му го дава на Својот народ Светиот Дух за да ги зајакне со дејствувањето на Неговата „моќ, љубов и чистота“ (2. Тимотеј 1,6.7), за да можат да донесуваат правилни одлуки и да ги следат Неговите учења. Исус Христос е Изворот на новиот живот (Јован 14,6), и само Тој може да нè преобрази во „жртва жива, света и благоугодна на Бога... Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено“ (Римјаните 12,1.2).

Исус подоцна извлекувал поуки од овие извештаи, особено во врска со манатa и водата, користејќи ги овие слики за да ги поучува луѓето за вистините за себе — Оној што ги водел низ пустината.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 4,7-15 и Јован 6,31-51. Кои вистини се откриени овде за нас како христијани?**

Жената Самарјанка открила дека Христос нуди нешто што не може да го добие на ниту едно друго место. Жедта на душата за мир, радост и среќа доаѓа од Бога, и затоа само Бог може да ја задоволи (Псалм 42,1.2).

Подоцна, во контекст на манатa, Исус објаснува дека Бог, а не Мојсеј, бил Тој што му давал мана на народот. А потоа изјавил: „Јас сум лебот на животот; кој доаѓа кај Мене, нема да огладни“ (Јован 6,35). Исус трипати повторил дека Тој е лебот на животот (Јован 6,35.41.48).

Како што манатa во пустината била „леб од небото“ (Јован 6,31.32), така и водата од карпата бил Христовиот дар кој ја гасел нивната жед. Освен овие физички аспекти, лебот и водата имаат и духовно значење, бидејќи Исус Христос е „лебот на животот“ (Јован 6,35.48) и „жива вода“ (Јован 4,10.11.14; Јован 7,37.38). Според тоа, нашата духовна жед и глад може да биде задоволена само во Него.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Од Црвеното Море до Синај“, стр. 291-302 (ориг.).

Набргу по инцидентот со водата, народот се соочил со нова опасност (видете 2. Мојсеева 17,8-16) — биле нападнати од жестоко и воинствено племе, Амалиците. „Амалиците не биле неупатени во врска со Божјиот карактер и со неговата суверена власт, но наместо да се бојат од него, решиле да ѝ пркосат на неговата сила. Тие ги исмевале чудата и знаците што ги сторил Бог преку Мојсеја пред Египќаните и им се подбивале на околните народи кои се плашеле од тоа. Се заколнувале пред своите богови дека ќе ги уништат Евреите, ниеден нема да им побегне, и дрско се фалеле верувајќи дека израелскиот Бог е немоќен да им се противстави ним. Ним Израелците не им сториле никаква неправда ниту на кој било начин ги загрозувале. Нивниот напад со ништо не бил предизвикан. Обидот да го уништат Божјиот народ бил само излевање на омраза и пркос кон Бога. Амалиците долго биле грешници, чијашто ‘рака се дига на секого’, и нивните злосторства пекале пред Бога за одмазда, но сепак Тој во својата милост сè уште ги повикувал да се покаат; но кога се устремиле врз уморните, папсани и незаштитени од крајните редови на Израел, тогаш ја запечатиле судбината на својата нација“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 300 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Задржете се повеќе на идејата дека Јотор дознал за вистинскиот Бог токму врз основа на она што Бог го направил за својот народ. (Видете 5. Мојсеева 4,4-8.) Зошто овој принцип важи и денес? Поставете си прашање и себеси и на вашата класа: Какво сведоштво му прикажува вашата црква на светот? Што му кажуваме ние на светот за природата и карактерот на нашиот Бог?**

2. **Прочитајте го уште еднаш стихот 1 Коринќаните 10,4. Што треба да нè научи ова за старата ерес, во која некои веруваат и денес, а која вели дека старозаветниот Бог е одмаздољубив, полн со омраза и не сака да прости, за разлика од она што го гледаме во Исуса? Како овој стих ни открива зошто ваквото верување е погрешно?**

3. **Прочитајте повторно што напишала Елена Г. Вајт за тоа како на Амалиците им била дадена можност да дознаат за вистинскиот Бог. Споредете го нивниот став со оној на Јотор. Кои поуки можеме да ги научиме за тоа зошто Бог извршил суд не само над нив, туку и над многу други племиња во стариот свет со кои Израел дошол во допир?**

**Лекција 8**
**Од 16 до 22 август 2025**

# ЗАВЕТОТ ОД СИНАЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 19,1-20,17; Откровение 21,3; 5. Мојсеева 5,6-21; Јаков 1,23-25; Римјаните 3,20-24; Римјаните 10,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „,Сами видовте што им направив на Египќаните и како ве изнесов на крилја орлови, ве прибрав кај Себе. Па сега, ако го слушате гласот Мој и го пазите заветот Мој, ќе Ми бидете избран народ меѓу сите народи, зашто Моја е целата земја. И вие ќе Ми бидете царство на свештеници и свет народ.' Тоа се зборовите, што ќе им ги кажеш на синовите израелски" (2. Мојсијева 19,4-6).**

Каде ги одвел Бог Израелците откако ги ослободил од Египет? Во ветената земја – каде на друго место? Меѓутоа, колку и да е географски точен, тој одговор е, во теолошка смисла, погрешен. Самиот Бог одговара на тоа прашање: „Сами видовте што им направив на Египќаните и како ве изнесов на крилја орлови, *ве прибрав кај Себе*" (2. Мојсеева 19,4). Затоа, библиско-теолошкиот одговор на тоа прашање го открива Божјиот приоритет и цел: Господ ги довел кај Самиот Себе.

Кога луѓето се оддалечуваат од Бога, Тој ги бара и ги повикува да се вратат кај Него. Најдобриот пример за оваа длабока вистина го гледаме во Едемската градина, кога Адам и Ева згрешиле против Бога, ја прекршиле Неговата заповед и се скриле од Него. Тогаш Тој презел иницијатива и го повикал Адам, прашувајќи го: „Каде си?" (1. Мојсеева 3,9). Тој секогаш го прави првиот чекор. Исус речито вели: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам. Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши" (Матеј 11,28.29).

Бог нè повикува сите нас, а нашата вечна судбина зависи од нашиот одговор.

## НА ГОРАТА СИНАЈ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 19,1-8. Што им ветил Бог таму, во подножјето на планината Синај?**

---

---

Бог ги довел Израелците до гората Синај, каде што набргу ќе им ги даде Десетте заповеди (Декалогот). *Џебел Муса* (височина: 2.285 метри) е веројатно местото на Мојсеевите повторени средби со Бога (на пр., 2. Мојсеева 3,1; 2. Мојсеева 19,2; 2. Мојсеева 24,18), а многу подоцна, и пророкот Илија се сретнал тука со Господа (1. Царевите 19,8). Тоа е истата гора каде што Бог го повикал Мојсеј да го изведе Израел од Египет (2. Мојсеева 3,1.10). Во таа пригода, Бог му открил на Мојсеј дека, заедно со ослободениот Израел, ќе Му се поклони токму на тоа место, што ќе му биде знак дека Бог на „Аврам, Исак и Јаковов" е Тој што ги води (2. Мојсеева 3,12).

По два месеци патување, Израелците стигнале до Синај (2. Мојсеева 19,1), каде што ќе останат околу една година (споредете 2. Мојсеева 19,1 со 4. Мојсеева 10,11.12). Во текот на таа година биле донесени многу закони, како што е опишано во текстовите: 2. Мојсеева 19-40; 3. Мојсеева 1-27 и 4. Мојсеева 1,1-10,10. Престојувањето на Израел во подножјето на планината Синај е централниот дел од наративот што се наоѓа во петте Мојсееви книги. Врз основа на тоа, тие станале Божји избран народ, единствениот народ кој не потонал во паганство и идолопоклонство.

Значи, Бог презема иницијатива и воспоставува завет меѓу Себе и Израел. Под услов народот да биде послушен и да одржува врска со Него, Бог ветува дека тој ќе ги направи посебно богатство, царско свештенство, свет народ.

Да се биде свет народ значи да се биде посветен на Бога и да се открива Неговиот карактер на другите, особено на околните народи. Тие, исто така, биле повикани да дејствуваат и како свештеничко царство, кое ќе ги поврзува другите луѓе со Бога, ќе ги доведе до Него и ќе ги учи за Неговите патишта и закони. Тие требало да бидат посебно Божјо богатство, бидејќи Тој сакал Израел да биде каналот преку кој светот ќе биде осветлен со знаењето за Него и за Неговиот карактер.

Овој завет претставувал официјално воспоставување однос помеѓу Бога и Неговиот народ. Општата формула на заветот, со мали варијации во различни текстови, е: „Ќе ве земам за свој народ и ќе ви бидам Бог" (видете: 2. Мојсеева 6,7; 3. Мојсеева 26,12; Еремија 24,7; Еремија 31,33; Евреите 8,10; Откровение 21,3).

**Замислете да сте Божјо „посебно богатство"! Кои посебни привилегии би ги опфаќало тоа? Кои конкретни одговорности би ги имале?**

## ПОДГОТОВКА ЗА ДАРОТ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 19,9-25. Како Бог го подготвувал Израел да ги прими Десетте заповеди?**

____________________________________________

____________________________________________

Бог дал конкретни упатства за тоа што требало да прават Израелците во рамките на подготовката за давање на законот на Синај. Надворешната чистота што се барала од нив, требало да ја одразува нивната целосна посветеност на Бога. Тие требало да бидат подготвени за претстојната величествена манифестација на Господовата слава. А тоа било придружено со „загрме и молњи засветкаа, и настана густ облак над планината, и затруби труба со многу силен глас, така што затрепери сиот народ, кој беше во логорот“ (2. Мојсеева 19,16).

Декалогот (Десетте заповеди) ја претставува сржта на Божјото откровение и библиската етика. Таа ја сочинува суштината и темелот на божествените стандарди за целото човештво. Неговите принципи се вечни и сеопфатни.

Според библискиот извештај, Декалогот го објавил Бог (2. Мојсеева 19,19; 2. Мојсеева 20,1; 5. Мојсеева 5,4.5.24) а Тој и го напишал (2. Мојсеева 24,12; 2. Мојсеева 31,18; 5. Мојсеева 5,22). На Мојсеј му бил даден двапати како посебен *дар* (2. Мојсеева 32,19; 2. Мојсеева 34,1; 5. Мојсеева 10,1.2).

Во 2. Мојсеева, Декалогот се нарекува „сведоштво“ (еврејски: *’edut*; 2. Мојсеева 31,18); или „зборови на заветот“ (еврејски: *dibre habberit;* 2. Мојсеева 34,28). Во 5. Мојсеева, овие зборови биле напишани на „камените плочи, плочите на заветот“ (5. Мојсеева 9,9.11.15). Меѓутоа, ниту една книга на еврејски јазик не го користи терминот „Десет заповеди“ (еврејски: *mitzvot,* „заповеди“). Наместо тоа, трипати ги нарекуваат „десет збора“. Еврејскиот израз е *’aseret haddebarim,* од *dabar*, што значи „збор, реченица, материја, предмер, говор, сторија, ветување, исказ“ (видете: 2. Мојсеева 34,28; 5. Мојсеева 4,13; 5. Мојсеева 10,4).

Постојат две верзии на Декалогот со многу мали разлики. Првата е забележана во 2. Мојсеева 20,1-17, а втората во 5. Мојсеева 21,3-21. Втората верзија, што Мојсеј им ја пренел усно на Израелците, настанала речиси четириесет години по Синај, непосредно пред народот да влезе во Ветената земја (5. Мојсеева 1,3.4; 5. Мојсеева 4,44-47). Овие околности ги објаснуваат ситните разлики меѓу нив.

Кога Павле, резимирајќи, го претставил законот како љубов, тој цитирал од Декалогот (Римјаните 13,8-10). Љубовта е, навистина, резиме на Божјиот закон, бидејќи Тој е Бог на љубовта (1. Јованово 4,16).

**Како ја разбирате оваа идеја дека Десетте заповеди се израз на Божјата љубов? Што значи тоа? Како се открива Божјата љубов во нив?**

## ДАРОТ НА ДЕКАЛОГОТ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 20,1-17. Кои се принципите на Декалогот и како е организиран?**

---

Забележете дека Декалогот не започнува со заповедите, туку со Божјото благодатно дејствување во полза на неговиот народ:

„Јас сум Господ, Бог твој, Кој те изведе од земјата египетска, од домот на ропството" (2. Мојсеева 20,2). Господ најпрвин ја покажува својата благодат на тој начин што му дава слобода и спасение на Израел, па дури потоа ја открива својата волја. Овие заповеди требало да се држат од љубов и благодарност за она што Бог го направил за нив.

Божјиот клучен резимирачки збор за Декалогот е „љубовта" (Римјаните 13,10). Најголемата заповед е заповедта за љубовта, која се изразува на два начина – како љубов кон Бога (5. Мојсеева 6,5) и љубов кон ближниот (3. Мојсеева 19,18).

Во првите четири заповеди, Декалогот укажува што значи да се сака Бог. Во следните шест заповеди, законот укажува на тоа што значи да го сакаш својот ближен. Декалогот започнува со почитување на Бога над сè друго (вертикална љубов) и продолжува со почитување на другите (хоризонтална љубов):

1. Длабока почит и оддавање чест на Бога, на тој начин што Му го даваме првото и највисокото место во секоја ситуација во нашиот живот (првата заповед);
2. Почитување и зачувување на Божјата единствена положба, без да дозволиме Тој да биде заменет со каков било идол во каков било облик, без разлика дали е физички, симболичен или духовен. Нашите најчисти наклоности му припаѓаат на Господа (втората заповед);
3. Длабоко почитување на Божјото име – Неговиот углед и карактер (третата заповед);
4. Почитување на Неговиот ден за одмор и богослужба – сабота (четвртата заповед);
5. Почитување на родителите (петтата заповед);
6. Почитување на животот (шестата заповед);
7. Почитување на бракот (седмата заповед);
8. Почитување на чиј било имот (осмата заповед);
9. Почитување на угледот на другите (деветтата заповед);
10. Почитување на самиот себе на таков начин за да не можат никакви себични желби да го нарушат нашиот карактер (десетта заповед).

**Како што рекол самиот Исус: „Ако ме љубите, ќе ги пазите моите заповеди" (Јован 14,15; видете и 1. Јованово 4,20.21). Значи, вистинската послушност е едноставно израз на љубов и благодарност кон Исуса, љубов што најсилно се манифестира преку начинот на кој се однесуваме кон нашите ближни.**

## РАЗЛИЧНИТЕ УЛОГИ НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

Божјиот закон го открива Божјиот карактер – покажува кој е Тој. Како што Бог е свет, праведен и добар, таков е и Неговиот закон. Павле тврди: „Затоа законот е свет, и заповедта света, и праведна и добра“ (Римјаните 7,12).

Во Библијата се гледа на Божјиот закон во многупозитивна светлина (Матеј 5,17.18; Јован 14,15; 1. Коринќаните 7,19). Може да се пишува поезија за законот (како што е Псалм 119), може да се пее за него (Псалм 19) и може да се размислува за него дење и ноќе (Псалм 1,2; Исус Навин 1,8). Законот ни помага да се заштитиме од злото и ни дава мудрост, разбирање, здравје, благосостојба и мир (5. Мојсеева 4,1-6; Мудри изреки 2-3).

1. Божјиот закон е како ограда која создава голем слободен простор за живот и нѐ предупредува дека над одредена точка нѐ демнат опасности, проблеми, компликации, па дури и смрт (1. Мојсеева 2,16.17; Јаков 2,12).

2. Законот е исто така патоказ што упатува на Исуса – Оној кој ни ги простува нашите гревови и го менува нашиот живот (2. Коринќаните 5,17; 1. Јованово 1,7-9). На тој начин, тој, како *paidagogos*, старател/чувар, нѐ води кон Христа (Галатјаните 3,24).

**Прочитајте го текстот Јаков 1,23-25. Што кажува тој и како овие зборови ни помагаат да сфатиме каква улога има законот и колкава е неговата важност, и покрај тоа што тој не може да нѐ спаси?**

Огледалото може да ги открие вашите мани, тоа е точно. Но, во огледалото нема ништо што може да ги поправи. Огледалото укажува на проблемите, но не дава решение за нив. Исто е и со Божјиот закон. Обидот да се оправдаме пред Бога со држење на законот, би бил како упорно да гледаме во огледалото со надеж дека тоа, порано или подоцна, ќе направи да исчезнат нашите мани.

Бидејќи се спасуваме со вера а не со дела – вклучувајќи ги и делата на законот – некои христијани тврдат дека законот е укинат и дека повеќе не мораме да го држиме. Се разбира, имајќи предвид дека самиот закон е она што го дефинира гревот – „Зашто и похотата не би ја познал, ако Законот не велеше: ’Не биди похотлив!‘“ (Римјаните 7,7) – ова тврдење претставува огромна и страшна заблуда за односот меѓу законот и евангелието. Токму постоењето на законот е причината поради која ни треба евангелието.

**Колку сте биле успешни во своите обиди да го држите Божјиот закон? Дали сте биле доволно успешни за да можете да го засновате вашето спасение на тоа? Ако не можете на тоа воопшто да се потпрете, зошто ви е потребно евангелието?**

## ЗАКОНОТ КАКО БОЖЈО ВЕТУВАЊЕ ЗА НАС

**Прочитајте Римјаните 3,20-24. Бидејќи Павле е мошне јасен во врска со тоа дека не можеме да се спасиме со држење на Десетте заповеди, тогаш каква улога треба да имаат заповедите во нашиот живот?**

Еврејскиот израз *dabarim*, кој во Мојсеевите списи е употребен за да се опишат Десетте заповеди (2. Мојсеева 34,28; 5. Мојсеева 4,13; 5. Мојсеева 10,4),  не значи буквално „заповеди“, туку „зборови“. Тој „збор“, *дабар* (еднина), може да значи и „ветување“. Затоа, на многу места (1 Царевите 8,56; 2. Летописи 1, 9; Неемија 5,12.13; 5. Мојсеева 1,11; 5. Мојсеева 6,3; 5. Мојсеева 9,28; Исус Навин 9,21; Исус Навин 22,4; Исус Навин 23,5), зборот *dabar*, било како именка или како глагол, се преведува така што изразува идеја за ветување.

Елена Г. Вајт нуди еден интересен увид во врска со улогата на Декалогот: „Десетте заповеди... се десет ветувања“ (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary,* том 1, стр. 1105). Декалогот би требало да се сфати како збир на Божји ветувања кои ќе нѐ изведат на вистинскиот пат, за Тој да може да прави прекрасни работи за нас. Но, ние мора да ги послушаме.

**Прочитајте Римјаните 10,4. Како треба да ја разбереме изјавата на Павле дека Христос е „свршетокот“ (или во други преводи „крајната цел“; заб. на прев.) на законот?**

Павле тврди дека Исус Христос е *телос* на законот, но не во смисла дека Христос го укинува законот или го отфрла. Тоа, всушност, значи дека Христос е целта и смислата на законот, а не дека Неговата жртва на помирување го поништува важењето и вечната природа на законот.

Напротив, Павле зборува за важноста на законот, за неговата легитимност и неговиот траен авторитет (Римјаните 3,31; 1. Коринќаните 7,19; Галатјаните 5,6). Значењето на зборот *телос* е првенствено целисходно и насочено кон целта, а не е поврзано со времето. Христос е клучот за откривање на вистинската смисла и цел на Божјиот закон. Затоа, не би било исправно да се каже дека Христос го поништил, го заменил или укинал законот. Христос е целта на законот, Оној на кого законот упатува/укажува.

**Како законот ни укажува на Исуса? Односно, што ни открива законот за нас самите, што навистина би требало да нѐ упати на Исуса?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте ги поглавјата со наслов „Израел го прима законот“, стр. 303-310 (оригинал) и „Непријателството на сатаната против законот“, стр. 331-342 (оригинал).

„Бог сакал сцената при објавувањето на својот закон да ја стори величествена и длабоко впечатлива за да ја истакне возвишеноста на неговиот карактер и неговото значење. На народот требало живо и неизбришливо да му се предочи вистината дека сѐ што е во врска со служењето на Бога мора да биде примано со најголема страхопочит“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 303 оригинал).

Овој принцип на длабока почит важи и денес. Тој произлегува од разбирањето на Божјата величина, трансцедентност и Неговото величие. Гледањето на Божјата слава буди благодарност во нашите срца и нѐ прави понизни. Колку повеќе размислуваме за Божјата светост, толку повеќе несовршености забележуваме во нашиот сопствен живот, а тоа во нас буди уште поголема жед за Неговото преобразувачко присуство и желба да бидеме послични на Него.

Исто така, свеста за тоа што сме ние во споредба со Него и Неговиот свет закон, нѐ прави целосно зависни од Христовата заменска смрт за нас.

Во исто време, Исус јасно кажува дека, кога понизно го прифаќаме Бога како свој Господ и Цар, тогаш не ни е тешко да ги послушаме Неговите заповеди (Матеј 11,28-30). Христос јасно ни дава до знаење дека божествениот закон има трајна важност (Матеј 5,17-20). Кога ги држиме Божјите закони од љубов и благодарност кон Него поради спасението што Тој бесплатно ни го дарувал, тогаш можеме да ја доживееме полнотата на спасоносниот однос со Него. Додека уживаме во големите предности од држењето на законот (впрочем, погледнете ги болките и тешкотиите што ги носи неговото прекршување), можеме да уживаме и во сигурноста што доаѓа од сознанието дека нашето спасение е во Исуса, а не во држењето на законот.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Подготвувањето на луѓето да го примат законот, им помогнало да стекнат чувство на длабока почит што им била потребна. Каде во нашата црква и црковен живот денес постои слично чувство на стравопочит пред Бога? Или некако постепено се изгубило?**

**2. Задржете се малку повеќе на таа заветна формула: „Ќе те земам да бидеш мој народ и ќе бидам твој Бог“. Што значи тоа за нас денес и како треба да се манифестира во нашиот случај, и како поединци и како заедница на верници?**

**3. За она што ни заповеда да го правиме, Бог воедно и нѐ оспособува и да го правиме. Елена Г. Вајт тврди дека „сите негови заповеди едновремено и оспособуваат заповедта да се изврши“ (Христовите параболи, стр. 333 оригинал). Како да го спроведеме тоа ветување, тој *дабар*, во практика?**

**4. Како да одговориме на вообичаениот аргумент кој може да се слушне – дека законот е укинат по крстот? Во повеќето случаи, која заповед всушност се смета дека е укината?**

**Лекција 9**
**Од 23 до 29 август 2025**

# ЖИВОТ СПОРЕД ЗАКОНОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 21,1-32; 2. Мојсеева 22,16-23,33; 2. Царевите 19,35; Матеј 5,38-48; Римјаните 12,19; Матеј 16,27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Господ му рече на Мојсеј: ‚Вака кажи им на синовите израелски: Вие видовте како Јас зборував со вас од небото.' Не правете си сами сребрени богови, ниту златни богови не правете сами за себе" (2. Мојсеева 20,22.23).**

Бог сакал Неговиот народ да се разликува од околните народи. Тој сакал да ги утврди како посветена заедница на верата која ќе живее под Неговото водство и власт. Секој требало да биде подложен на Неговиот закон. Требало да се назначат судии за да го спроведуваат законот, а свештениците да поучуваат за Него. Родителите исто така играле клучна улога.

Во секоја култура, законите ги откриваат идеалите, целите, намерите и карактерот на законодавецот. На пример, кога фараонот наредил да се убие секое машко бебе, тој закон покажал каков е тој – суров и злобен. Спротивно на тоа, кога некој цар би донел закон секој 18-годишник во царството да биде награден со бесплатно високо образование, многумина би го сметале тоа како доказ за великодушноста и желбата на царот негова земја да напредува.

Божјиот закон го открива Него, односно Неговата добрина, љубов, праведност, Неговите вредности и Неговата воздржаност кон злото. Како што законот е свет и праведен, таков/така е и Бог. Додека создава простор за изобилен живот, законот нè штити и од опасности и несреќи. Почитта кон Бога, кон другите и кон животните вредности биле темел на Неговиот законодавен систем.

## ЗАВЕТЕН ЗАКОН

На Синај, давајќи го Својот закон, Бог го поставил темелот за поучување на Својот народ како, преку жива врска со Него, тие можат да живеат свет живот. Но, овие принципи на законот требало да се применуваат во секојдневниот живот, и затоа им дал дополнителни закони, таканаречен „заветен закон“. Одговорноста на судиите била да ги надгледуваат овие закони и да обезбедат тие правилно да се применат.

„Заслепен и понижен со ропството и со незнабоштвото, народот не бил приготвен во целост и правилно да ги сфати далекусежните начела на десетте Божји заповеди. За подобро да се сфати задолжителноста на овие заповеди и истите да се применуваат, дадени се и други прописи кои појасно ја прикажале нивната примена. Тие прописи се наречени закони поради тоа што и нив ги составила безграничната Мудрост и Праведност и што судиите требало да судат според нив. За разлика од десетте заповеди, нив ги примил само Мојсеј и тој имал задача да му ги пренесе на народот“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 310 оригинал).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 21,1-32. Кои конкретни прописи биле дадени во врска со еврејските робови, убиства и телесни повреди?**

________________________________________

________________________________________

Заветниот закон е опишан во неколку глави (2. Мојсеева 21,1–23,19). Сите овие прописи и закони биле донесени за да се запре лавината од зло, и да се изгради уредено општество.

Законите за ропство биле посебни и не би требало да се мешаат со лошите и изопачени практики на модерното или средновековното ропство. Еврејските робови, всушност, биле заштитени и ценети. Во современите и средновековните општества, слугите и робовите биле сопственост на нивниот господар, кој можел да прави што сака со нив. Спротивно на тоа, библиските закони ги регулирале овие прашања на поинаков начин. Служењето било ограничено на шест години (2. Мојсеева 21,1.2; Еремија 34,8-22), а во седмата година сите робови требало да бидат ослободени, освен ако не сакале да останат со својот господар. Исто така, господарите морале да им дадат слободна сабота (2. Мојсеева 20,9.10) и да се погрижат за нивните основни потреби.

**Иако оваа зла практика на институционализираното ропство е во голема мера укината во повеќето делови на светот, на кои начини некои од неговите манифестации сè уште постојат? Што можеме да преземеме, во рамките на нашата ограничена сфера на влијание, во борбата против ваквите појави?**

## УШТЕ НЕКОИ ЗАКОНИ

Бог, во Својата милост, ги учел судиите како да постапуваат со луѓето во различни ситуации во врска со имотните права. Наведени се неколку видови случаи кои покажуваат што да се прави ако нечиј бик нападне туѓ бик, ако некој украде домашно животно и го продаде, ако животните паселе на нива или лозје на друг сопственик, ако некој позајмен предмет му биде украден или ако изнајмено животно биде повредено или умре (2. Мојсеева 21,33-22,15).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 22,16 – 23,9. Кои спорни прашања ги опфаќале овие закони и на кој начин?**

---

---

Божјите закони опфаќале различни прашања. Постоеле посебни прописи против потценување и понижување на луѓето. Бог не сакал никаков вид на експлоатација. Во Својата милост, Тој ги поправа грешните пориви на човечкото срце и ги зауздува природните склоности на луѓето. Било неопходно да се зачува безбедноста на општеството, да се елиминира злото и да се негуваат добри меѓучовечки односи. Правдата и љубовта морале да управуваат со сите постапки.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 23,10-19. Кои важни прашања се обработуваат овде?**

---

Саботата и празниците биле сосредоточени на богослужението и претставувале потсетници за клучните настани во историјата на спасението. Богослужението било внимателно регулирано, бидејќи тоа било теолошка основа за сите други активности. Саботата била воспоставена при создавањето (1. Мојсеева 2,2.3; 2. Мојсеева 20,8-11), била поврзана со ослободувањето и откупувањето на Израел (5. Мојсеева 5,12-15) и, на моќен начин, укажува дека треба го обожаваме Бога како наш Творец, Искупител и Господ (Марко 2,27.28).

Покрај тоа, постоеле три клучни празници кои од Израелците се барало да ги празнуваат секоја година: (1) Пасха или празникот Бесквасни лебови во пролет (обично меѓу средината на март и средината на април); (2) Педесетница или празникот на Жетвата (или празникот на Седмиците) седум седмици по претходниот празник, така што започнувал 50 дена подоцна; и (3) празникот Сеници (или Колиби) или празникот на Бербата (собирањето) во есен (обично меѓу средината на септември и средината на октомври; видете исто така: 2. Мојсеева 34,18-26; 4. Мојсеева 23,4-44; 4. Мојсеева 28.16-29.40; 5. Мојсеева 16,1-16).

## БОЖЈИОТ ПРВОБИТЕН ПЛАН

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 23,20-33. Кои методи Бог сакал да ги употреби за освојување на Ветената земја?**

---

---

Бог немал намера Израелците да се борат за нивната нова територија. Таа требало да им биде предадена. Им била ветено на Аврам, Исак и Јаков и требало да биде примена како посебен Божји дар за Израел.

Образецот за освојување на Ветената земја бил прикажан при преминувањето преку Црвеното Море. Бог се борел за Својот народ и му дал целосна победа над оние што планирале да го убијат (2. Мојсеева 14,13.14). Египќаните биле поразени затоа што Господ интервенирал на чудесен начин. Слично на тоа, за време на асирскиот крал Сенахирим, Бог исто така ја поразил огромната, добро опремена и обучена асирска војска, без Израелците воопшто да мораат да се борат. Бог им дал победа затоа што царот Езекија поверувал во речта што Тој му ја дал преку пророкот Исаија (2. Царевите 19,35; Исаија 37,36).

Бог го известил Аврам дека Ветената земја нема да им биде дадена на неговите потомци веднаш, туку дури по 400 години (1. Мојсеева 15,13-16). Зошто? Причината била поврзана со злобата на жителите на Ханан. Бог милостиво работел со овие луѓе и им дал уште еден период на милост за да се покаат. Меѓутоа, тие продолжиле со бунтот против Бога и Неговите вредности, така што, кога се навршила мерата на нивното беззаконие, Бог бил готов да им ја предаде нивната територија на Евреите како нова татковина.

Освен тоа, Бог ветил дека ќе ги истера тие народи пред Израел со помош на два необични, но многу делотворни методи: (1) со ширење страв и ужас меѓу злите народи и (2) со испраќање стршлени да ги растераат. Пред Израелците да стигнат до својата нова територија, нивните непријатели бегајќи требало веќе да го напуштат тоа место, како што ветил Бог: „Ќе ги свртам кон тебе грбовите на сите непријатели твои“ (2. Мојсеева 23,27.28).

Ангелот Господов одиграл клучна улога во освојувањето на Ветената земја. Тој Гласник бил Христос, кој го предводел Израел, освојувал територии и го штител народот. Тој бил столбот од облак што ги водел дење и огнен столб во текот на ноќта. Израел морал да обратува посебно внимание и да Го слуша, бидејќи тој имал божествен авторитет (2. Мојсеева 23,21). Меѓутоа, пркосењето на Божјата волја и недовербата во Неговото водство го комплицирале нивното напредување.

**Што таа идеја дека Бог им дал многу години на овие незнабошци да ги променат своите патишта, нè поучува за Божјата благодат, но и за границите на таа благодат за оние кои одбиваат да ја прифатат?**

## ОКО ЗА ОКО

**Прочитајте го текстот Матеј 5,38-48. Како Исус ја толкува смислата на законот за одмазда? Како би требало да го применуваме ние денес?**

___

___

___

Во Беседата на гората, Исус Христос цитирал текстови од Стариот Завет, текстови со кои народот сигурно бил запознаен. Меѓутоа, Тој зборувал спротивно на рабинските толкувања на тоа време, кои со векови се оддалечиле од првобитната цел на тие закони. Односно, човечката традиција не само што ја скрила целта на Божјата Реч, туку во некои случаи (сетете се на правилата во врска со саботата и во што таа /човечката традиција/ ја претворила заповедта за саботата), ја изопачила нејзината намера и смисла. Со своите зборови Исус ја обновувал првобитната смисла на тие закони.

На Гората на блаженствата, враќајќи ги своите слушатели на првобитната намера и значење на текстот, Исус настојувал да исправи некои од тие лажни толкувања.

Текстот 2. Мојсеева 21,24, кој зборува за правилото „око за око, заб за заб", е цитиран во Матеј 5,38 („те слушале дека е речено... Јас, пак, ви велам"), а се однесува на *lex talionis*, таканаречениот *закон за одмазда*. Овој стих се користи и на други места во Библијата (3. Мојсеева 24,20; 5. Мојсеева 19,21).

Според неговата првична намера, овој закон бил осмислен да спречи каква било лична одмазда. Тој требало да спречи секаква крвна одмазда или одмазда што ќе се спроведува без претходна истрага. Повредата требало да ја процени судија, а потоа се утврдувала соодветниот паричен надомест што требало да се плати. Оваа практика се применувала за да се спречат луѓето „да го земат законот во свои раце". Правдата морала да биде спроведена, но таа морала да се спроведува во согласност со Божјиот закон.

Исус Христос, кој му ги дал на Мојсеј овие општествени закони, ја знаел нивната вистинска цел. Затоа, Тој можел да ги примени на објективен начин, во согласност со нивната првична цел. Мотивот зад тој закон бил да се донесе правда и помирување и да се обнови мирот.

Може да се каже дека, во одредена смисла, правдата подразбира некој вид одмазда. Соодветната примена била, најверојатно, обид да се најде вистинската рамнотежа помеѓу идеите за правда и одмазда.

**Како сфаќањето дека правдата еден ден ќе дојде, ви помага да заземете правилен став кон сите неправди што сега ги гледаме во светот?**

## ОДМАЗДА

„Не одмаздувајте се, возљубени, за себе, туку дајте му место на Божјиот гнев. Зашто е напишано: ‘Одмаздата е Моја, Јас ќе отплатувам – вели Господ’“ (Римјаните 12,19; видете и 5. Мојсеева 32,35).

**Кое ветување и која заповед се наоѓаат во овие стихови, и во која смисла тие се тесно поврзани?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Должноста на судиите во древниот Израел била, додека Господ не ја донесе правдата, која сега толку недостасува, да го применуваат законот за да ја утврдат правичната казна доколку би дошло до штета или повреда. Но најпрво им биле потребни факти. Проблемот бил во тоа што учителите на законот во Христово време го применувале тој закон на начин кој ја отворал вратата за лична одмазда. Со тоа принципот бил изваден од својот контекст, а првобитната смисла била промашена. Како последица на тоа, тие бранеле нешто што законот, всушност, го забранувал.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 6,4.6; Матеј 16,27; Лука 6,23 и 2. Тимотеј 4,8. Што ни кажуваат овие текстови за тоа како Исус гледал на принципите на наградување и казнување?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Исус не бил против принципот на наградување и казнување. Правдата е прашање на принцип. Тоа е клучен дел од животот. Сепак, ниту еден поединец не може да ја преземе улогата на судија, порота и „извршител“. Колку лесно сме можеле да ја изопачиме правдата! Не е на нас да ја платиме штетата. Ако е неопходно да се справиме со некое зло, тоа мора да го направи објективен суд. Тоа е работа на судија.

Во овој контекст, Исус ни кажува да бидеме совршени „како што е совршен вашиот Оетц небесен“. Како можеме да бидеме исто така совршени како и самиот Бог? Несебичната љубов е сеопфатна Божја особина. Тој ги учи своите следбеници како да ги сакаат своите непријатели и да се молат за оние што ги прогонуваат. Вистинско совршенство е кога сакаме, простуваме и сме милосрдни (Лука 6,36), дури и кон оние кои не го заслужуваат тоа. Овој принцип, заедно со делата до кои тој води, е она што значи да се одразува Божјиот карактер.

**Како можеме, од ден на ден, да учиме да сакаме како што ни е заповедано? Зошто тоа секогаш вклучува умирање за себе?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Израел го прима законот“, стр. 310-314 (оригинал).

Бидејќи живееме на територијата на нашиот непријател, не е ни чудо што во реалниот живот можеме да бидеме повредени од неговите вешти и измамнички сплетки. Кој од нас не знае за болки и страдања, а сето тоа поради гревот и грешниот свет во којшто живееме? За жал, тоа е едноставно дел од нашиот сегашен живот. Меѓутоа, Бог ни дава сила да се избориме со тоа.

„Спасителот ќе ни прати помош токму тогаш кога таа ќе ни биде потребна. Патот кон небото е посветен со неговите стапки. Секој трн што ја ранува нашата нога, ја ранил неговата. Секој крст што сме повикани да го носиме ние, го носел Тој пред нас. Господ дозволува борби за да ја приготви душата за мир. Времето на големата неволја е страшно огнено искушение за Божјиот народ; но за секој вистински верник тоа е време да го подигне погледот и со вера да го види виножитото на ветувањето што е над него“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 633 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Луѓето со векови се борат со фактот дека Господ ги истерал тие пагански народи од нивната земја, а во некои случаи дури и ги истребил. Тоа е навистина вознемирувачко. Меѓутоа, како сознанието дека Божјата љубов мора да се појави и преку правдата ни помага да веруваме дека, дури и во таквите настани, доаѓала до израз и Неговата љубов, а не само правдата?**

**2. Задржете се малку повеќе на тој факт дека Исус, веднаш по неговите зборови за тоа како треба да ги сакаме другите, вклучително и нашите непријатели, па дури и оние што нè мразат, ни вели: „Бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен“ (Матеј 5,48). Зошто Исус ја кажал оваа заповед веднаш по тие други заповеди? Што, всушност, ни кажува Исус овде за тоа што значи не само да бидеме „совршени“, туку да бидеме совршени како што е „вашиот Отец небесен“?**

**3. Апостол Павле имал позитивен и поддржувачки став кон Божјиот закон и неговите улоги, но бил против злоупотребата на законот. Што значи неговата изјава дека „не сте под законот, туку под благодатта“ (Римјаните 6,14)? На кои начини можеме да го злоупотребиме законот?**

**4. Која е разликата меѓу правдата и одмаздата? Дали овие поими се сосема различни или само различни појавни облици на иста мисла? Како да знаеме дека нашата желба за правда, впрочем, не е желба за одмазда?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 10**
**Од 30 август до 5 септември**

# ЗАВЕТОТ И НАЦРТОТ НА СВЕТИЛИШТЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 24,1-18; 1. Коринќаните 11,23-29; 3. Мојсеева 10,1,2; Езекиел 36,26-28; 2. Мојсеева 25,1-9; 2. Мојсеева 31,1-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Дојде Мојсеј и му ги повтори на народот сите зборови Божји и сите заповеди. И сиот народ одговори во еден глас, и рече: „Сите наредби што ги кажал Господ, ќе ги извршуваме“ (2. Мојсеева 24,3).**

Како нивен Бог, Творец и Откупител, Господ сакал да биде со својот народ и да престојува во нивната средина. Тој нè создал да бидеме во блиско заедништво со Него. И како што значајните односи со другите луѓе можат да се изградат само со вложување време и труд, истото важи и за нашиот вертикален однос со Бога. Тоа може да биде искуство кое го издигнува и го поттикнува растот, но само ако поминуваме време со Него. Во практична смисла, ова подразбира проучување на Неговата Реч (Бог ни зборува), молитва (отворање на нашето срце кон Бога) и сведочење на другите за Христовата смрт, воскресение и враќање (ангажирање во Божјата мисија). Како што Бог нè благословува, така и ние сè повеќе ќе стануваме канал на благослов за другите.

Фокусот треба да биде на Бога, а не на нас (Евреите 12,1.2). Со нашата лична врска со Него, Бог може да ни даде сила да ги следиме Неговите учења, што значи послушност кон Неговата Реч. Не е ни чудо што припадниците на последната генерација Христови следбеници се опишани како „оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус.“ (Откровение 14,12).

Навистина е едноставно: ние го сакаме Бога и ние сме Му послушни од љубов.

## КНИГА И КРВ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 24,1-8. Каква улога имало читањето на Божјата реч и попрскувањето со крв во ратификацијата/потврдувањето на заветот меѓу Бога и Неговиот народ?**

___

___

___

___

Живиот Бог на Библијата е Бог на односите. Она што е важно за нашиот Господ не е некој предмет или агенда, туку личност. Оттука, Бог посветува посебно внимание на луѓето, и првенствена цел на Неговите активности е да изгради личен однос со нив. Впрочем, Бог, кој „е љубов“, мора да биде Бог кому му се важни меѓусебните односи, бидејќи како би можела љубовта да постои без заемни односи?

Исус рекол: „А кога Јас ќе бидам издигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон Себе“ (Јован 12,32). Бог е заинтересиран не само за нашето етичко однесување, правилната доктрина или низа правилни постапки, туку, пред сѐ, за личен, близок однос со нас. И двете институции поврзани со Создавањето (1. Мојсеева 1-2) се однесуваат на *односите*: првата се однесува на вертикалниот однос со Бог (саботата), а втората на хоризонталниот однос меѓу луѓето (бракот).

Официјалната потврда на заветот на Синај требало да го зајакне посебниот однос што Бог сакал да го има со својот народ. За време на таа церемонија, народот двапати гласно потврдил дека ќе го послуша Бога во сѐ што барал. „Ќе направиме сѐ што рекол Господ“, изјавиле тие. А така и мислеле, но не биле свесни за нивната оштетеност, ранливост и недостаток на сила. Книгата на заветот била попрскана со крв, што укажувало на тоа дека Израел можел да ги следи Божјите упатства само преку Христовите заслуги.

Ние не сакаме да го прифатиме фактот дека човечката природа е ранлива, слаба и целосно грешна. Имаме наследена склоност кон злото, и затоа, за да правиме добро, мора да имаме помош надвор од нас самите. Таа помош доаѓа само одозгора, од силата на Божјата благодат, од Неговото Слово и од Светиот Дух. Но, и покрај сѐ што ни стои на располагање, злото сѐ уште како лесно да го наоѓа патот до нас, зар не?

Токму поради тоа, личната тесна заедница со Бога била суштински неопходна за луѓето тогаш, на Синај, како што е и за нас денес.

**„Сите наредби што ги кажал Господ, ќе ги извршуваме“ (2. Мојсеева 24,3). Колку пати и вие сте го кажале истото, но дали сте доживеале неуспех? Кое е единственото решение?**

## ПРЕТСТАВА ЗА БОГА

**Прочитајте го текстот од 2. Мојсеева 24,9-18. Какво чудесно искуство им било дадено на Израелците тука?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Откако одново воспоставил цврст завет со Бога, Мојсеј повторно се искачил на Синај. На почетокот на тоа искачување тој не бил сам. Имал одлично друштво – 73 израелски водачи. Тоа било врвно искуство за овие водачи – тие го виделе Бога (теофанија), и овој неверојатен факт е двапати подвлечен во текстот. Исто така, тоа било време кога водачите, јадејќи заедно, го запечатиле заветот со Бога. Тоа бил посебен празник, а изрелскиот Бог бил нивен Домаќин, со што им укажал огромна чест.

На Блискиот Исток во библиско време (а донекаде и денес),заедничкото јадење било врвно искуство, голема чест и привилегија. Давало можност за простување и воспоставување пријателски врски. Тоа подразбирало дека тие ќе бидат тука еден за друг и дека ќе останат заедно во време на криза и проблеми. Јадејќи заедно, еден на друг без збор си ветувале дека, ако нешто ѝ се случи на едната страна, другата ќе биде должна да ѝ помогне. Да се биде повикан на заеднички оброк, тоа била посебна чест што не се укажувала секому.

Од друга страна, одбивањето на повикот било еден од најлошите видови навреди. Овој увид ни помага да ги разбереме новозаветните извештаи во кои Исус Христос бил мошне критикуван затоа што јадел со грешниците (Лука 5,30). Кога верниците присуствуваат на Господовата Вечера, тие исто така ја воспоставуваат таа блиска врска со другите верници, кои се грешници како нив. За време на овој оброк, ние го прославуваме простувањето и спасението што го имаме во Исуса (видете Матеј 26,26-30; Марко 14,22-25; 1. Коринќаните 11,23-29).

Трагично е што некои од луѓето кои се искачиле со Мојсеј на гората, подоцна паднале во грев и го загубиле својот живот (видете 3. Мојсеева 10,1.2.9). И покрај тоа што имале толку длабоко искуство со Бога, тоа нив не ги променило ниту ги преобратило. Колку моќна поука за тоа дека поседувањето на вистината и на светите привилегии не значи автоматски дека сме преобратени. Тие луѓе, по вакво едно искуство, требало да бидат последни кои би го направиле тоа што подоцна, за жал, и го направиле.

**Задржете се малку повеќе на сторијата за овие мошне привилегирани луѓе, дури и за Ароновите синови. Какво предупредување треба да претставува ова за нас како адвентисти, кои сме навистина привилегирани со оглед на светлината што ни е доверена?**

## СИЛА ЗА ПОСЛУШНОСТ

**Прочитајте го текстот Езекиел 36,26-28. Како доаѓа до послушност во нашиот живот?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Израелците во три наврати мошне ревносно изјавиле дека ќе му бидат послушни на Бога (2. Мојсеева 19,8; 2. Мојсеева 24,3.7). Послушноста е важна, иако Библијата учи дека ние луѓето сме слаби, расипани, ранливи и грешни. Оваа тажна вистина излегла на виделина не само во текот на историјата на древниот Израел, туку и на целиот Негов народ?

Како тогаш можеме верно да го следиме Бога?

Добрата вест е дека Бог, за она што ни заповеда да го правиме, воедно и нè оспособува. Помошта, која не се наоѓа во нас, доаѓа однадвор и нè оспособува да го правиме она што Бог го бара. Тоа е Негово дело. Пророкот Езекиел, во суштината на своето теолошко резиме во текстот Езекиел 36,26.27, ова го истакнува многу јасно. Само Бог може да го изврши тоа пресадување на срцето, а Тој го прави тоа така што ќе го отстрани нашето камено срце и ќе го замени со чувствително срце од крв и месо. Како што Исус Навин ги потсетил своите слушатели: „Вие не сте во состојба да Му служите на Господа“ (Исус Навин 24,19; превод од англиски, NIV).

Ние можеме да одлучиме да го следиме Бога – тоа е нашата улога. Тој избор мораме самите да го направиме, да одлучуваме од момент во момент да Му се предадеме Нему. А причината за ова е што немаме сила да ја спроведеме нашата одлука, дури и кога свесно избираме да му служиме на Бога. Но, кога свесно ќе Му ја предадеме нашата слабост, Тој ќе нè зајакне. Апостол Павле вели: „Кога сум слаб, тогаш сум силен“ (2. Коринќаните 12,10).

Забележете го божественото „јас“ во текстот Езекиел 36,24-30: Бог собира, чисти, отстранува, дава, става и ве поттикнува внимателно да го држите Неговиот закон. А тоа што го прави Тој, и вие ќе го правите. Тој се поистоветува со вас, и ако тесно соработувате со Него, Неговите дела ќе бидат ваши дела. Единството меѓу Бога и вас ќе биде динамично, силно и многу живо.

Повторно, акцентот во овој пасус е на Божјото дејствување. Преку пророкот, Бог вели: „Ќе го внесам во вас Мојот дух и ќе направам да одите по заповедите Мои и да ги пазите и да ги исполнувате наредбите Мои“ (Езекиел 36,27). Бог им заповеда на луѓето да Го послушаат, а потоа им дава и сила да го послушаат. Тој секогаш му помага на својот народ да го прави она што се бара од него. Послушноста е Божји дар (не е наш учинок или достигнување), исто како што оправдувањето и спасението се исто така Негови дарови (Филипјаните 2,13).

**Ако ни е ветена сила да послушаме, зошто толку лесно паѓаме во грев?**

## СРЕДЕ СВОЈОТ НАРОД

Бог го поучувал својот народ преку различни средства, а едно од нив било светилиштето. Сите негови служби укажувале на Исуса. Тоа биле очигледни поуки за планот на спасението, кој Исус ќе го спроведе многу векови подоцна.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 25,1-9. Кои клучни, практични и теолошки вистини се гледаат во овие стихови?**

---

Иако Бог ги водел Израелците и веќе бил близу нив, Тој му наложил на Мојсеј да изгради светилиште: „Да Ми направите светилиште, од каде што ќе ви се јавувам вам“ (2. Мојсеева 25,8). Бог сакал да им покаже на опиплив начин дека навистина е меѓу нив. Иако грешеле многу пати, Тој не ги напуштил и кога „подоцна повторно примиле небесна милост“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 343 оригинал), им била дадена божествена заповед и започнал процесот на изградба на светилиштето.

Библијата нѐ уверува дека Бог не живее во ракотворени храмови и градби (Дела 7,47-50), бидејќи Тој е поголем од небото над небесата, така што дури ни самото небо не може да Го опфати. Апостол Павле изјавил на Ареопагот во Атина: „Бог, Кој го создаде светов и сѐ, што е во него; Тој, Кој е Господ на небото и на земјата, не живее во ракотворени храмови“ (Дела 17,24). Исто така, и цар Соломон вели: „Но зар Бог ќе сака да живее на земјата! Небото и небото на небесата не се доволни да Те соберат, а уште помалку овој храм што сум го изградил јас“ (1. Царевите 8,27). Светилиштето требало да биде место на коешто Бог, на видлив начин, ќе им го покаже своето присуство.

За да се изгради светилиштето, од Израелците се барало да принесат доброволни жртви. Тие требало да дадат драгоцени и скапи дарови, вклучувајќи злато, сребро, бронза, бадемово дрво, разни видови облека, маслиново масло и зачини.

Во текстот 2. Мојсеева 25,10-27,21 ни се дадени многу детали за светилиштето и за неговите служби. Бог обезбедил план за Мојсеј, со конкретни упатства за тоа како да се изгради и да го опреми светилиштето, кое ги вклучувало ковчегот на заветот, масата со лебови, светилникот, олтарите, завесите, боите и мерките.

Мојсеј требало да го изгради светилиштето според нацртот што му го покажал Бог (2. Мојсеева 25,9.40; 2. Мојсеева 26,30), а кој бил одраз на небесното светилиште (Евреите 8,1.2; Евреите 9,11). Земното светилиште играло клучна улога сѐ до Исусовата смрт и Неговата служба во небесното светилиште, која земното светилиште го направила ништовно и неважечко. Оваа вистина е симболички прикажана со цепење на завесата пред Светињата над светињите во моментот на Христовата смрт (Матеј 27,51; Марко 15,38).

## ИСПОЛНЕТ СО БОЖЈИОТ ДУХ

Бог го поучил Мојсеј во врска со секој детал во подготовката за службите во светилиштето. Свештениците требало да носат свештеничка облека, а првосвештеникот носел и посебен ефод, на кој биле испишани имињата на Израеловите синови. Дел од неговата облека бил и наплеќник, кој требало да го носи на своето срце (2. Мојсеева 28), а на кој биле и камењата Урим и Тумим. Сите свештеници морале да бидат посветени (2. Мојсеева 29). Други предмети што требало внимателно да се подготват биле: кадилниот олтар, мијалникот, маслото за помазание и кадилницата (темјанот) (2. Мојсеева 30).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 31,1-18. Каква посебна помош обезбедил Бог за сите детали за светилиштето и службите поврзани со него да бидат подготвени и уредени на убав и соодветен начин?**

________________________________________________

________________________________________________

За прв пат во Светото писмо читаме дека Бог исполнил некоја личност со Светиот Дух. Што значело тоа? Веселеил е оспособен да изведува уметнички дела во светилиштето. Тој бил исполнет со Духот, односно обдарен со нови вештини, проникливост и знаење во врска со занаетчиските работи што требало да се извршат. Освен тоа, Бог му го дал истиот Дух и на Елијав и на многу други занаетчии за да помогнат околу таа работа.

Среде сета оваа креативност, Божјата сабота е претставена како знак меѓу Бога и Неговиот народ – знак дека Господ е Тој што ги посветува. Ова значи дека држењето на четвртата заповед е поврзано со посветувањето. Езекиел подоцна забележал: „Им ги дадов исто така и Моите саботи, за да бидат знак меѓу Мене и нив, па да знаат дека Јас сум Господ што ги осветува“ (Езекиел 20,12).

Саботата е потсетник на тоа дека Господ не е само наш Творец (1. Мојсеева 2,2.3), Откупител и Бог (5. Мојсеева 5,15; Марко 2,27.28), туку и дека Тој е свет. Тој ги преобразува луѓето со своето присуство. Преку Неговиот Дух и Неговото Слово, тие развиваат мил, љубовен, несебичен карактер и склоност да простуваат.

Врвниот дар што Бог му го дал на Мојсеј бил Декалогот (2. Мојсеева 31,18). Самиот Бог ги напишал и ги дал двете камени плочи со Десетте заповеди (2. Мојсеева 31,18; 5. Мојсеева 9,9-11). Овие плочи требало да се чуваат во Светињата над светињите, внатре во ковчегот на заветот, над кој се наоѓал престолот на милоста (2. Мојсеева 25,21).

**Изразот „престол на милоста“ (или „помирилиште“) потекнува од еврејски збор чиј корен значи „помирува“. Тогаш, зошто овој „престол на милоста“ е поставен точно над Божјиот закон? Каква надеж треба да најдеме во тој факт?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Светилиштето и службите во него“, стр. 343-353 (оригинал).

Светилиштето било посебно место каде што се вршело помирување за признаените гревови на Божјиот народ. Тоа било место каде што, навистина, целокупниот план на спасение, и тоа детално, им бил откриен на Израелците додека тие биле во пустината. Оправдувањето, осветувањето и судот – сето ова се учело на тоа место. Секоја животинска жртва укажувала на Исусовата смрт, на простувањето и, на крајот, на бришењето на гревот. Исто така, покрај жртвите, тука бил и Божјиот закон како мерило на праведноста.

„Божјиот закон што се наоѓал во тој ковчег претставувал големо мерило на правдата и судот. Според тој закон се изречувани смртни пресуди над престапниците; но над законот се наоѓал престол на милоста на кој се откривало Божјето присуство и од кој, благодарение на помирувањето остварено преку Христа, грешникот добивал проштавање. Така во Христовото дело за нашиот откуп, симболички прикажуван со службата во Светилиштето, се исполнуваат зборовите: ‘Милоста и вистината ќе се сретнат, правдата и мирот ќе се бакнат’ (Псалм 85,10)“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 349 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Колку пати сте рекле: „Сè што ми рекол Господ да правам, ќе направам“? Колку сте биле успешни во вашите напори?**

**2. При крајот на 40-дневното престојување на Мојсеј со Господа на гората Синај, Бог нагласил дека Израелците мора да ја празнуваат Неговата сабота, бидејќи таа ќе биде знак меѓу Бога и нив – дека Господ е Тој што ги посветува. Каква улога имаат светоста и посветувањето во држењето на саботата?**

**3. Господ сакал тие да изградат светилиште за да може, како што рекол, „да можам да престојувам меѓу нив“. Колку е фасцинантно што ова место било средиште на спасението за Израел. Токму тука – во светилиштето, каде што Бог престојувал меѓу Својот народ – планот на спасение се спроведувал во типови и сенки. Што ни кажува ова за нашата целосна зависност од Бога за спасение?**

**4. Што значи тоа дека преку крвта сите нивни гревови биле внесувани во светилиштето, Божјиот дом? Во која смисла оваа неверојатна вистина го одразува, макар и нејасно, она што Исус го направил за нас на крстот и она што Тој го прави за нас сега во небесното светилиште?**

Лекција 11
Од 6 до 12 септември

# ОТПАДОТ И ПОСРЕДУВАЊЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 32,1-6; Псалм 115,4-8; Исаија 44,9.10; Римјаните 1,22-27; 2. Мојсеева 32,7-32; Исаија 53,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И се врати Мојсеј кај Господ, и рече: ‘О, Господи, овој народ направи голем грев, бидејќи си направи бог од злато. И сега прости им го гревот нивни; ако ли, пак, не, тогаш избриши ме и мене од книгата Твоја, во која си ме запишал’“ (2. Мојсеева 32,31.32).**

Мојсеј бил отсутен од израелскиот логор само 40 дена – и што се случило? Божјиот народ се оддалечил од Него и почнал да се поклонува на идол направен од човечки раце – златно теле. Како можеле да го направат тоа по толку моќни знаци, искуства и чуда?

Би можеле да се дадат многу одговори, а можно е во сите да има по некоја вистина. Зар народот не разбрал кој е, всушност, Бог? Или нивните моќни искуства со Него биле засенети од нивните телесни и грешни желби? Зар тие не го ценеле она што Бог го направил за нив, туку, напротив, сето тоа го прифаќале како нешто што им припаѓа само по себе? Дали нивната моќ на расудување била помрачена, нарушена од нивните секојдневни преокупации и стари грешни начини на размислување? Дали тие едноставно биле неблагодарни за Божјите милостиви дела направени во нивна корист? Дали толку брзо ги заборавиле Божјите моќни дела (Псалм 106,13.21-23)? Или за сето тоа можело да се обвини неуспешното водство на Арон? „И на Арон силно се разгневи Господ и сакаше да го погуби“ (5. Мојсеева 9,20).

Без оглед на причините за ова страшно отпадништво, кои поуки можеме да ги извлечеме од тоа, не само во врска со човечката грешност, туку и во врска со Божјата благодатна љубов кон луѓето, и покрај нивната грешност?

## НЕУСПЕШНО ВОДСТВО

Бог го повикал Мојсеј да помине извесно време со Него. Тој период од четириесет дена и четириесет ноќи можеби бил краток за Мојсеј, но се чини дека бил долг, дури и предолг, за Израелците. Нивниот видлив водач бил отсутен, а тие станале дезориентирани, нетрпеливи, исплашени и несигурни. Сакале да имаат видлив бог кој ќе ги води, по углед на „боговите“ што ги гледале целиот свој живот во идолопоклоничкиот Египет.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 32,1-6. Како е можно водството на Арон да потфрли толку спектакуларно?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Арон не бил дораснат на ситуацијата. Пропуштил да го искористи погодниот момент и да го направи она што е исправно. Наместо да се потпре на Господа, тој се повлекол пред мнозинството. Народот барал нешто незамисливо: „Стани и направи ни бог што ќе оди пред нас“ (2. Мојсеева 32,1) – и тој се согласил.

Тие доброволно дале злато за да се направи овој идол, а Арон не само што не ги спречил, туку всушност и ги повикувал да положуваат. А тогаш и самиот учествувал во обликувањето на тој лажен бог. Подоцна, народот изјавил: „Еве го, Израеле, твојот бог, кој те изведе од земјата египетска“ (2. Мојсеева 32,4). Ова било толку грешно, толку злобно и кратковидо! Тие само што го направиле тој идол, а потоа изјавиле дека тој, направениот идол, ги ослободил. Неверојатно е како грешните желби можат да ги изопачат нашите мисли и дела. Луѓето ги слават сопствените творби, а притоа нивната човечност и морал се унижени/обезвреднети.

„Ваквата тешка криза барала човек цврст, решителен и непоколеблив, човек кој честа пред Бога ја цени повеќе отколку јавното мислење, повеќе од личната безбедност, па дури и од самиот живот. Но тогашниот водач на Израел ги немал тие особини. Арон се покажал слаб пред народот. Неговата колебливост и плашливост во тој критичен миг ги сториле уште порешителни. Нередот се зголемувал. Со народот завладеал слеп и целосен метеж. Имало и такви кои му останале верни на својот завет со Бога, но главнината на народот зела учество во отпадот... Наместо благородно да издржи во одбрана на Божјата чест, Арон, плашејќи се за својата сопствена безбедност, попуштил пред навалувањето на народот“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 316, 317 оригинал).

**Како можел Арон, водач, да биде толку слаб? На кои начини Арон можел да се обиде во своето срце да ги оправда своите ужасни постапки?**

## ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО И ЗЛОТО

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 32,6. До што наскоро ги довело нивното идолопоклонство? (Видете и Псалм 115,4-8; Псалм 135,15-18; Исаија 44,9.10.)**

______________________________

______________________________

______________________________

Ова златно теле личел на египетскиот бик-бог, по име Апис, или на кравата-божица, по име Хатор. Тоа било очевидно кршење на првата и втората заповед (2. Мојсеева 20,3-6). Таквиот престап не можел да помине неказнето, бидејќи отворено го нарушувал нивниот однос со живиот Бог. Наместо да го обожаваат својот Творец, Израелците ја обожавале сопствената творба, која не можела да гледа, да слуша, да мириса, да зборува, да се грижи, да сака, ниту да ги води.

Редоследот на Создавањето бил извртен; наместо да сфатат дека се создадени според Божјиот лик, тие сега направиле бог, дури ни по сопствениот лик – што би било доволно лошо – туку според лик на животно. Тоа бил бог на кој сакале да му служат? Правејќи го тоа, тие ужасно му згрешиле на Господа (Исаија 31,7; Исаија 42,17).

**Во која смисла отпадништвото со златното теле го одразува она што е напишано во Римјаните 1,22-27?**

______________________________

______________________________

______________________________

Идолопоклонството го негира теолошкото сфаќање дека Бог е – Бог, а човекот – човек. Тоа го брише јазот меѓу Бога и човекот (Проповедник 5,2) и ја прекинува врската со Него. Без разлика дали тоа е нешто отворено и очигледно, или нешто скриено во срцето, идолопоклонството брзо го прекинува нашиот однос со Господа и нè води по надолна морална спирала. Не е ни чудо што текстот вели дека следниот ден – откако му принеле жртва на идолот, почнале да се забавуваат на начин на кој Елена Вајт вели дека било „имитирање на идолопоклоничката прослава на Египќаните“ (*Патријарси и пророци*, стр. 320 оригинал).

Луѓето се генијалци кога смислуваат свои идоли. Тие создаваат свои богови, што е доволно лошо, а згора на тоа уште и им служат. Создателот е заменет со работи кои, порано или подоцна, водат до морално распаѓање.

**На кој начин луѓето денес го обожаваат создаденото наместо Создателот?**

## РАСИПУВАЊЕ НА САМИТЕ СЕБЕ

**Прочитајте 2. Мојсеева 32,7.8. Зошто Бог го испратил Мојсеј назад во израелскиот логор?**

___

___

Свртувајќи се кон идол, Израелците биле во процес на одвојување од вистинскиот Бог, Оној што ги избавил од Египет. Господ ја фрлил вината за тоа директно на нив, велејќи дека „народот твој... појде по пат на беззаконие“ (2. Мојсеева 32,7) – бидејќи дури и заслугата за нивното ослободување од Египет тие ѝ ја припишале на таа статуа. Колку ли само директно противречеле на она што им го кажал Бог (2. Мојсеева 20,2)! Ова негирање на Божјото присуство и на Неговите моќни дела било навистина сериозна работа. Нивните мисли и чувства биле целосно расипани и изопачени.

За пророкот Езекиел, идолопоклонството лежело во сржта на страдањето на Божјиот народ, и од него произлегувале сите други гревови (видете, на пример: Езекиел 8,1-18; Езекиел 20,1-44; Езекиел 22,1-12). Честопати се прашуваме зошто тие поранешни верници биле толку наивни и непоправливи кога станувало збор за обожавање на разни идоли направени од човечка рака. Прилично сме сигурни дека никогаш не би направиле такво нешто. Меѓутоа, дали навистина сме без идоли? Впрочем, денешните идоли можат да имаат различни облици, но нивната привлечност е слична.

Идол е нешто што го заменува Бога, нешто што, иако знаеме дека не е исправно, сепак го обожаваме и на кое повторно се навраќаме. Тоа е нешто што ја окупира нашата мечта, чувства, време и ум повеќе отколку Бог. Може дури и да ги обземе нашите мисли до степен на заробеништво. Ние, всушност, се претвораме во она што го посматраме и никогаш нема да се издигнеме над нашиот „бог“, што и да е тоа на кое му служиме.

Ако Бог не е во центарот на вашиот живот, некои други богови ќе го пополнат Неговото место. Ако не уживаме во Неговото живо присуство и не го негуваме тој однос, тогаш ќе уживаме во нешто или во некој друг, и на тоа ќе го посветиме својот живот. Она со што го заменуваме Христа може да има многу форми – тоа може да биде гордост, егоцентричност, пари, моќ, секс, храна, ТВ, дрога, алкохол, нечисти мисли, порнографија, разни задоволства, работа, спортови, семејство, видеоигри, филмови, шопинг, одредени идеи, политика, музика, социјален статус, титули, академски достигнувања итн. Листата е бесконечна.

Ние сме многу креативни и иновативни во тој поглед. Сè што ни изгледа дека е добро, убаво и значајно, исполнето со некоја смисла, можеме да го претвориме во идол. Идолопоклонството е исклучително опасно затоа што ја преобразува нашата личност, нашиот начин на размислување, нашите наклоности и нашиот социјален живот. Тоа го менува нашиот идентитет, заменувајќи ги длабоките, искрени лични односи со шупливи и, во крајна линија, бесмислени интеракции кои всушност не можат да нè спасат.

## БОЖЈИОТ ПРАВЕДЕН ГНЕВ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 32,9-29. Каква била Мојсеевата реакција на Божјата закана дека ќе го уништи Израел?**

___

___

Мојсеј сè уште се наоѓал на горaта Синај кога Бог рекол дека ќе ги уништи бунтовниците и ќе направи голем народ од Мојсеевите потомци. Но Мојсеј не го сакал тоа. Напротив, тој се моли на Господа, нагласувајќи дека Израелците не се негов народ – туку Божји. Не бил тој, Мојсеј, кој ги извел од Египет, туку Бог го направил тоа преку неговите моќни дела. И така Мојсеј му се молел на Бога, нагласувајќи ги Неговите претходни ветувања дадени на нивните татковци. Мојсеј навистина дејствува како посредник меѓу Бога и човештвото.

Бидејќи „И Господ се смилува и не му направи зло на народот Свој, како што беше рекол“ (2. Мојсеева 32,14), Мојсеј се вратил кај нив. Во таа пригода не е забележано – за разлика од она што е наведено во 2. Мојсеева 34,29.30 – дека неговото лице блескало откако бил во Господово присуство. Овој пат неговото лице веројатно откривало гнев.

„А кога се приближи до логорот и го виде телето и игрите, се разгневи Мојсеј: па ги фрли од рацете свои обете плочи, и ги скрши во подножјето на планината“ (2. Мојсеева 32,19). Кршењето на плочите што го содржеле Декалогот било надворешен знак за кршење на нивната содржина. Бог го прекорил Мојсеј за тоа, но подоцна му заповедал да изделка две плочи за да ги замени „првите плочи што ги скрши“ (5. Мојсеева 10,2). И самиот Бог повторно ги запишал тие заповеди.

Мојсеј остро го прекорил Арон затоа што попуштил пред барањата на народот. „Што ти направи овој народ... па им навлече толку голем грев?“ (2. Мојсеева 32,21). Арон се обидел да се оправда себеси така што ги (1) обвинил другите и (2) се повикал на магиски дејства: „ Така ми го дадоа, а јас го фрлив (златото) во оган, па излезе ова теле“ (2. Мојсеева 32,24). Она што ги направило работите уште потешки е тоа што Бог веќе му укажал голема чест и му дал многу привилегии на Арон, вклучувајќи го и искачувањето на горaта заедно со Мојсеј и 70 други старешини (2. Мојсеева 24,1).

Каква мрачна иронија! Тврдејќи дека се случило чудо, Арон сакал да го измами својот брат (забележете како еден грев води кон друг; во овој случај, идолопоклонството во лажење). Меѓутоа, Мојсеј не бил измамен, бидејќи видел колку дивјачки се однесувал народот. Негативните последици биле очигледни, и Мојсеј морал веднаш да го прекине бунтот.

**Што нè учи овој настан за силата на посредничката молитва? За кого треба да се молите во овој момент?**

## ПОСРЕДУВАЊЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 32,30-32. Колку далеку Мојсеј бил готов да оди во својата посредничка молитва за грешниците?**

Поради нивниот бунт, во израелскиот логор се случиле страшни работи, вклучително и смрт на многу луѓе (2. Мојсеева 32,28). Следниот ден, Мојсеј му се обратил на народот, велејќи: 'Тежок грев сторивте. Сепак ќе се искачам при Господа. Можеби ќе добијам прошка за вашиот грев'" (2. Мојсеева 32,30).

„Мојсеј се врати при Господа, па рече: 'Леле! Оној народ стори тежок грев, правејќи си бог од злато. Сепак прости им го гревот. Ако не сакаш, тогаш избриши ме и мене од Својата книга, која ја напиша'" (2. Мојсеева 32,31.32).

Не е ни чудо што Мојсеј се смета за тип на Христос! Преку неговата посредничка молитва за грешниците и неговата подготвеност да го понуди сопствениот живот за нив, тој секако станал одраз на она што Христос подоцна ќе го направи за секој од нас. Колку примерно сочувство со престапниците! Тој покажал целосна посветеност на Господа и Неговата пожртвувана љубов кон луѓето. Книгата 2. Мојсеева нè наведува колку долго Мојсеј останал на гората со Господа овој пат, но 5. Мојсеева открива дека тој и овој пат поминал 40 дена на Синај (види 5. Мојсеева 9,18).

Во 2. Мојсеева 32,32, зборот преведен со „прости" потекнува од глагол чие основно значење е „носи" или „пренесе", како во Исаија 53,4, кој вели (за Исуса): „Тој ги понесе нашите болести, ги зеде врз себе нашите болки". Ова е истиот глагол кој во стихот 2. Мојсеева 32,32 е преведен со зборот „простува", а во Исаија 53,4 со зборот „понесе" . Каков моќен увид во процесот на спасение и простување, и колку го чинело Бога нашето спасение.

Навистина, Мојсеј го замолил Господа да ги „понесе" гревовите на луѓето, што Тој, се разбира, го направил на крстот неколку илјади години подоцна. Стихот 2. Мојсеева 32,32 ја открива не само идејата за заменичко помирување, туку и тоа кој ќе нè замени – лично Бог.

Овој текст покажува како доаѓа до простување. Бог ги понел нашите гревови во Христа, затоа што само така може да ни биде простено. Колку моќен израз на планот за спасение и отворен показател, пред нас и пред целата вселена, за тоа колку го чинело Бога да нè спаси.

**Мојсеј побара од самиот Бог да ги понесе гревовите на народот, и Тој на крајот, во Исуса, го направил токму тоа. Како да ја разбереме оваа неверојатна вистина? Што ни кажува таа за Божјата љубов кон паднатото човештво?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Идолопоклонство во подножјето на Синај“, стр. 315-327 (оригинал).

Поуката за оваа седмица посветува посебно внимание на Божјото дејствување во самите верници. Бог може да направи во нас „изобилно сè што ќе побараме или помислиме“ (Ефесјаните 3,20). Ние не треба да се фокусираме на себеси и да ги задоволуваме нашите лични желби, бидејќи тоа води кон идолопоклонство. Наместо тоа, нашето внимание треба да биде насочено кон Бога и кон Неговата моќ. Тој ни дава сила, која нè води во нов и победоносен живот (Филипјаните 4,13; Јуда 1,24.25).

„И љубовта, ништо помалечка отколку правдата, бара тој грев да се осуди. Бог не е само врховен господар, туку и заштитник и чувар на својот народ. Тој ги истребува оние што решително остануваат во бунт за да не ги водат и другите во пропаст. Поштедувајќи му го животот на Каина, Бог на целата вселена ѝ покажал што би било ако гревот би останал неказнет. Влијанието на неговиот живот и на неговото учење врз неговото потомство, човечкиот род го одвело во толку голема изопаченост, што светот морал да биде уништен со потоп... Колку луѓето подолго живееле, биле сè поразсипани. Така било и со отпадот на Синај. Кога престапниците не би ги снашла веднаш казна, последиците би биле исти како и кај претпотопниот свет“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 325 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Задржете се повеќе на прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за понеделник. На кои сè начини можеме да ги обожаваме самите дела на создавањето, наместо Создателот? На пример, како можеме да се стремиме да бидеме добри повереници на земјата и да ја штитиме животната средина без да ја обожаваме и да ја претвораме во идол сама по себе?**

**2. Тежината на некоја ситуација може да се процени врз основа на последиците и резултатите од одредена работа, или врз основа на сериозноста на реакцијата на одреден настан. Зошто Мојсеј наредил да се погубат оние кои тврдоглаво одбивале да се покаат и биле упорни во својот бунт против Бога и Неговото учење?**

**3. Зошто заменичкото помирување е единствениот правилен вид на помирување? Зошто секоја теорија за помирување што ја негира или ја потценува заменичката основа на евангелието претставува груба теолошка грешка? Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,24. Како, на моќен начин, ни се открива овде идејата за Исус како наша Замена?**

**Лекција 12**
**Од 13 до 19 септември 2025**

# „ПОКАЖИ МИ ЈА СЛАВАТА СВОЈА“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 33,7-34,35; 5. Мојсеева 18,15.18; Јован 17,3; Римјаните 2,4; Јован 3,16; 2. Коринќаните 3,18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа Господ помина покрај лицето на Мојсеј и извика: ’Господ, Господ, Бог човекољубив и милостив, долготрпелив, многумилостив и верен! Кој ја чува правдата и покажува милост на илјадници, Кој проштава беззаконија, неправди и гревови, но Кој виновни не остава неказнети, Кој за гревовите на татковците ги казнува децата, дури и внуците до третото и четвртото колено’“ (2. Мојсеева 34,6.7).**

Сите ние треба да растеме во нашето одење со Бога. Ако не растеме, ние сме мртви. Апостол Петар вели: „Туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Нему слава и сега и за вечни времиња. Амин“ (2. Петрово 3,18). Мора да бидеме подготвени да растеме. Секој ден се наоѓаме во Божјиот универзитет, на кој никогаш нема да дипломираме, туку постојано ќе бидеме во процес на учење. Но, во секоја фаза од растот можеме да бидеме совршени, ако му дозволиме на Бога да нè обликува во личноста каква што – на Неговиот повик, во Христа – треба да бидеме.

Сетете се на училиштето. Ако научат да читаат и да бројат до 100, првачињата добиваат преодна оценка, бидејќи нивното знаење е совршено во таа фаза и на тоа скалило од растот. Меѓутоа, доколку истото ниво на знаење, и ништо повеќе од тоа, се најде кај некој средношколец, тоа би укажало на колосална грешка во неговото образование. Слично е и со нашиот раст во благодатта и познавањето на Бога. Во секоја фаза од нашиот развој, можеме да бидеме совршени во нашиот сопствен домен, како што Христос е совршен во Неговиот.

Оваа седмица проучуваме како Мојсеј, познавајќи ги и следејќи ги Божјите упатства, растел во неговото одење со Господа.

## ШАТОРОТ ЗА СОСТАНОК

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 33,7-11. Зошто Бог побарал од Мојсеј да го изгради шаторот за состанок?**

---

Не смееме да го мешаме „шаторот на средбата“ (направен надвор од израелскиот логор) со светилиштето (скинија, табернакл), кое подоцна било подигнато и поставено во центарот на логорот. Не знаеме колку често Мојсеј се консултирал со Бога во тој шатор за состанок. Но, едно нешто сигурно знаеме: овие средби меѓу Мојсеј и Бога довеле до блиско пријателство меѓу нив. „И тогаш Господ зборуваше со Мојсеј лице в лице, како што човек зборува со пријателот свој“ (2. Мојсеева 33,11). Пријател е личност со која можеме да се советуваме и отворено да разговараме за речиси сѐ, а во која можеме да имаме доверба дека никогаш нема да им го открие тоа на другите. Пријателот е најубавото нешто што можеме да го имаме и најубавото нешто што можеме да бидеме.

Како што е запишано во текстот 2. Мојсеева 19-34, сторијата за Мојсеј е многу поучна во поглед на тоа како Бог го преобразува нашиот живот. Како Бог изградил однос со овој извонреден водач? Проучувањето на Мојсеевиот живот покажува како тој растел во своето знаење не само за Божјата сила, туку и за Неговата љубов и карактер. Тоа е клучна компонента на односот со Бога.

Пред да дојде на горавта Сион, Бог моќно го користел Мојсеја, дури и додека го подготвувал за таа посебна водечка улога. Во мадијамската земја, додека се грижел за овците, Бог го вдахнал да напише две книги: Книгата за Јов и 1. Книга Мојсеева (Битие). И тогаш, за време на драматичниот настан кај грмушката што горела, Тој го повикал да го изведе Израел од Египет. Мојсеј го видел поразот на египетските богови и моќната египетска војска во Црвеното Море. Во текот на многу седмици посматрал како Бог го води Израел од Египет до Синај. По искуството што довело до тоа неговото лице да блеска, тој го водел Израел уште 39 години до границите на Ветената земја. Библиската порака потврдува дека Мојсеј бил верен Божји слуга (5. Мојсеева 34,5; Исус Навин 1,1), непоматена светлина во темнината, пример на пророк со кој другите ќе се мерат (5. Мојсеева 18,15. 18). Тој бил носител на промените, иако народот не секогаш ги следел неговите упатства и зборови. Но кога го слушале, напредувале.

**И ние можеме да учиме од Мојсеј, бидејќи неговата извонредна животна приказна ни кажува што може Бог да направи кога ќе му дозволиме да нѐ менува. Кои биле некои пресвртни точки во вашето одење со Бога кога сте го препознале Неговото моќно дејствување во вашиот живот?**

## ЗА ДА МОЖАМ ДА ТЕ ЗАПОЗНААМ

**Прочитајте 2. Мојсеева 33,12-17. Што барал Мојсеј од Господа да го научи? Зошто барал Божјото присуство да им го покажува патот?**

---

---

Мојсеевиот раст во Господа бил постојан. Тој сѐ повеќе Му се приближувал и се обидувал да се усогласи со Неговиот лик. Еден ден додека разговарал со Бога во шаторот за состанок, тој одеднаш сфатил дека не Го познава и изговорил посебна молитва: „Покажи ми ги Своите патишта, за да Те сфатам“ (во други преводи *запознаам; заб на прев.;* 2. Мојсеева 33,13). Мојсеј бил свесен за својата длабока потреба да го разбере Бога на едно ново ниво. Открил дека колку повеќе Го запознава Господа, толку повеќе бил свесен дека не Го познава доволно. Тој ја препознал својата потреба и сакал со сето свое срце подобро да Го запознае. И Бог со задоволство ја исполнил таа желба на Мојсеј.

Гледајќи ги досегашните искуства на Мојсеј, можеме да видиме како тој стапувал во сѐ подлабок, потесен меѓусебен однос со Господа, и како духовно растел.

Прво, Мојсеј „се искачи кај Бога“ (2. Мојсеева 19,3) на планината. Потоа излегол „на врвот од планината“ (2. Мојсеева 19,20), а подоцна се приближил до облакот, „густиот облак, каде се наоѓаше Бог“ (2. Мојсеева 20,21).

Во друга пригода, „Мојсеј влезе среде облакот“, каде што се наоѓал Бог, и останал со Господа 40 дена и 40 ноќи (2. Мојсеева 24,18). Во текот на тие 40 дена, Бог му дал на Мојсеј два драгоцени дара: (1) Декалогот, кој Сам Бог го напишал на две плочи што Самиот ги издлабил (2. Мојсеева 24,12), и (2) упатства за тоа како да се направи и опреми светилиштето (видете го текстот 2. Мојсеева 25-31).

А потоа поминал уште 40 дена и ноќи со Господа, посредувајќи за грешниците (2. Мојсеева 32,30-32; 5. Мојсеева 9,18).

Но и покрај сето ова, Мојсеј сѐ уште сакал поконкретно да го знае Божјиот карактер, и Бог наскоро му дал посебни сознанија за да разбере кој е Тој. Тоа знаење по коешто копнеел Мојсеј не било само интелектуално разбирање на Бога, туку практично познавање на Неговата личност.

Не е ни чудо што Исус, векови подоцна, рекол: „А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос“ (Јован 17,3). Има ли подобар начин Бог да им се открие себеси на луѓето од тоа и самиот да стане човек?

**Дали го познавате Бога или само знаете нешто за Него? Која е клучната разлика меѓу овие две работи?**

## „ПОКАЖИ МИ ЈА СЛАВАТА СВОЈА“

По отпадот со златното теле, Мојсеј посредува за Божјиот народ и сака да биде сигурен дека Господ ќе продолжи да ги води во Ветената земја. А длабоко во себе, тој исто така сака подобро да го запознае Господа.
**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 33,18-23. Како Бог одговорил на барањето на Мојсеј да ја види Неговата слава?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

„Покажи ми ја славата Своја“, барал Мојсеј од Господа. И Господ, во Својата милост, навистина му ја открил Својата слава. Меѓутоа, одговарајќи на барањето на Мојсеј, Бог всушност му ветил дека ќе му ја покаже својата „добрина“. Оттука, може со сигурност да се заклучи дека Божјата слава е, всушност, Неговата добрина, односно Неговиот карактер (видете исто така: Елена Г. Вајт, *Делата на апостолит*е, стр. 576 оригинал; *Христовите параболи*, стр. 414, 415; *Пророци и цареви*, стр. 313 оригинал).

„Пренесувајќи ги своите божествени доблести и врз своите деца, Бог се извишува и се слави. Тој сака луѓето во тој правец да постигнат највисок степен“ (Елен Г. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 530 оригинал). Негова слава е да ги прегрне покајните грешници (видете: *Пророци и цареви*, стр. 668 оригинал) и да обезбеди сè што е потребно за нивна промена. Во исто време, нашата „слава“ е да го откриеме Неговиот карактер во нашиот сопствен живот и да им го објавуваме / покажуваме на другите.

Овој одраз на Божјиот карактер, Неговата добрина, љубезост и нежна љубов, мора да се види во нашите дела. На тој начин, имаме можност да бидеме не само благослов за овој свет, туку и блескава светлина за вселената која го набљудува сето тоа. Како што вели Павле: „Мислам дека нас апостолите Бог нè прикажа најпоследни, како осудени на смрт, бидејќи станавме глетка за светот - на ангелите и на луѓето“ (1. Коринќаните 4,9). Оваа космичка димензија му дава на нашиот живот и служба смисла и цел што едвај можеме да ги разбереме.

Во стиховите Римјаните 2,4, Павле вели дека „Божјата благост те води кон покајување“. Односно, Божјата добрина и Неговиот карактер е тоа што ги осведочува луѓето во нивната грешност и потреба за спасение. Навистина, кога ќе го погледнеме крстот и ќе знаеме кој бил на него (Самиот Господ) и зошто Тој бил таму – затоа што Тој нè сака и тоа бил единствениот начин да нè спаси – тука го имаме најголемото можно откровение на Неговата добрина и Неговиот карактер.

**Колку време поминувате сосредоточени на Крстот и што ви кажува тој за Божјиот карактер?**

## БОЖЈОТО САМООТКРИВАЊЕ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 34,1-28. Како Бог му ја открил својата слава на Мојсеј?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Мојсеј морал да земе со себе две камени плочи, исти како оние што ги скршил (2. Мојсеева 32,19). Тој требало да се сретне со Господа по седми пат на гората Синај. Неговите претходни одења на гората се спомнати во следните стихови: (1) 2. Мојсеева 19,3.7; (2) 2. Мојсеева 19,8.14; (3) 2. Мојсеева 19,20.25; (4) 2. Мојсеева 20,21; 2. Мојсеева 24,3; (5) 2. Мојсеева 24,9.12-18; 2. Мојсеева 32,15; (6) 2. Мојсеева 32,30.31. Тргнал на пат рано наутро.

Сега тој бил подготвен за тој славен увид во Божјиот карактер. Убавината на Божјиот карактер најдобро се доловува со Божјото неверојатно самооткривање. Тоа е најважниот опис на Бога, кој го прикажува токму онаков каков што Тој е. Тоа е златната нишка што се провлекува низ целата Библија (4. Мојсеева 14,18; Неемија 9,17; Псалм 103,8; Јоил 2,13; Јона 4,2). Тоа Господово откровение е „Јован 3,16 од Стариот завет“. На клучни места, библиските писатели го применуваат, повторуваат и го прошируваат ова самооткривање на живиот Бог, бидејќи Божјиот карактер мора правилно да се разбере.

По добивањето на ова извонредно, единствено и неспоредливо објаснување за Божјето име, Мојсеј му се поклонил во чин на обожавање на Господа. Кога, макар и само со бегол поглед ќе ја согледаме Божјата љубов, благодат, милост, сочувство, добрина, верност, простување, светост и правда, и ние стануваме привлечени кон Него. Токму кога ќе го согледаме сето тоа и ќе почувствуваме восхит кон Неговите извонредни доблести, почнуваме да Го сакаме со љубов што нè наведува да Му служиме и да Му бидеме послушни. Затоа што Тој нè љуби, за возврат, и ние Него го сакаме (1. Јованово 4,19).

Во тоа самооткривање, Бог го уверува Мојсеј дека ќе изврши чудесни дела за Својот народ и ќе го одведе во Ветената земја. Тој го обновува својот завет со нив, ветувајќи дека и другите народи ќе го видат Неговото величество и Неговите чудесни дела. „Еве, воспоставувам завет со тебе: пред целиот народ твој ќе извршам чуда какви што не биле направени по целата земја и кај ниеден народ; и ќе ги видат сите луѓе, меѓу кои си и ти, делата Господови, бидејќи страшно ќе биде она што ќе го направам за тебе“ (2. Мојсеева 34,10).

Меѓутоа, Израелците морале да му бидат послушни на Бога и да ги следат десетте јасни одредби за да ја обезбедат својата благосостојба. Бог, исто така, побарал од Мојсеј да ја запише содржината на тој завет, кој веќе бил прекршен (2. Мојсеева 34,27.28).

## МОЈСЕЕВОТО ЛИЦЕ КОЕ СВЕТЕЛО

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 34,29-35. Што довело до тоа лицето на Мојсеј да светли?**

Откако Бог му го открил Својот карактер полн со љубов, Мојсеј слегол во израелскиот логор со лице кое блескало. Дали Мојсеј на почетокот бил свесен дека лицето му свети? Не, тој воопшто не го знаел тоа. Колку човекот е поблизу до Господа, толку повеќе станува свесен за своите несовршености наспроти Божјата светост.

Која била причината за преобразбата на Мојсеј, која довела до тоа неговото лице да стане блескаво? Причината не била едноставно во тоа што тој бил во Божјо присуство, бидејќи тој бил со Господа и претходно во неколку наврати, но неговото лице не светело по тие средби. Меѓутоа, кога никогаш не би бил во Господовото присуство, неговото лице никогаш немало ни да заблеска. Дури кога ја разбрал Божјата добрина и љубезност, кога целосно се отворил пред Бога поради убавината на Неговиот карактер, Мојсеј се преобразил и неговото лице почнало да свети. Нашето срце и нашиот ум можат да доживеат промени кога ќе му се предадеме на Бога и ќе му дозволиме да биде Господар и Цар на нашиот живот.

**Прочитајте 2. Коринќаните 3,18. Како Исус може постепено да ве преобрази во својот лик?**

Апостол Павле го споредува блескавото лице на Мојсеј со Исуса Христа и вели дека Исусовата слава (во која се олицетврени Божјиот закон и благодатта) ја надминува славата на Мојсеевиот закон. Христос, заедно со неговиот закон, може да биде врежан во нашиот карактер само тогаш кога ќе го насочиме нашиот поглед кон Исуса (Евреите 3,1; Евреите 12,2) и само со силата на Божјиот Дух (2. Коринќаните 3,12-18).

Мојсеј е наш пример, кој покажува што може Бог да направи за нас кога ќе му дозволиме да го промени нашиот карактер и да нè обликува во Неговиот божествен лик. На ова мисли Павле кога зборува за одењето во „нов живот“ (Римјаните 6,4).

**Кои делови од вашиот карактер треба подобро да го одразуваат Божјиот карактер? Веројатно секој дел, зар не? Меѓутоа, како сосредоточеноста на Крстот и неговото значење може да ви даде охрабрување и сигурност во спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, внимателно прочитајте го делот од поглавјето со наслов „Идолопоклонство во подножјето на Синај“, стр. 327-330 (оригинал).

Еден мрачен ден, таткото и синот ја посетиле катедралата. Додека ги посматрале прозорците со витраж со убави описи и слики на различни библиски сцени, сонцето одеднаш блеснало низ насликаното стакло, осветлувајќи го со блескава светлина. Момчето восхитено прашало: „Тато, кои се луѓето на тие слики? Таткото не знаел многу за христијанството, за Христа и Неговите ученици, па кратко одговорил: „Тие луѓе се христијани“. Меѓутоа, тие блескави слики останале врежани во умот на момчето. Еден ден неговиот учител му поставил прашање на класот: „Деца, знаете ли кои се христијаните? Ова момче се сетило на тие светли слики и одговорило: „Знам! Христијаните се луѓе кои блескаат“. На сличен начин, Исус им рекол на своите ученици: „Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прославт вашиот Отец небесен!“ (Матеј 5,16) Само луѓето кои блескаат можат да бидат носители на промени.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Кога би се понизиле пред Бога и би биле љубезни, учтиви, со нежно срце и сочувствителни, би имало сто преобратувања во вистината каде што сега има само едно“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата,* кн. 9, стр. 189). Која моќна порака се наоѓа овде за сите нас во врска со тоа како нашиот карактер, нашите дела и нашите ставови влијаат на нашето сведочење?**

**2. Текстот на 2. Мојсеева 34,6.7 со право се нарекува „Јован 3,16 од Стариот Завет“. Зошто?**

**3. Како можете да им ја објасните убавината на Божјиот карактер на луѓето кои ве прашуваат кој е вашиот Бог, врз основа на Неговото самооткривање во текстот 2. Мојсеева 34,6.7?**

**4. Разговарајте во класата за тоа како карактерот и постапките на луѓето кои се претставуваат како христијани влијаат на нивниот начин на живот. Какво влијание имале оние кои се љубезни, милостиви, понизни и склони да проштаваат на вашето лично искуство? Во исто време, како влијаеле нељубезните, непомирливи и арогантни „христијани“ на вашето одење со Господа?**

**Лекција 13**
**Од 20 до 26 септември 2025**

# СВЕТИЛИШТЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 35,1-36,7; 1. Мојсеева 1,1; 2. Мојсеева 36,8-39,31; Евреите 7,25; 2. Мојсеева 40,1-38; Јован 1,14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш облак ја покри скинијата на собранието и се исполни скинијата со слава Господова... зашто облакот Господов стоеше над скинијата дење, а ноќе во облакот се појавуваше оган пред очите на целиот дом Израелов, при сите нивни патувања“ (2. Мојсеева 40,34.38).**

Главната задача на Божјиот народ во Стариот Завет (како и на нас денес) била да живеат во близок заемен однос со Господа, да го обожаваат и да Му служат, а исто така и да им покажуваат вистинска слика за Бога на другите (5. Мојсеева 4,5-8).

Во рајската градина, Адам и Ева се скриле од Бога затоа што се плашеле од Него поради својот грев. Грешноста ги прави луѓето природно да се плашат од Бога и тој страв го искривува нашето гледиште за Неговиот карактер. Добрата вест е дека Бог го прави првиот чекор за да се надмине тој јаз. На сопствена иницијатива, Тој го премостил јазот, го поправа нарушениот однос и го повикува грешникот да се врати кај Него со прашањето: „Каде си?“ (1. Мојсеева 3,9)

Затоа, нашата главна мисија е на сите околу нас правилно да им го прикажеме Божјиот карактер и Неговите праведни дела направени од љубов. Кога луѓето ќе бидат привлечени кон Бога и убедени во Неговата несебична љубов спрема нив, тие ќе Му го предадат својот живот и ќе бидат послушни на она што Тој им го кажува да го прават, знаејќи дека тоа е за нивно добро.

Светилиштето ја покажувало Божјата блискост со човештвото и им ги откривало најголемите вистини за тоа како Тој ги спасува оние што му пристапуваат со вера.

## ГОСПОДОВАТА САБОТА

Колку погрешно и да тврдат, оние кои се противат на празнувањето на саботата дека таа била наменета само за Евреите (седмиот ден бил издвоен и осветен во Едем [видете 1. Мојсеева 2,1-3]); или тврдат, пак погрешно, дека Евреите првпат дознале за тоа на Синај (Евреите ја празнувале саботата уште пред Синај [видете: 2. Мојсеева 16,22-29]) – несомнено е дека саботата била во голема мера дел од животот на еврејскиот народ од самиот почеток.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 35,1-3. Која вистина му е повторена на народот во контекст на градењето на светилиштето?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Саботата и нејзината порака биле, се, и секогаш ќе бидат сосредоточени на Бога – кој е Тој и кои се Неговите моќни дела. Саботата нè потсетува на Неговите творечки и спасоносни дела и нашето внимание го насочува кон Бога, кој сака да живее со својот народ. На тој начин, саботата и светилиштето упатуваат во иста насока – на Божјото присуство во нашиот живот.

Саботата на старозаветната црква пренесува порака со повеќе значења. Нејзината суштина може да се сумира во пет клучни точки:

(1) *Бог е Создателот,* а Библијата започнува со ова неверојатно и темелно откровение (1. Мојсеева 1,1). Живиот спомен на Божјото создавање е саботата (1. Мојсеева 2,2.3; 2. Мојсеева 20,8-11). Од оваа вистина – дека Бог е наш Творец – произлегуваат сите други вистини.

(2) *Месија ќе дојде,* а во срцето на таа надеж е Божјето ветување за Семето кое ќе ја победи змијата (сатаната) и ќе извојува победа над злото.

(3) *Бог ќе го воспостави своето царство, а саботата е негова претслика.*

(4) *Спасението доаѓа од Господа,* а Божјиот народ сведочи дека Бог е нивни Спасител и Откупител и дека спасението доаѓа како резултат на Неговата благодат, и единствено на Неговата благодат.

(5) *Бог е врховен судија на сите луѓе. Оние кои упорно му пркосат и се откажуваат од Него, нема да имаат никаква иднина, но Бог бесплатно им дава вечен живот на оние што Го следат.*

**Евреите имаат една изрека: *Повеќе отколку што Израел ја празнуваше саботата, саботата го одржа Израел.* Иако ние, како адвентисти, веројатно не би го изразиле тоа на ист начин, која важна улога игра саботата во животот на нашето црковно семејство?**

## ПРИНОСИТЕ И ДУХОТ

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 35,4 – 36,7. Кои важни лекции се наоѓаат тука за нас денес?**

---

---

За изградбата на светилиштето било потребно изобилство од разни скапоцени материјали, а тоа било собрано благодарение на великодушните донации на Божјиот народ, кој давал од сè срце, доброволно и радосно. Давале злато, сребро, бронза, фино платно, скапоцени камења, уникатни ткаенини, бадемово дрво, маслиново масло, зачини и многу други неопходни работи. Народот, исто така, придонел со својот труд, бидејќи многу специјални предмети морале да се направат со нивната уметничка и вредна работа на скинијата и неговата опрема. Исто така, кројачите морале да ткаат облека за свештениците, кои требало да служат во светилиштето, и за првосвештеникот, чија мошне сложена облека вклучувала и наплеќник и турбан.

Бог изобилно ги благословил Израелците преку даровите што им ги дале Египќаните при нивното излегување од Египет. Сега тие имале можност да ги принесат своите дарови на благодарност за Божјото милостиво и моќно дејствување, и нивните срца биле поттикнати да го извршат ова дело на Негова слава.

Народот давал со таква радост и толку изобилно, што на Мојсеј му било кажано: „Народот принесува повеќе отколку што е потребно“ (2. Мојсеева 36,5). Така, Мојсеј морал да го прекине нивното приложување, „зашто имаше доста принесено за секакви работи што требаше да се направат“ во светилиштето (2. Мојсеева 36,7).

Преку водството на Светиот Дух, Бог го опремил и го оспособил народот да го подигне светилиштето со голема прецизност. Веселеил, Елијав и други биле „исполнети“ со Божјиот Дух (2. Мојсеева 35,31), што значи дека биле обдарени со вештини, мудрост и уметничко знаење за совршено да ја извршат целата работа. Тоа бил огромен проект и морал да биде изграден точно според образецот што Бог му го покажал на Мојсеј.

Значајно е тоа што дарот на Светиот Дух бил поврзан со различните човечки способности и вештини, кои требало да се употребат при изградбата на светилиштето. Да се биде исполнет со Духот не е некој магичен процес, и не значи дека некои посебни духовни сили се наоѓаат во луѓето. За да го унапреди делото и да ја исполни мисијата, Бог ги оспособува Своите следбеници да ги остварат Неговите цели и да го направат тоа добро.

**Кои духовни дарови сте ги примиле вие кога сте биле исполнети со Светиот Дух? Имајте на ум дека духовните дарови можат да цветаат само кога ги негувате плодовите на Духот во вашиот живот (Галатјаните 5,22.23).**

## ПОДИГНАТО СВЕТИЛИШТЕ

**Накратко разгледајте го текстот 2. Мојсеева 36,8–39,31. Што мислите, зошто биле дадени толку изречни упатства? Што нè учи ова за тоа дека Бог се интересира за секој детаљ?**

---

Мојсеј внимателно го подигнал светилиштето, а упатствата примени на горoccupата Синај внимателно се применувале. Библискиот текст го наведува следново: (1) светилиштето со неговите различни материјали, завеси и делови (2. Мојсеева 36,8-38); (2) ковчегот (2. Мојсеева 37,1-9); (3) масата со лебови (2. Мојсеева 37,10-16); (4) светилникот (2. Мојсеева 37,17-24); (5) кадилниот олтар (2. Мојсеева 37,25-29); (6) олтарот за жртви паленици (2. Мојсеева 38,1-7); (7) мијалникот (2. Мојсеева 38,8); (8) дворот (2. Мојсеева 38,9-20); и (9) материјалот што се користел за светилиштето (2. Мојсеева 38,21-31). Текстот од 2. Мојсеева 39 продолжува со опис на ефодот, наплеќникот и другите делови од свештеничката облека.

Службите во светилиштето биле визуелни животни поуки за евангелието, кои го откривале целокупниот Божји план за откупување. Различните церемонии прикажувале (1) колку Бог го мрази гревот и како постапува со него, (2) како ги спасува луѓето што се каат, (3) каква е судбината на злите и (4) како Тој ќе обезбеди славна иднина која ќе биде без зло.

Во светилиштето во текот на годината се вршеле две различни но тесно поврзани служби – дневни и годишни. Оваа служба во две фази илустрирала како Бог се справува со гревот и како ги спасува грешниците. Преку *секојдневните* служби во светилиштето, Бог ги уверувал оние што се покајале дека им ги простил гревовите и милостиво им нудел спасение. За да се прими овој дар на спасение, морало да се принесе жртва, а овие жртви упатувале на смртта на Месија, чија крв „нè чисти од секој грев“ (1. Јованово 1,7). Признавањето на гревовите и прифаќањето на облеката на Христовата праведност се наоѓало во центарот на тој дар (Псалм 32,1.2). На тој начин, покајаниот грешник бил уверен во простувањето и можел да се радува на спасението.

*Годишната* служба, извршена на Денот на помирувањето, покажувала како Бог го искоренува гревот, го решава проблемот со гревот и обезбедува безгрешна иднина (3. Мојсеева 16; Јован 1,29). Во денешно време, двојната Христова служба во небесното светилиште претставува уште еден израз на Божјото дејствување за нас (Евреите 7,25) и ќе го донесе конечното решение за проблемот со злото (Даниел 7,13.14.22.27; Даниел 8,14; Откровение 21,4).

Светилиштето било место за обожавање, прославување на Бога и изразување на благодарност кон Него. Обожавањето подразбира одржување на однос со Бога, кој ги повикува верниците во тоа заедништво.

## БОЖЈОТО ПРИСУСТВО ВО СВЕТИЛИШТЕТО

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 40,1-38. Како Израелците го уочувале Божјото присуство?**

---

Последната глава од 2. Книга Мојсеева (2. Мојсеева 40) го опишува посветувањето на светилиштето и дарот на Декалогот. Посветувањето на светилиштето е врвниот настан на кој Израелците присуствувале во подножјето на Синај.

Божјата слава се Неговата светост, Неговиот карактер и Неговото грижливо присуство, што е самата суштина на добрината (2. Мојсеева 3,5; 2. Мојсеева 33,18.19). Неговото присуство го исполнило светиот шатор и било видливо како облак, славата на Шекината. Книгата 2. Мојсеева завршува со нагласок на Божјото присуство кое ги водело, во вид на облак Господов дење и столб од оган ноќе. На многу реален и моќен начин, еврејскиот народ требало да ја искуси не само реалноста на Божјото постоење, туку и Неговото блиско и постојано присуство додека Тој ги водел.

Мојсеј го подигнал светилиштето во првиот ден од првиот месец од втората година (2. Мојсеева 40,2.17). Тој ги посветил сите – вклучувајќи ги и Арон и неговите синови за свештеници (2. Мојсеева 40,9.13-15) – со масло за помазание. Тој поминал низ Светињата над светињите, Светилиштето и дворот – и сите ги посветил на Господа. За време на овој процес, тој ги воспоставил службите во целото светилиште (видете и 4. Мојсеева 7,1). Само во таа пригода, за време на свеченото посветување на светилиштето, Мојсеј можел да влезе во Светињата над светињите. По ова, само првосвештеникот можел да служи на тоа место, еднаш годишно, на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 16,2.17).

Библискиот текст во три наврати прогласува дека нешто е завршено: (1) на крајот од седмицата на создавањето, Бог го нагласува довршувањето на неговите творечки дела (1. Мојсеева 2,1-3); (2) по завршувањето на работите околу светилиштето, библискиот текст изјавува: „Така ја доврши Мојсеј сета работа“ (2. Мојсеева 40,33); и (3) ова исто така било кажано кога Соломон го завршил градењето на храмот (1. Царевите 7,51).

Оваа поврзаност меѓу Создавањето и израелското светилиште упатува на космичка димензија, на времето кога Господ ќе престојува со откупените на новата земја во Новиот Ерусалим, кој е „Божјата скинија“ (Откровение 21,2.3; споредете со текстот: Откровение 22,1-4).

Божјото исполнување на светиот шатор со Своето присуство (2. Мојсеева 40,34) било голема кулминација на настаните што започнале со раѓањето на Мојсеј, продолжиле со поразот на египетските богови за време на 10-те зла, бегството од Египет, поразот на египетската војска и завршиле, конечно, со Божјото откривање на планината Синај.

**На кои начини, дури и сега, можете да го доживеете Божјото присуство? Зошто е тоа важно?**

## ИСУС СЕ „ВШАТОРИЛ“ МЕЃУ ЛУЃЕТО

**Прочитајте го текстот Јован 1,14. Во која смисла Христовото воплотување е споредено со светиот шатор?**

Исусовото отелотворување е тајна, но и ексклузивно учење со кое откупените ќе се занимаваат низ сета вечност. Апостол Јован тврди дека Христос, преземајќи го на Себе нашето тело, открил дека живее меѓу нас на опиплив начин. Овде, Исус во тело потсетува на Бога од Стариот завет, кој престојувал со Израелците во шаторот кај Синај и во пустината додека патувале кон Ветената земја.

Во текот на своето престојување во тело, Исус живеел со луѓето. Каква незамислива отстапка! Вечниот Бог се спушта кај нас, како еден од нас, за да нè увери дека Тој е навистина „Емануел... Бог со нас“.

Во Матеј 18,20, Исус вели дека, каде што двајца или тројца се собрани во Негово име, Тој ќе биде таму меѓу нив. Христос е со својот народ преку присуството на Светиот Дух. Христос ги повикува Своите следбеници да имаат близок меѓусебен однос со Него: „Ете, стојам пред вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене“ (Откровение 3,20).

**Прочитајте Откровение 21,1-3. Што ни е прикажано овде?**

Новиот Ерусалим ќе слезе од небото на земјата, а Јован објавува: „И чув висок глас од небото како зборува: „Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив – нивниот Бог“ (Откровение 21,3). Во Новиот Ерусалим нема храм (Откровение 21,22) затоа што целиот град е храм, Божјо светилиште. Должината, ширината и висината на градот се еднакви (Откровение 21,16), како што било случајот со Светињата над светињите во светилиштето, кое било во облик на коцка, чиишто страни биле еднакви. И така, во текот на целата вечност, во свет без грев, смрт и страдање, ќе живееме во непосредното присуство на Бога.

**Имајќи го предвид она што ни е ветено во Исуса, како можеме да научиме да истраеме до крај?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Светилиштето и неговите служби“, стр. 353-358 (оригинал).

„На подигањето на светилиштето му претходел божествениот чин на откупување, имено, ослободување на Израел од ропската сила на Египет. Тоа, пак, било следено од Божјата готовност да стапи во траен заветен однос со својот народ. Тој ќе биде нивен Бог, а тие ќе станат негов народ (2. Мојсеева 6,7). Начинот на кој требало да се однесуваат кон Него и едни кон други бил дефиниран со заветниот закон. Светилиштето навистина било место за состаноци, место каде што се состанувале Бог и луѓето. Според тоа, дури по откупувањето и воспоставувањето трајна меѓусебна врска со Бога преку заветот, луѓето имале пристап до Бога во неговото живеалиште“ (*Andrews Bible Commentary: Old Testament, „Exodus“* (Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2020), стр. 226).

Од друга страна, Елена Г. Вајт ја опишува целта на богослужението во светилиштето: „На тој начин со службата вршена во Светилиштето, а подоцна во храмот, народот секој ден бил поучуван на големите вистини во врска со Христовата смрт и со неговата служба; а еднаш годишно мислите им биле упатувани на завршните настани во големата борба меѓу Христа и сатаната – на конечното чистење на вселената од гревот и грешниците“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 358 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Од суштинска важност за службите во светилиштето било пролевањето крв. Се жртвувале разни видови животни и нивната крв се користела во речиси сите храмски обреди. Што симболизирала таа крв и на што, во крајна линија, укажуваат сите тие жртви?**

**2. Колку и да е неверојатно тоа што Бог, Создателот на вселената, дошол да престојува во светилиштето меѓу Својот народ, уште позачудувачки е што дошол да живее меѓу нас како еден од нас, како човечко битие. Дури и тоа, само по себе, претставува неверојатен израз на љубов. А што да кажеме за тоа што се принел Себеси како жртва за гревот – односно, што умрел наместо нас? Што нè учи ова за Божјиот карактер? Исто така, што ни кажува ова за фактот колку Бог сака да нè види спасени во неговото вечно царство?**

**3. Прочитајте го текстот Евреите 8,1-6. Што ни кажува ова за тоа како земното светилиште било одраз на она што Исус сега го прави за нас во небесното светилиште?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ ЈУЛИ

# БОГ НÈ ПОВИКУВА НА МОЛИТВА

### БОГ ЌЕ БИДЕ МИЛОСТИВ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **1. Летописи 16,11** | *Барајте Го Господа постојано* |
| *2. Среда* | **Исаија 27,5** | *Примете сила од Бога* |
| *3. Четврток* | **За Јов 33,26** | *Бог ќе биде милостив* |
| *4. Петок* | **Псалм 38,15** | *Се надевам во Тебе, зашто Ти ќе ме чуеш* |
| *5. Сабота* | **Матеј 6,8** | *Тој ги знае нашите потреби* |

### АКО ГО ПОВИКАМ, ТОЈ ЌЕ МЕ УСЛИШИ

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Псалм 31,22** | *Бог ја слуша молитвата на обесхрабрените* |
| *7. Понеделник* | **Софонија 2,3** | *Бог ќе ве заштити* |
| *8. Вторник* | **Лука 18,7.8.** | *Бог ќе ги заштити Своите избраници* |
| *9. Среда* | **Псалм 91,15.** | *Ако Го повикам, Тој ќе ми одговори* |
| *10. Четврток* | **1. Јованово 3,22** | *Што и да побараме, ќе примиме* |
| *11. Петок* | **Јован 14,13.14** | *Што и да побараме во Неговото име, ќе направи* |
| *12. Сабота* | **Јован 16,24** | *Барајте, за вашата радост да биде полна* |

### БЛАЖЕН Е ОНОЈ ШТО ЧИТА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Матеј 6,6** | *Тајната молитва ќе биде услишена* |
| *14. Понеделник* | **Матеј 18,19** | *Ако двајца се согласат, ќе им биде дадено од Отецот* |
| *15. Вторник* | **Евреите 11,6** | *Верата и верувањето се неопходни* |
| *16. Среда* | **Откровение 1,3** | *Блажен е оној кој чита* |
| *17. Четврток* | **Псалм 42,8** | *Ноќе Неговата песна е со мене* |
| *18. Петок* | **Псалм 4,4** | *Размислете во своите срца* |
| *19. Сабота* | **Псалм 119,15.16** | *Размислувам за Твоите заповеди* |

### БИДЕТЕ ПОСТОЈАНИ ВО МОЛИТВАТА

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Псалм 119,54.55** | *Ноќе го спомнувам Твоето име* |
| *21. Понеделник* | **Псалм 42,1,2** | *Жедна е мојата душа за Бога* |
| *22. Вторник* | **Псалм 143,5** | *Размислувајте за делата на Неговите раце* |
| *23. Среда* | **Дела 6,4** | *Ќе истраеме во молитвата* |
| *24. Четврток* | **Римјаните 12,12.13** | *Бидете постојани во молитвата* |
| *25. Петок* | **Колошаните 1,9** | *Примерот на Павле* |
| *26. Сабота* | **Псалм 116,2** | *Ќе Го повикувам во сите мои дни* |

### ИМЕТО НЕГОВО Е СВЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Псалм 5,3.** | *Наутро ќе Ти се молам* |
| *28. Понеделник* | **Псалм 111,9** | *Неговото име е свето* |
| *29. Вторник* | **Псалм 55,16.17** | *Јас Бога Го повикувам* |
| *30. Среда* | **Псалм 34,1** | *Упатувајте му пофалба на Господа* |
| *31. Четврток* | **2. Мојсеева 25,2** | *Благодарете за сè во молитва и со песна* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

# ПРИЗНАВАЊЕ

### ПОМИРИ СЕ СО БРАТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | ***Јаков 5,16*** | *Признавајте си ги гревовите еден на друг* |
| *2. Сабота* | ***Матеј 5,23-24*** | *Помири се со братот* |

### ЌЕ ГО ПРИЗНААМ МОЕТО БЕЗЗАКОНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | ***Мудри изреки 28,13*** | *Признавањето заслужува милост* |
| *4. Понеделник* | ***За Јов 39,37; 40,4*** | *Еве, јас сум мал* |
| *5. Вторник* | ***Еремија 3,25*** | *Посрамени сме* |
| *6. Среда* | ***Псалм 38,4*** | *Товарот на гревот е претежок* |
| *7. Четврток* | ***Псалм 31,10*** | *Животот ми се троши во жалост* |
| *8. Петок* | ***Псалм 69,5*** | *Бог ја знае мојата безумност* |
| *9. Сабота* | ***Псалм 38,18*** | *Ќе го признаам моето беззаконие* |

### САМО БОГ МОЖЕ ДА ПРОСТУВА

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | ***Псалм 51,3*** | *Ги знам моите престапи* |
| *11. Понеделник* | ***Јован 16,8*** | *Светиот Дух осведочува* |
| *12. Вторник* | ***Псалм 139,23-24*** | *Испитај ме и познај го срцето мое* |
| *13. Среда* | ***Даниел 9,9*** | *Само Бог може да прости* |
| *14. Четврток* | ***Марко 3,28-29*** | *Сите гревови, освен еден, ќе бидат простени* |
| *15. Петок* | ***1. Јованово 1,9*** | *Ако ги признаваме гревовите, Тој е верен да ни ги прости* |
| *16. Сабота* | ***Римјаните 10,10*** | *Признавањето води до спасение* |

### ОТКУПЕНИ СМЕ СО НЕГОВАТА КРВ

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | ***Псалм 32,5*** | *Јас признавам, и Ти простуваш* |
| *18. Понеделник* | ***Исаија 43,25*** | *Тој нема да се сеќава на нашите гревови* |
| *19. Вторник* | ***Лука 6,37*** | *Простете, и ќе ви биде простено* |
| *20. Среда* | ***Ефесјаните 1,7*** | *Откупени сме со Неговата крв* |
| *21. Четврток* | ***Матеј 26,28*** | *Неговата крв е пролеана за мнозина* |
| *22. Петок* | ***Римјаните 3,25*** | *Со вера нашите гревови се очистуваат* |
| *23. Сабота* | ***Откровение 1,5*** | *Христос нè измил со Својата крв* |

### ЖЕЗОЛОТ НА НЕГОВОТО ЦАРСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | ***Откровение 7,14*** | *Тие си ги испраа своите облеки* |
| *25. Понеделник* | ***Ефесјаните 2,13*** | *Вие што некогаш бевте далеку, сега сте близу* |
| *26. Вторник* | ***Евреите 9,12*** | *Не со крв од животни, туку со Својата крв* |
| *27. Среда* | ***Евреите 1,8*** | *Жезолот на Неговото царство* |
| *28. Четврток* | ***Римјаните 5,10*** | *Помирување преку смртта на Неговиот Син* |
| *29. Петок* | ***Евреите 1,9*** | *Христовата праведност може да стане наша* |
| *30. Сабота* | ***Евреите 2,17*** | *Тој станал Првосвештеник* |

### ПРАВЕДНОСТ ИСПОЛНЕТА ВО НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | ***Матеј 3,15*** | *Праведност исполнета во Него* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ

# ПОСВЕТУВАЊЕ

### ДАЈТЕ СЕ СЕБЕСИ НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Римјаните 6,13** | *Дајте се себеси на Бога* |
| *2. Вторник* | **Римјаните 12,1** | *Принесете се себеси* |
| *3. Среда* | **1. Летописи 29,5** | *Кој има добра желба?* |
| *4. Четврток* | **Псалм 119,59** | *„Ги свртувам нозете мои“* |
| *5. Петок* | **Лука 14,33** | *Откажете се од сè заради Него* |
| *6. Сабота* | **1. Летописи 28,9** | *Служи Му на Бога доброволно* |

### ЧИСТА СОВЕСТ

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Псалм 51,17** | *Бог сака скрушено срце* |
| *8. Понеделник* | **Исус Навин 24,15** | *Ќе Му служиме на Господа* |
| *9. Вторник* | **Лука 5,28** | *Одлуката на ученикот* |
| *10. Среда* | **1. Јованово 2,6** | *Искреност* |
| *11. Четврток* | **Дела 24,16** | *Чиста совест* |
| *12. Петок* | **Тит 2,11.12** | *Трезвеност, побожност* |
| *13. Сабота* | **Дела 21,13** | *Верност до смрт* |

### БОЖЈЕТО ВОДСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Псалм 119,33** | *Послушност* |
| *15. Понеделник* | **Псалм 5,11** | *Радост* |
| *16. Вторник* | **Јован 14,27** | *Мир* |
| *17. Среда* | **Псалм 105,43-45** | *Божјето водство* |
| *18. Четврток* | **Мудри изреки 30,5** | *Бог е мој штит* |
| *19. Петок* | **Псалм 40,2** | *Тој ги утврди моите стапки* |
| *20. Сабота* | **Псалм 40,3** | *Тој дава нова песна* |

### ИСУСОВАТА ПОСВЕТЕНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Мудри изреки 18,10** | *Неговото име е мое засолниште* |
| *22. Понеделник* | **Мудри изреки 21,21** | *Праведноста носи чест* |
| *23. Вторник* | **Псалм 119,165** | *Посветеноста носи мир* |
| *24. Среда* | **Филипјаните 2,8** | *Исусовата посветеност* |
| *25. Четврток* | **2. Коринќаните 8,3-5** | *Посветеноста на Македонците* |
| *26. Петок* | **Евреите 11,24-26** | *Посветеноста на Мојсеј* |
| *27. Сабота* | **Лука 21,3.4** | *Посветеноста на сиромашната вдовица* |

### ПОСВЕТЕНОСТА НА ЕЛИСЕЈ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **1. Самоилова 2,26** | *Посветеноста на Самуил* |
| *29. Понеделник* | **Ефесјаните 6,19.20** | *Посветеноста на Павле* |
| *30. Вторник* | **1. Царевите 19,20** | *Посветеноста на Елисеј* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| **5.** | 120-121 |
| | |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| **12.** | 140-142 |
| | |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| **19.** | 13-15 |
| | |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| **26.** | 4-6 |
| | |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| **2.** | 4-6 |
| | |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| **9.** | 27-29 |
| | |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| **16.** | 50-52 |
| | |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| **23.** | 7-8 |
| | |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| **30.** | 30-32 |
| | |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| **6.** | Плач 1-3 |
| | |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| **13.** | 16-18 |
| | |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| **20.** | 39-41 |
| | |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| **27.** | 4-6 |
| | |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| ***Јули*** | ***Август*** | ***Септември*** |
|---|---|---|
| 1. Псалм 1. | 1. Псалм 29. | 1. Псалм 56. |
| 2. Псалм 2. | **2.** Псалм 30. | 2. Псалм 57. |
| 3. Псалм 3. | 3. Псалм 31,1-14. | 3. Псалм 58. |
| 4. Псалм 4. | 4. Псалм 31,15-24. | 4. Псалм 59. |
| **5.** Псалм 5. | 5. Псалм 32. | 5. Псалм 60. |
| 6. Псалм 6. | 6. Псалм 33. | **6.** Псалм 61. |
| 7. Псалм 7. | 7. Псалм 34. | 7. Псалм 62. |
| 8. Псалм 8. | 8. Псалм 35,1-14. | 8. Псалм 63. |
| 9. Псалм 9. | **9.** Псалм 35,15-28. | 9. Псалм 64. |
| 10. Псалм 10. | 10. Псалм 36. | 10. Псалм 65. |
| 11. Псалм 11. | 11. Псалм 37,1-19. | 11. Псалм 66. |
| **12.** Псалм 12. | 12. Псалм 37,20-40. | 12. Псалм 67. |
| 13. Псалм 13. | 13. Псалм 38. | **13.** Псалм 68,1-35. |
| 14. Псалм 14. | 14. Псалм 39. | 14. Псалм 61,1-16. |
| 15. Псалм 15. | 15. Псалм 40. | 15. Псалм 69,17-36. |
| 16. Псалм 16. | **16.** Псалм 41. | 16. Псалм 70. |
| 17. Псалм 17. | 17. Псалм 42. | 17. Псалм 71,1-14. |
| 18. Псалм 18,1-15. | 18. Псалм 43. | 18. Псалм 71,15-24. |
| **19.** Псалм 18,16-30. | 19. Псалм 44,1-12. | 19. Псалм 72. |
| 20. Псалм 18,31-50. | 20. Псалм 44,13-26. | **20.** Псалм 73,1-15. |
| 21. Псалм 19. | 21. Псалм 45. | 21. Псалм 73,16-28. |
| 22. Псалм 20. | 22. Псалм 46. | 22. Псалм 74. |
| 23. Псалм 21. | **23.** Псалм 47. | 23. Псалм 75. |
| 24. Псалм 22,1-15. | 24. Псалм 48. | 24. Псалм 76. |
| 25. Псалм 22,16-31. | 25. Псалм 49. | 25. Псалм 77. |
| **26.** Псалм 23. | 26. Псалм 50. | 26. Псалм 78,1-14. |
| 27. Псалм 24. | 27. Псалм 51. | **27.** Псалм 78,15-28. |
| 28. Псалм 25. | 28. Псалм 52. | 28. Псалм 78,29-42 |
| 29. Псалм 26. | 29. Псалм 53. | 29. Псалм 78,43-56. |
| 30. Псалм 27. | **30.** Псалм 54. | 30. Псалм 78,57-72. |
| 31. Псалм 28. | 31. Псалм 55. | |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ЈУЛИ 2025

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| **Виница** | **20:10** | **20:07** | **20:03** | **19:57** |
| **Колешино** | **20:07** | **20:04** | **20:00** | **19:54** |
| **Стар Дојран** | **20:06** | **20:04** | **20:00** | **19:54** |
| **Куманово** | **20:14** | **20:11** | **20:07** | **20:01** |
| **Неготино** | **20:10** | **20:07** | **20:03** | **19:57** |
| **Струмица** | **20:08** | **20:05** | **20:01** | **19:55** |
| **Кочани** | **20:10** | **20:08** | **20:03** | **19:57** |
| **Велес** | **20:12** | **20:09** | **20:05** | **19:59** |
| **Кавадарци** | **20:10** | **20:08** | **20:03** | **19:58** |
| **Дебар** | **20:16** | **20:14** | **20:10** | **20:04** |
| **Скопје** | **20:14** | **20:12** | **20:07** | **20:02** |
| **Битола** | **20:11** | **20:09** | **20:05** | **19:59** |
| **Кичево** | **20:15** | **20:12** | **20:08** | **20:02** |
| **Лаки** | **20:09** | **20:06** | **20:02** | **19:56** |
| **Чифлик** | **20:09** | **20:07** | **20:02** | **19:57** |
| **Штип** | **20:10** | **20:08** | **20:04** | **19:58** |
| **Тетово** | **20:16** | **20:14** | **20:09** | **20:03** |
| **Јегуновце** | **20:16** | **20:13** | **20:09** | **20:03** |
| **Росоман** | **20:11** | **20:08** | **20:04** | **19:58** |
| **Гевгелија** | **20:07** | **20:05** | **20:01** | **19:55** |
| **Свети Николе** | **20:12** | **20:09** | **20:05** | **19:59** |
| **Делчево** | **20:09** | **20:06** | **20:02** | **19:56** |
| **Валандово** | **20:07** | **20:05** | **20:01** | **19:55** |
| **Охрид** | **20:14** | **20:11** | **20:07** | **20:02** |
| **Радовиш** | **20:09** | **20:06** | **20:02** | **19:56** |
| **Прилеп** | **20:12** | **20:09** | **20:05** | **19:59** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2025 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 19:50 | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Колешино | 19:47 | 19:39 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Стар Дојран | 19:47 | 19:39 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Куманово | 19:53 | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:13 |
| Неготино | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Струмица | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Кочани | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Велес | 19:52 | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:12 |
| Кавадарци | 19:50 | 19:42 | 19:33 | 19:22 | 19:11 |
| Дебар | 19:57 | 19:48 | 19:39 | 19:28 | 19:17 |
| Скопје | 19:54 | 19:46 | 19:36 | 19:25 | 19:14 |
| Битола | 19:52 | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Кичево | 19:55 | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:15 |
| Лаки | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Чифлик | 19:49 | 19:41 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Штип | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Тетово | 19:56 | 19:47 | 19:38 | 19:27 | 19:16 |
| Јегуновце | 19:56 | 19:47 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Росоман | 19:51 | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Гевгелија | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Свети Николе | 19:52 | 19:43 | 19:34 | 19:23 | 19:12 |
| Делчево | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Валандово | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Охрид | 19:54 | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Радовиш | 19:49 | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Прилеп | 19:52 | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:21 |
| Колешино | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Стар Дојран | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Куманово | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Неготино | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Струмица | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Кочани | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Велес | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:24 |
| Кавадарци | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Дебар | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:29 |
| Скопје | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Битола | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Кичево | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Лаки | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Чифлик | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Штип | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Тетово | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Јегуновце | 19:04 | 18:52 | 18:39 | 18:27 |
| Росоман | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Гевгелија | 18:57 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Свети Николе | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Делчево | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:20 |
| Валандово | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Охрид | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Радовиш | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Прилеп | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**